Универзитет „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје

Филозофски факултет

Докторски студии на Институтот за социологија

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

# УЛОГАТА НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА ВО РАЗВИВАЊЕТО НА РЕЛИГИСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА КАЈ МУСЛИМАНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ментор:

Проф. Д-р Зоран Матевски

Кандидат:

М-р Фатмир Заими

СКОПЈЕ, 2018

## ВОВЕД

Живееме во време кога потребата од дијалог и религиска толеранција е поголема од било кога, и истата како никогаш досега, влијае врз заштитата и одржувањето на глобалната безбедност и безбедноста на сите граѓани во Р. Македонија.Религиите како чувари на духовното, влијаат врз развојот на човекот и неговите погледи кон светот, а миротворното однесување носи плод на соживот и хармонија за сите. Во последно време се повеќе се интензивни истражувањата кои се бават со религијата и степенот на религиозноста кај населението во рамките на различни научни дисциплини, како што се: социологијата, антропологијата, психологијата, и сл.

Од аспект на мултидимензионалноста на предметот на истражување, различните науки настојуваат да ја истражат религиозноста, степенот на религиозноста и религиската толеранција. Исламот како религија и ИВЗ воспоставуваат рамнотежа во сите сегменти и тоа, помеѓу духот и материјата, срцето и разумот кај луѓето, помеѓу должностите и правата и др.Докторската дисертација има за цел да го истражи влијанието на ИВЗ во развивањето на религиската толеранција кај муслиманите во Република Македонија. Основната човекова вредност е да се постигне толеранцијата помеѓу поединците од различни вери, бидејки тука нема место за расна, класна, национална и верска дискриминација.Луѓето постојано се изложени на влијанија од страна на општествените, политичките, економските и културните настани, кои не секогаш се во можност да се справат со предизвиците.

Религијата има големо влијание и значење за човештвото, поради тоа се поставуваат прашања од типот: под кои околности таа ги соединувала луѓето да веруваат во нешто?; на кој начин религијата располага со животите на луѓето?; како ги мотивирала луѓето да бидат подготвени да се жртвуваат за поедини религиски идеали.Религијата е пред се основата на постоење и развој на една заедница. Ритуалот кој се спроведува од религиозни причини е еден од елементите на религиозност, при што религијата останува битен елемент на заедницата во која постои како таква, и во која сме ние како конститутивен

дел.Религијата е еден од најстарите облици на општествена свест, која на мистиченначин го одржува објективниот свет. Религијата можеме да ја дефинираме и како духовнаповрзаност на една група луѓе со некое високо свето суштество, односно Бог.

Бог (насанскритски јазик значи "господар на лебот„) е човечка замисла за некоја натприроднасила. Затоа религијата се сфаќа како организиран збир или структура на мислите (учења, верувања) на чувствата, симболите и култните работи врзани за "натприродното суштество„.Од ова се гледа дека религијата има свои составни елементи. Религијата не е само верување во натприродните сили, туку и обид религиозниот човек даим се приближи, и да се здобие со нивна наклонетост. Суштината на религијата е во тоа што ги насочува верниците кон одредено однесување и поведение кое овозможува одржување на општествениот поредок. Неизбежно е да се нагласи дека религијата им нуди на луѓето еден поглед на живот, кој е во согласност со учењето на одредена конфесија. Самото манифестирањето на религиозноста е индикатор за прифатеноста на религијата од страна на луѓето.

Религијата има општествен карактер. Настаната е како производ на општеството и како резултат на заедничкиот живот на луѓето. На нив им претстои појавата на свеста иговорот. Таа не можела да се појави како резултат на индивидуалната работа и свест напоединецот, туку како нужно општествен производ во процесот на општествениот живот.Познато е дека уште најстарите археолошки ископувањаукажуваат на религиозни луѓе во таа доба. Тоа посебно се гледа по нивното погребувањена мртвите, или односот спрема смртта. Така со право може да се каже дека религиозноста или верувањето на луѓето во тоа време се објаснува со непостоење на познавање на физичките закони кои се заменуваат со натприродни сили. Ова истражување треба да одговори на прашањето: далиИВЗ влијае врз толеранцијата кај муслиманското население? Дали толеранцијата ја гради преку механизмите на остварување на поддршка, мир, поврзаност на муслиманското население со својата религија и толеранција кон другите религии во Р. Македонија.

Во докторската дисертација е презентиран социолошкиот феномен – религијата, односно религиозноста и толеранцијата кај одредена популација,

односно. кај муслиманите во Република Македонија.Докторската дисертација е поделена на два дела: теоретски и емпириски дел. Имајќи предвид дека Р. Македонија е мултиконфесионално и мултиетничко општество, потребно е поттикнување на религиската толеранција кај муслиманската популација. Градењето на принципот на религиска толеранција е задача на повеќе општествени чинители. Во докторската дисертација се презентираат теоретските сознанија за показетелите на толеранцијата, можните крајности и недостатоци, воедно објаснувајќи го концептот на живеење со разлики.

Проследен е развојот на верската толеранција, од страна на Исламската Верска Заедница во Република Македонија. Акцентот е ставен на развојот на религиската толеранција кај муслиманите во Република Македонија, и улогата на Исламската Верска Заедница врз религиската толеранција кај муслиманите на ниво на Република Македонија.Вниманието на ова истражување е насочено кон религиозноста, при што е нагласена улогата на Исламската Верска Заедница врз толеранцијата кај муслиманите во државата. Докторската дисертација прави обид експлицитно да ја објасни религиската толеранција, односно да увидикои фактори влијаат на неа, и да се определи колкава и која е улогата на Исламската Верска Заедница во креирање на таа толеранција кај муслиманското население на ниво на држава.Направени се статистички анализи кои се во функција на проверка на поставените хипотези и субхипотези за ова истражување.

Тука се потенцира големото влијание на религиските верски организации врз религиска толеранцијата кај муслиманското население.Во структурата на личноста на човекот посебно место зазема толеранцијата. Таа е императив исклучиво на човековиот род. Прифаќањето на другите личности и нивните ставови го определуваме како толерантност на човекот. Човекот е толерантен и во ситуации кога не се согласува со другите луѓе. Свесноста за постоењето на разновидни погледи кон светот, умереноста кон другите кои мислат поинаку. упатува на духовно изграден човек. Духовно изградениот човек има сила и доблест да прифати дека постојат поинакви ставови и гледишта од неговите, а не претставува негова слабост или немоќ.

Толеранцијата е карактеристика само на изградените и силните личности. Толерантноста не подразбира откажување од своите ставови и мислења, туку дава можност за нивно проширување, продлабочување, а

понекогаш и реконструирање.Ставот што личноста ја има кон гледиштата на некоја друга личност е толеранцијата, а нејзиното остварување или чинот на остварување е преку однесувањето што се има кон другата личност што рефлектира поинакви ставови. Во однос на мислењето или продуктите на процесот на мислење како што се ставови, начела, правила, толеранцијата не познава граници, границите се поставени во сферата на однесувањето. Конвертирањето на верниците во фанатици, ќе биде избегнето со негување на толеранцијата во процесот на мислењето и постапувањето.

Живеењето во време на постојани трансформации и промени во општествениот простор, ја наметнува улогата на религијата како општествена појава. Религијата е значајна општествена појава која го зазема своето место во општествените рамки, и има голема улога во општествениот свет. Имајќи предвид дека религијата е мултифункционална појава, на крајот на дваесеттиот век, на просториите на поранешна Југославија, нејзината функција за идентификација дојде до израз.Перцепцијата за религијата после крвавите војни на просторите на поранешна Југославија е целосно изменета. Во македонското општество постоењето на религиската толеранција се наметна како неопходност.Општествениот контекст на македонското современо општество упатува да се живеее со другите без разлика на нивната вера.

Имајќи предвид дека во земјите на Централна и Источна Европа се практикуваат принципите на демократијата, односно живеењето на сите луѓе заедно без разлика на нивната религија и култура, е модел кој покажува посебен интерес кон Република Македонија, со цел да го вгради во своето општествено опстојување. Во Република Македонија постојат повеќе религиски заедници и затоа е и дефинирана како мултиконфесионално и мултиетничко општество. Порано, Р.Македонија беше пример како различни религиски групи живеат заедно, соработуваат, творат, а секоја група го негува своето историско и културно наследство. Но, низа настани кои го одбележаа изминатиов период укажуваат дека, таквата состојба во денешно време е непостоечка, односно сликата за совршено живеење на различните религиски заедници не е реалност.

За да се надмине ваквата состојба, потребно е поттикнување на религиската толеранција помеѓу религиските конфесии. Тука треба да се нагласи големата улога на Исламската Верска Заедница, за потикнување на

религиската толеранција кај муслиманската популација. Градењето на принципот на религиска толеранција е задача на повеќе општествени чинители. Нагласена е потребата од соживот меѓу различни религиски конфесии, а религиската толеранција е начин како да се дојде до тоа. Република Македонија претставува целина во која заедно живеат повеќе религии, култури, кои имат различен вредносен систем, и различни искуства. Токму поради тоа предмет на истражување на докторската дисертација, ќе биде влијанието на Исламската Верска Заедница врз религиската толеранција кај муслиманското население, и претставувањето на улогата на Исламската Верска Заедница врз креирање на соживот и толеранција кај муслиманите со другите верски заедници. Ова истражување дава јасна слика за еден таков феномен, воедно и презентирање на улогата на толеранцијата во интегрирачките процеси во Македонското општество во периодот по осамостојувањето на Република Македонија. Исто така истражувањето укажува на важноста, но, и на неопходноста од јасна слика за феноменот религиска толеранција, и влијанието на Исламската Верска Заедница во креирање на религиска толеранција кај муслиманското население.

# I. МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Концептот на толеранцијата се развил во модерна Европа и се променил за време на својот развој. Толеранцијата како поим има и социјален и полемички контекст на верската толеранција. "Навистина оние кој што веруваа, па и оние што беа Евреи или Христијани и Сабијци и оние кој што во Единствениот Бог верувале и добри дела чинеле, навистина ги чека награда од нивниот Господар, тие од ништо нема да стравуваат и за ништо нема да тагуваат" (Куран, 5:69). Во исламскиот закон, Евреите и Христијаните се сметаат за инфериорни наспроти Муслиманите, но супериорни во однос на другите немуслимани. Еврејската заедница во Османлиската Империја имала посебен заштитен статус, при што верниците ја практикувале својата религија како и Христијаните.

Во докторската дисертација се поставени прашања кои се однесуваат на религиската толеранција и Исламската Верска Заедница:

-Дали Исламската Верска Заедница апелира на еднакво уживање и права на сите религии во државата?

-Дали Исламската Верска Заедница е заштитник на идентитетот на државата?

- Дали Исламската Верска Заедница позитивно влијае врз учењата на сите религии во Република Македонија?

-Дали Исламската Верска Заедница има влијание врз учењето за другите религии во Република Македонија?

-Дали Исламската Верска Заедница го забранува учењето за другите религии во Република Македонија?

-Дали Исламската Верска Заедница придонесува за градење на клима на разбирање помеѓу сите граѓани во Р. Македонија?

- Дали Исламската Верска Заедница забранува носење на религиски симболи на јавни места?

-Дали Исламската Верска Заедница во соработка со Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија верска заедница дава чувство на сигурност и толеранција помеѓу граѓаните во Р. Македонија?

## 2.ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предметот на ова истражување, е да се утврди влијанието и улогата на Исламската Верска Заедница во Република Македонија во потикнување на религиската толеранција кај муслиманското население. Главниот дел на ова истражување се состои од анализата на емпириските резултати од истражувањето, кое го утврдува влијанието и улогата на Исламската Верска Заедница во креирање на толеранцијата кај муслиманското население. Основната цел на ова истражување се однесува на Исламската Верска Заедница, и нејзиното влијание врз религиската толеранција кај муслиманското население.

Религиска самоидентификација е поделена во два дела:*Основно теолошко – доктринарно познавање на сопствената вера*

*Религиска пракса (ортопраксија)*

Во склад со ова,утврдуваме каква е религиозноста кај муслиманите во однос на религиската свест, религиското однесување, практикување и поврзаност на религиската свест и однесување, односно практикување. Ова истражување дава јасна слика за религиската толеранција, а со тоа се определени и насоките за нејзиното општествено дејствување. Истражувањето придонесува и за утврдување на дејствувањата и на улогата наИсламската Верска Заедница во ова насока и ова поле. Предмет на истражувањето е муслиманската популација во Република Македонија.Пројавувањето на религиската нетолеранција кај муслиманското население и утврдувањето на причините на нејзиното постоење можат да се искористат како база за понатамошни ангажмани на општеството, со кое самото општество ќе се бори да ги надминесите негативности и ќе соодвествува со модерните општества во кои меѓусебно се испреплетени различните религии.

Националниот идентитете во корелација со религискиот идентитет во Република Македонија и истиот влијае врз степенот и начинот на изразување на религиската толеранција помеѓу граѓаните од сите религии.

Истражувањето дава анализа и соодветни податоци со кои преку соодветни програми ќе се надмине како можен фактор на религиската нетолеранција, која носи со себе разни конфликти и несогласувања помеѓу луѓето од различни религии. Целите на истражувањето се делат на :

- ***теоретска***
- ***методолошка и***
- ***практична цел***

***Теоретската цел*** – е воспоставување на терминологијата поврзана со религијата, религиската толеранцијаиИсламската Верска Заедница.

***Методолошката цел*** – е дизајнирање или адаптирање на постоечките инструменти за откривање и мерење на влијанието на Исламската Верска Заедница врз религиската толеранција кај населението со муслиманска вероисповед во Република Македонија.

***Практичната цел*** на ова истражување – е да се определи модел со кој Исламската Верска Заедница ќе применува и успева да влијае на религиската толеранција кај муслиманите, и да се определат битните фактори кои позитивно влијаат врз принципот на религиска толеранција кај муслиманите во Република Македонија. Тие би се подржале преку разните закони, разни медиуми, кампањи и сл. Факторите кои негативно влијаат врз религиската толеранција, ќе се маргинализираат, а со тоа ќе се спречат можните конфликти како резултат на верска нетрпеливост.

Исто така како резултат од истражувањето се дефинираат условите, факторите и моделите на влијанието на Исламската Верска Заедница врз воспоставување на религиска толеранција кај муслиманите во Република Македонија.

Во ова истражување кое е повеќедимензионално поради основните податоци за испитаниците од муслиманска вероисповед вклучуваат индикатори со голем број на варијабли.

- Индикатори кои се однесуваат на верувањето во Бога
- Индикатори кои се однесуваат на религиското практикување

- Индикатори кои се однесуваат на влијанието на Исламскита Верска Заедница врз религиската толеранција

На овој начин под религиозност подразбираме верување во Бога, познавање на теолошката доктрина, практикување на ритуали кои религијата ги пропишува и моделите на однесување (морал) која религијата го наметнува. Во концептуалната рамка важно е да се нагласи дека во истражувањето се важни основни подконцепти и поими кои се од мултидимензионален карактер. Поимот се однесува на религиозноста која се одредува како индивидуален аспект на религијата.Верските заедници се всушност специфични општествени здруженија кои ги промовираат одредените обрасци на однесување и имаат влијание на религиската толеранција кај муслиманското население (Berkman,1985; BerkmanandSyme,1979). Во истражувањето се користат индикатори на религиска самоидентификација, групна и индивидуална религиска пракса и религиски верувања. За проценка на религиска пракса се користат индикатори кои ја мерат зачестеноста на учествување во обредиво исламскитеверски објекти. Што се однесува до Исламската Верска Заедница како социјални ресурси се појавуваат две димензии: социјалниот капитал и подршката која верската заедница може да ја пружи кај своите членови. Суштината на истражувањето е да се утврди интензитетот на практичното имплементирањена религиската толеранција од страна на Исламската Верска Заедница во Република Македонија.

## 3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 3.1.НАУЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето има за цел да утврди дали постои поврзаност, и колкав е степенот на влијание на Исламската Верска Заедница (ИВЗ) врз религиската толеранција кај муслиманското население во Република Македонија.Согласно предметот на ова истражување основната цел на ова истражување е,да се утврди улогата на Исламскита Верска Заедница врз имплементирањето на религиската толеранција кај муслиманите во Република Македонија, и

воспоставување на соживот помеѓу сите граѓани од различна верска определба.

## 3.2. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- Да се утврдат најзначајните фактори кои влијаат врз религиската толеранција кај муслиманите во Република Македонија;
- Да се потенцира религиската толеранција како општествено пожелно однесување кај муслиманите во ситуација на мултиконфесионална и мултинационална реалност;
- Да се утврди дали Исламската Верска Заедница е промотор и пример на религиска толеранција кај муслиманската популација;

*Во истражувањето се конкретизирани и дефинирани посебни задачи:*

- Да се испита колку често верниците ги посетуваат верските објекти(џамиите).
- Да се одговори од која причина муслиманите доаѓаат во верските објекти, и дали тука има влијание Исламскита Верска Заедница.
- Која е улогата на муслиманите во верските објекти.
- Која е улогата на Исламската Верска Заедница врз религиската толеранција.
- Колку муслиманите ја познаваат својата религија односно, колку од муслиманите веруваат во Бога.

## 3.3.ОПШТЕСТВЕНО – ПРАКТИЧНА ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Преку ова истражување се добива една јасна слика за улогата и влијанието на Исламската Верска Заедница во Република Македонија, и нејзиното влијание врз религиската толеранција кај муслиманското население. Сето ова ќе им помогне на релевантните фактори во државата да изградат еден систем за потикнување на соживот помеѓу сите граѓани од различна верска вероисповест во Република Македонија.

# 4.ХИПОТЕТИЧКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 4.1. ГЕНЕРАЛНА ХИПОТЕЗА

***Нивото на религиската толеранција кај муслиманите во Република Македонија е под директно влијание на Исламската Верска Заедница, а е истовремено поврзано со нивното верување во Бога, традиционалната верска пракса и религиската едукација.***

## 4.2. ПОСЕБНИ ХИПОТЕЗИ

- Нивото на религиската толеранција кај муслиманите е под директно влијание од дејствувањето на најголемата религиска организација во Република Македонија (ИВЗ).
- Интензитетот наверувањето во Бога влијае врз религиската толеранција кај муслиманите во Република Македонија.
- Интензитетот на применувањето на традиционалната и инхерентната пракса,има влијание врз религиска толеранција кајмуслиманите во Република Македонија.
- Религиската едукација на верниците од исламска вероисповед влијае, врз религиска толеранција кајмуслиманите во Република Македонија.

## 4.3.ПОЕДИНЕЧНИ ХИПОТЕЗИ

- Исламската Верска Заедница влијае врз идејата дека треба да се изучучуваат сите религии во Република Македонија.
- Исламскита Верска Заедница укажува дека почитувањето на другите вери е израз на почитување на својата вера.
- Исламскита Верска Заедница нема ништо против мешаните бракови
- Исламскита Верска Заедница придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција на сите граѓани во Република Македонија.
- Дискусиите за религиски прашања можат да бидат одлична основа за подобро меѓусебно запознавање помеѓу верниците од различна конфесионална припадност.

- Исламскита Верска Заедница потпомага во дружење со припадници од иста вера, и влијае врз зачувување на верскиот идентитет.

# II. ТЕОРЕТСКА ФУНДИРАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПОЈМОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА

### 1.1. ШТО Е РЕЛИГИЈА?

Хиндуизмот, Јудаизмот, Христијанството и Исламот делуваат како различни системи на верувања, бидејки се движат од политеизам до монотеизам, со потполна рамнодушност кон прашањето дали Бог постои или не. Човекот живее во свет од идеи кои ги создал тој самиот, низ низа поколенија и векови. Луѓето станале свесни за себе откако станале свесни за физичкиот свет околу себе. Притоа. накусо се повторувала интелектуалната историја на нивниот вид. Секоја религија дава свое видување за природата и за човековото постоење, при што успеале да ги задржат луѓето да остварат морален живот, и притоа им влеале едно чувство на единство и на припадност на истомисленици.Во време на постмодернизацијата и развојот на глобализацијата во 21 век, влијанието и значањето на поимот религија и религиозност не се намалуваат. Некои светски автори тврдат дека модернизацијата има големо влијание врз опаѓањето на религијата и религиозноста и на целото општество, а пред се и на индивидуалната свест, но ова се покажало неточна констатација поготово на индивидуално ниво.

Религијата има значајна улога во секојдневниот живот на луѓето. Таа секојдневно се менува и прилагодува на општествените и политичките опкружувања. За разлика од многутемислења на експертите, религијата, не е исчезната, туку напротив таа сè уште игра значајна улога во животот на луѓето и е еволуирана и обновена во новите општествени и политички околини.Во човечката историја религијата заземала централно место, влијаејки на нашите сваќања и на средината во која живееме. Таа е претставена како извор на личните успеси и на подршката, иако многу често се соочувала со многу борби и пречки. Самото проучување на религијата е многу голема работа бидејки, поседува специфичен вид на социолошка имагинација. За да ја разбереме

суштината на религијата треба пред се, да ги анализираме и да ги сватиме верувањата и ритуалите кои се присутни во многу култури, а исто така да бидеме отворени и за идеалите кои пред се, го инспирираат убедувањето на верниците. Сите треба да се набљудуваат со големо внимание.

Со самото разоткривање за религијата, се отвараат многу прашања а тоа е поради што, религијата имала големо влијание и значење за човештвото, под кои околности таа ги соединувала луѓето да веруваат во нешто, и на кој начин религијата располагала со животите на луѓето, а пред се како ги правела луѓето да бидат подготвени да се жртвуваат на поедини идеали.Сите настанати осцилации кои се појавуваат во степенот на религиозноста и на самата поврзаност на религијата и на верските заедници, како и самото влијание на религијата во општеството, било да се тие спонтани или пак наметнати од разни причини како што се социјални, политички и сл., се предмет на истражување кои имаат за цел да ја согледаат реалната слика која е појавена, но и понатамошниот развој на религијата и општеството.

Свесни сме дека развојот на светската глобализација го загрозува идентитетот на луѓето, а со тоа се поттикнува поголемата врзаност на луѓето за својата нација и религија, а исто така се повеќе расте значењето на религијата и поврзаноста кон верските заедници. Социологија на религијата, пред се, ги следи секојдневните промени во една или друга струја. Таа има два извора на настанување.Од една страна е религијата, која постојано ја следи во сите општества со сите свои помали или поголеми влијанија, а додека од другата страна, е научната методологија.Функцијата на религијата во општеството, е да ги врзе луѓето во времето и во одредениот простор, да ги врзе за живот во својата заедница. Во тој случај, ако сите религии работат на своето поврзување помеѓу луѓето, претставуваат темел за верска толеранција но, ако се злоупотреби идентитетот, во тој случај, може да се појават меѓусебни конфликти.

Првите облици на религијата се јавуваат уште во првобитната заедница, како последица на човековото видување дека многу работи во природата се случуваат безнегова волја и дека тој на тие појави не може да влијае ниту пак да ги контролира колку ида се труди. Такви појави се на пример: суши, поплави, громови, молњи и слично (Vrcan, 2001). Така, кајчовекот се јавува идеја за постоење на натприродни сили. Во човековиот умнастануваат првите облици

на богови, кои симболизираат моќ која суеверно владее сочовековото постоење. Така човекот настојува тие виши сили да ги скроти со молитви ижртвување. Историското знаење за религијата датира некаде околу четвртиот милениум пред нашата ера. Општото верување тогаш е наречен пантеизам и политеизам,дека древниот човек нема еден бог, туку повеќе и насекаде.

Племенските народи верувале дека се опкружени од невидливи сили. Во време на општествена, културна, техничко – технолошка и економска модернизација, доведува до потикнување на религијата и религиозноста. На луѓето им е потребна стабилна заедница, морален пропис и сл. Религијата се опишува како урбан феномен, со поголема религиозност на младите луѓе во однос на нивните родители.Голем е бројот на теоретичари кои се сложуваат и го прифаќаат етимолошкото значење на поимот религија од латинскиот збор religio, и тука се пронаоѓа и утврдува етимолошкото значење на зборот религија. Пред многу години, во пештерите во Франција и Шпанија се откриени спектакуларни слики од кои некои се проценети дека датираат од 15 илјади години, а некои се дури и постари.

Овие слики претставуваат интерес за истражувачите на религиите, бидејки имаат магична вредност и се цел на интересот за откивање на тајните поврзани со религиите. Религијата може да се дефинира и како општествена појава која подлежи на некои одредени закони, и може да се согледа како духовна поврзаност на една група на луѓе со некое вишо, свето битие односно со Бог или Божество. Религијата е еден од најраспространетите културни и духовни феномени. Таа е присутна во секоја човечка заедница во текот на целиот историски развој. Се јавува во најразлични форми на верувања и ритуали. Таа тешко може да се дефинира. Според Вуко Павичевиќ (Pavičević, 1980:17), религијата е организиран збир на верувања, чувства, симболи, морални норми поврзани со замислата за вонземското битие, а за кои се грижи посебна организација.

Религијата може да се проучи на повеќе начини. Може да се проучи на кој начин верниците ја доживуваат својата религија во секојдневното живеење. Исто така може да се проучи религијата од дадените изјави од луѓе како ја доживуваат својата религија, а можни се и опишување на делови од една религија во склоп на едно општество во кое делува и култура, а притоа од тука

може да се видат и разните причини, последици кои настануваат од нејзиното делување и сл. Во рамките на социологијата на религијата, постојат две спротивставени традиции, Диркемовата и Веберовата.

Додека Диркем (Dirkem,1982), бил заинтересиран за социјалните функции на религијата воопшто, поврзано со социјалната интеграција, Макс Вебер (Veber, 2011), првенствено бил насочен кон прашањето на теодицејата (објаснувањето на фундаменталните морални проблеми поврзани со смртта, страдањето и злото) и споредбеното проучување на стремежот за спасение. Исто така, социологот Вебер идентификувал две главни религиски ориентации кон светот - мистицизам и аскетизам. Вебер се интересирал за религиските ставови за економијата. Од гледиште наобјективниот пристап, религијата не можеда се изучува како секоја друга појава, а субјективниот пристап бара друг пристап кон религијата од останатите предмети.

Исто така се смета дека, не може да се порекне ниту субјективното, ниту објективното кај религијата затоа што, таа е синтеза од тие два пристапи. Во зависност од политичко општествената ситуација и идеологија, постојат повеќе толкувања за религијата. Бројниавтори истакнуваат одредени аспекти на религијата како најбитни, па поради тоа не елесно да се даде единствена сеопфатна дефиниција на религијата. Таа претставува општествена формана свеста во која доаѓа до израз човековата зависност од туѓи и нему непознати општествени и природни сили, и нивна наклонетост по пат на молитви, обреди и слично.Религијата сама по себе е многу сложен феномен, таа е еден од елементите на човековата свест и духовната култура, затоа нејзиното дефинирање ќе претставува тешка задача.

Терминот религија има латинско потекло и има неколку етимолошки значења. Латинската именка "religio" означува верување во еден Бог, во една заедница, како верување во една религиска вистина, латинсиот збор "religare", означува поврзаност со божествено битие, црквата како божествена установа и луѓето и глаголот "religere" што значи дека религијата подразбира отстранување на некој предмет од употреба и негово осветување и посветување на бога. Како што можеме да видиме, етимолошките одредувања на зборот "религија" се слични, но и различни, непрецизни, затоа за да го објасниме феноменот религија треба да се обидеме теориски да го дефинираме. Религијата и религиозноста се сложени, динамични, социо-

психолошки, духовни појави, па затоа е тешко да се даде единствена дефиниција. Причината за многубројните дефиниции на религијата не е само во сложеноста на појвата, туку и во различните гледишта кои се во рамките на други дисциплинарни пристапи.

Оттука ќе констатираме дека социолошкиот пристап на феноменот религија не е единствен. Секој дисциплинарен пристап има свои методи во дефинирањето на поимот религија.Затоа, постојат разлики во теологијата, филозофијата, историјата, социологија на религијата. Една е теолошката вистина, друга е социолошката. Исто така, постојат многу факти кои се откриени од други науки: археологијата, историјата, антропологијата, етнологијата, кои јасно укажуваат на постојаноста, трајноста и разноликоста на религискиот феномен. Секоја цивилизација има некој облик на религиско, свето што се истакнува нивната универзална природа. Имајќи ја предвид разновидноста и многубројноста на манифестните форми на религијата и светото низ историјата многу е тешко да се даде дефиниција за поимот религија.

Религијата е мултидимензионална, субјективна и објективна, индивидуална и колективна појава. Религијата е широк поим, каде свое место наоѓаат религиозноста и верските заедници. Самиот поим религиозност е дифузен, при што тешко се наоѓа границата помеѓу она што е религиозно и она што не е. Тоа е така зошто е скоро невозможно со еден термин да се изрази односот помеѓу внатрешното религиозно искуство и надворешните облици на религиозност. Денес институционалниот модел на религиозност се повеќе ослабнува при што се зголемува расчекорот помеѓу надворешната и внатрешната религиозност. Надворешната религиозност се поистоветува со културното однесување на човекот. Религиозноста е суптилна категорија, која допира во најдлабоките слоеви на човековото битие, и ја претставува внатрешната страна на човекот, неговите ставови, верувања, мислења, чувства, а тие од друга страна се недостапни за перцепција. За религиозноста, заклучуваме преку надворешните манифестации на религиозното искуство.

Надворешните манифестации на религиозното однесување претставуваат индикатори на религиозноста. Индикаторите се показатели на религиозноста, или составни делови на религијата преку кои може да се изрази

интензитетот на религиозноста. Делови на религијата се, самото верување како систем на верски замисли, религиски чувства, култот и религиските симболи, одреден систем на морални норми, учеството во верската организација. Со помош на карактеристичната дефиниција на религијата се воочуваат специфичностите на религијата во споредба со другите културни дејности. А сознанија за религијата, за нејзината сложена структура можат да се добијат преку увидот во нејзините компоненти, односно составни делови.

Приказот и анализата на тие компоненти ќе покажат дека религијата може да ја сметаме како комплекс кој ја претставува структурната поврзаност на елементите, односно таков комплекс во кој секој елемент е психолошка врска со другиот. Поголем број на автори сепак се согласуваат околу тоа кои елементи се важни за одредување на религијата, а тоа се:верувањето во натприродното оностраното битие, религиските чувства, ритуалот, симболите и религиските организации. Религијата можеме да ја поделиме на два вида, политеистичка и монотеистичка. Верувањето во повеќе боженства кои владеат со природата и човековото делување е карактеристично за политеистичките религии. Политеизмот е карактеристичен за старите, погански религии.
Во политеизмот сите богови и божици имаат свои, посебни важни функции. Политеистичките религии се повеќе ритуални и обредни отколку теориски, но побавно се шират од монотеистичките религии.

Најзначајни стари религии биле токму политеистичките (египетска, грчка, римска, нордиска). Речиси сите народи во Европа пред примањето на христијанството биле политеисти. Иако се постари од монотеистичките, денеска речиси се исчезнати политеистичките религии. За монотеистичките религии карактеристично е обожување на единствен Бог, давањето на апсолутна моќ на еден „theos„, е основната разлика со политеизмот. Ако политеистичките религии најчесто се народни, монотеистичките религиии се наднационални и универзални, воглавно не се ограничуваат на еден народ или држава. Исто така монотеистичките религии се, спасувачки, што значи дека пророците се дојдени за да ги упатат своите народи во правиот пат. Светот е полн со зло, а спасот треба да се најде во постхумниот свет. Ставањето на духовното над материјалното е заедничка карактеристика на монотеистичките религии. Темелното разбирање на религијата, е всушност, поврзувањето со комуникацијата, како и животните свесни и рационални пракси даваат многу

предизвици на социологија на религија, а пред се се надоврзуваат и на класичниот Диркемов пристап за религијата.

Ритуалната димензија на религијата е клучна, бидејки според Диркем, поединците ја сакаат и почитуваат својата заедница во која живеат и таа станува нераскинлив дел од нив. Религијата е пред се основата на постоење и развој на една заедница. Ритуалот кој се спроведува од религиозни причини е еден од елементите на религиозност, но религијата сепак останува битен елемент на заедницата, во заедница која постои како таква и во која сме ние како конститутивен дел.Честопати се определува како вера во еден Бог, како објаснување за тоа како настанал светот, се изедначува со натприродното, со моралните норми кои го контролираат однесувањето на верниците.Религијата може да ја дефинираме како цврсто поврзан систем на верување и практики кои се однесуваат на светите нешта и кои ги поврзуваат приврзаниците на овој систем во единствена морална заедница.

Религијата не се сфаќа исклучиво како лично верување (во Бог, божества и други ентитетишто генерално имаат натчовечкаприрода), туку таа претставува и систематска, интелектуална„надворешност", односно се сфаќа како збир од прецизнисистеми на верување.Јасно е дека гледано, на светско ниво, религијата не се набљудува наивно, само како систем на вредности и норми, туку икако влијателен ресурс во животите на луѓето, а често пати гиобликува и влијае на активностите на групите што се формираатво едно општество.

Религијата има значајна улога во секојдневниот живот налуѓето.Таа секојдневно се менува и прилагодува на општествените и политичките опкружувања. За разлика од многутемислења на експертите, религијата не е исчезната, туку напротив, таа сѐ уште игра значајна улога во животот на луѓето и е еволуирана и обновена во новите општествени и политички амбиенти. Шушњиќ, религијата ја определува како верување на неограничена и мистична моќ, од која човекот зависи и го контролира неговиот живот и смрт, а ако се однесува на одреден начин може и да влијае, своето искуство го изразува на когнитивен, емоционален, практичен и мистичен начин, односно во облик на учење, обреди, заедница на верници,  стекнувањето на искуството има значење за верникот и заедницата, без притоа животот на човекот, а и на заедницата би биле сосема поинакви (Šušnjić, 1998:50).

Сепак, класично дефинирање на поимот религија е сериозно тешка задача, бидејќи самата по себе религијата е сложен феномен. Несомнено, религијата претставува еден од елементите на човекот за свест, и духовна култура. Постојат три пристапа според кои религијата може да се набљудува како феномен, а тоа се субјективен, објективен и субјективно-објективен пристап.Од позиција на објективен пристап, религијата не може да се испитува како и секоја друга појава.

Субјективниот пристап пак налага поинаков пристап кон религијата, отколку кон другите состојби. Според третиот пристап, пак се смета дека не може да се оспори ниту субјективното, ниту пак објективното кај религијата, бидејќи таа е синтеза на објективно и субјективно. Некои социолози сметаат дека, во модерните општества, како последица на урбанизацијата, културниот плурализам и ширењето на научното знаење, видливо е присутен процесот на секуларизација или слабеење на религијата. Оваа теза е оспорена од страна на социолозите кои истакнуваат дека религијата не е поткопана, туку дека само се трансформира (Маршал, 1964: 450).

Научната дисциплина е од интердисциплинарен карактер. Ова значи дека во неа се применува знаењето на различни дисциплини и тоа, социологија, психологија, етнологија, политика и сл. Тука ке ги споменам најбитните и тоа:

- *Социологија на религија* - се занимава со прашања од аспект на религијата и општеството и нејзиното влијание во општеството. Оваа дисциплина тргнува од индивидуата во општеството преку разните општествени системи до разните типологии на религии како што се фундаментализмот, новите религиозни движења во светот и сл. Поставените прашања кои ги проучува се на пример положбата на жената во религијата, аспектот на толеранцијата помеѓу луѓето од иста и од различна религија, и сл. (Hock, 2002). Соцолошкото проучување на религијата има корени во просветителството во 17 и 18 век, кое настојувало не само да го додаде под сомневање религиозното верување, туку и да го свати како природна појава, попрво како производ на човекот, отколку како резултат на божествено откровение.

Социологија на религија се уште го задржува суштинскиот принцип дека, разбирањето на религијата мора да признае дека таа барем во извесна мера е општествено конструирана и дека општествените процеси се фундаментално вклучени во појавувањето, развитокот и ширењето на религиозните верувања и практика.

-*Етнологија на религија* - се бави со прашања врзани за митови на религијата од разни народи во светот. Тука нејзината цел е пред се да се анализираат митовите, да се најде дали постои врска помеѓу религијата и жртвата како и да се анализираат разните религиски симболи и др.

- *Географија на религија* – нејзин интерес е просторот и религијата, односно кој владеел на одреден простор и како се формира религијата во тој простор и обратно.

- *Психологија на религија* – го проучува односот на религијата со човекот односно неговото доживување кон религијата. Гледајки од психолошки агол, религиозноста составен дел од внатрешно емоционалниот и духовен живот на религиозната личност.

- *Хуманистичката религија и психоанализата* сметаат дека човековата способност да трага по вистината е тесно поврзана со постигнување на слобода и независност. Проучувањето на духот и развивањето на силата на љубовта и умот е највисока цел на човекот во учењата на основачите на сите големи источни и западни религии.

Психологијата на религијата, како посебен дел од науката за религијата, се појавува кон крајот на 19-от и почетокот на 20-от век, пред сé како резултат на трудот на В. Џејмс и З. Фројд. Според нив, изворот на религијата не се наоѓа во светот што не опкружува, туку во самата личност, во нејзиниот внатрешен свет и емоционалната сфера. Психологија на религијата беше стивната во средината на 20 век, но во последните децении таа се обновува. Таа стана поексплицитно научна, така што повеќето психолошки проучувања на религијата денес применуваат квантитативни методи.

Религијата е изум на една група на луѓе како средство за заштита, и ваквиот облик на религија според оваа теорија се јавува во првобитната човекова заедница како последица на човечкото увидување дека, многу работи во природата се случуваат без негова волја, и дека човекот како човечко суштество не може да влијае на тие појави ниту пак да ги измени или

контролира колку и да се труди, а во ваквите појави најчесто спаѓаат: поплавите, сушите, грмежите, громовите и сл.Според првата група на теории човекот дошол до идеја за постоење на виша сила која влијае на истото, и на тој начин настанале првите облици на богови кои симболизирале единствена моќ кои суверено владеат со човековото постоење.

Според втората група на теории, религијата е трајна егзистенцијална карактеристика на луѓето, а според теоријата човекот е во добра комуникација со Бог уште од неговото постоење, но во текот на историјата таа комуникација ја изгубил паѓајки во паганство кое повторно се воспоставува со откривање, односно јавување во светот и како откриени религии се сметаат јудаизмот и христијанството. Третата група на теории, религијата е човечка склоност кон суеверија која произлегла од недоволното познавање на вистинската природа на нештата.

Религијата има неколку општествено – културни функции и тоа: културна, етичка, психолошка, идентитетска, интегративна, легитимациска и политичка функција. Религијата е еден облик на поглед на светот, едно сваќање за смислата на живеењето и свеста и емоциите дека некаде припаѓаме. Теоретичарите на функционалистичкиот правец сметаат дека религијата има огромно значење и поддршка кај луѓето во поврзување на членовите на една заедница. Религијата, за да се разбере подобро треба да се набљудува како процес, дејствување, менување на општествените односи, зошто таа не е само духовна моќ, туку претставува и општествена сила (Šušnjić, 1998 :361). Една од позначајните функции на религијата е комуникациската функција. Таа овозможува дијалогот на човекот да го води преку разговор со верници од иста вера, со припадници на различни вери и разговор помеѓу верници и неверници односно тие што не веруваат во религиозноста (Šušnjić, 1998 :372).

Според познатиот социолог Диркем, религијата ја одредува како ,,цврсто поврзан систем на верување и обичаи кои се однесуваат на свети односно издвоени и забранети работи, односно систем на верувања и обичаи кои се здружуваат во иста морална заедница која се вика црква (Dirkem, 1984:44). Според Диркем, како елементи на религијата се вербата во свето, обредите, заедницата. Обредите се правилата на однесување кон светите работи. Религијата е заедница на верниците и ,,идејата на религијата е неделлива од идејата на црквата (Dirkem, 1982:41).Од тука можеме да јасогледаме

интегративната функција на религијата. Религијата е општествена појава, па од тука објект на религијата е само општеството.

Од тука се препознава и функционалниот поглед на религијата. Религиската заедница функционира по моделот на општествената заедница, па со самото тоа општеството најдобро се разбира ако го разбереме преку самата религија. Функционална дефиниција на религијата и одредувањето на нејзините основни функции може да ги најдеме во делата за религија од авторот Бекфорд. Според него постојат неколку функции на религијата, на лично ниво што претставува помагање на луѓето да излезат од своите проблеми, на ниво на заедница да ги интегрира луѓето и да им обезбеди правец и значење на личниот живот, на ниво на општество да обезбеди законодавство преовладувајки општествено движење и морално регулирање на меѓуодносите на општественото движење (Beckford, 1980).

Германскиот социолог Кноублах, функциите на религијата ги дели на психолошки и социолошки. Психолошки функции на религијата се, когнитивната функција – религијата служи она што е непознато да се свати, и духовно да се надвладее, афективната функција – преовладување на посебна емоционална состојба, прагматичка функција – тука религијата со нејзина помош се преовладуваат посебни кризни ситуации, додека социолошки функции се: функција на фундирање – тоа значи дека религијата ја негува најголемата вредност, како за себе така и за заедницата, потоа следна е функција на интеграција – религијата спојува едно заедница на вредности, функција на легитимација – религијата помага во легитимација на власта од една страна е религиската структура а од друга страна е некоја друга група, функција на компензација- верување во задгробен живот (Knoblauch, 2004:145).

Луѓето пред се треба прво да веруваат во некое натприродно битие, а потоа да изведуваат активности со кои воспоставуваат однос со него. Секоја религија е во функција на задоволување на некои реални потреби на човекот. Секоја има религиски симболи во смисла на ознаки на некоја човекова стварност. Функциите на религијата можат да се поделат и на индивидуални и општествени. Индивидуалните функции на поединецот му овозможуваат:

- да го надмине стравот од непознатото и неизвесното во иднината;
- да ја осмислува својата егзистенција преку насочување кон морални вредности;

- да ги надмине кризните моменти од животот како што се раѓањето, пубертетот и слично, додека општествените функции на религијата се:

-таа го поддржува општествениот поредок преку вредностите коишто се традиционални;

-религијата помага во контрола на општествената девијација;

-таа ја афирмира идејата за еднаквоста меѓу луѓето, односно помага да се развие чувство на припадност во заедницата, чувство на помош и поддршка;

-религијата ги поврзува луѓето преку ритуалите;

-религијата често со своите догми ја спречува иновативната општествена свест и слобода на мислење на човекот.

Авторот Есад Чимиќ анализирал неколку типови на религиозност, поим на транзиција, овој поим е еден од најупотребуваните поими во денешницата, како и во општествените науки. Поимот транзиција е облик на поминување на едно општество во друго, најчесто од социјализам во капитализам. Транзицијата може да ја објасниме со помош на три моменти, исход - се однесува на социјалистичкиот систем, целта на движење – се однесува на капитализмот, и самиот правец, на движење на трансформација.

Теолошки верник – станува збор за верник кој по теолошки пат стекнал верување во постоење на Бог. Овој тип на верник е спремен за дискусија, допушта и спротивно мислење. Традиционален верник, тука станува збор за верник кој има потреба за религиско исполнување на самиот себеси.
Овој тип на верник се сомнева во постоењето на Бога, и неможе да докаже ни себе си ни на другите за неговата егзистенција.

Колеблив верник – овој верник е на тесна граница на премин од верник во атеист. Овој тип на верник е најчесто повлечен и е пасивен во разговор за религија.

Емотивен атеист – овој верник не чувствува потреба за религија.

Рационален атеист – овој тип на верник по рационален пат стигнал до сознание за апсурдноста во постоење на Бога.

Според авторот, овој тип на верник е интелектуалец со повеќе образование и повеќе култура. (Ćimić, 1971:18 - 19). Горлоу и Шредер ја имаат разработено целата типологија на религиозните потреби на типовите на религиозност во однос на различни стратегии на потреби.Типологијата ги дели

верниците на седум типови на религиозности и секој од овие типови на религиозност сакаат и настојуваат да задоволат своја одредена потреба:

- понижен слуга господов - потреба за поништување на самиот себе си во едно космичко единство;

- потреба за самоостварување - потреба за животно потврдување на самиот себе си потреба за бесмртност - следбеник на семејни обичаи;

- моралист -потреба за сигурни морални норми;

- господов барател -потреба за истражување на натприродната моќ;

- господов слуга, социјално ориентиран – потреба да се даде смисол за општествена дејност;

- религиски интелектуалец - потреба за објаснување на последни значења на егзистенција на задоволувачка рационалност. Секој од овие типови на религиозност сакаат и настојуваат да задоволат своја одредена потреба (Aquaviva, Pace, 1996:94).

Повеќедимензионалниот пристап кој го предложиле Глок и Старк е пристапот кој е општо прифатен за истражувачите. Се разликуваат пет индикатори на религиозноста:

1. *Идеолошката димензија на верата* збор за заеднички религиски верувања на членовите на некоја религија;

2. *Обредно – ритуална димензија на праксата* – тука е збор за изведување на обреди како на пример служба божја, молитва и сл.;

3. *Димензија на религиско искуство* – збор е за емоционален однос кон силите;

4. *Интелектуална димензија на религиските делувања* – сака да се утврди колку луѓето знаат за теоретската содржина на сопствената религија;

5. *Етичката димензија на религиската верување* – со оваа димензија се утврдува колку верските заедници влијаат на религиската толеранција и на моралниот живот на верниците односно на нормите и вредностите кои произлегуваат од религијата(Knoblauch, 2004:113).

Не е доволно само да се декларира со религиозноста, и при тоа повеќе помалку да се усвојуваат елементи на учење, туку е потребно да се живее во склад со религиските обреди, на пропишен начин да се обавуваат обредите и редовно да се поминува прагот на верска заедница. Класична религиозност во социолошките истражувања се поделува на два конститутивни елементи:

1.*религиска свест* - станува збор за индикатори кои се однесуваат на идентификација со одредена религија верување во бог и во други догматски поставки на религијата;

2. *религиско однесување* – се мисли на одење во џамија, пост, молитва, како и на голем број на индикатори кои се однесуваат на религиското однесување.

## 2. ВИДОВИ НА РЕЛИГИИ

Постојат многу религии во светот но ние ќе ја презентираме основната поделба на трите најголеми религии во светот тие се:

а) *анимизам*-верување во духови. Се верува дека секое живо суштество, па понекогаш и неживите предмети, покрај материјалната имаат и друга, духовна природа. Духовите им прават лоши или добри работи на луѓето. Анимизмот (lat.*anima- душа)* е најстар и најпримитивен облик на религија, кој се практикувал кај преставници од првобитната човекова заедница.

Тие верувале во едно постоење на нематеријалните фактори кои ги нарекувале душа а преку тоа ги објаснувале и природните појави кои се појавувале во тогашно време. Оваа религија е настаната благодарувајќи на менталитетот на праисториските луѓе. Значаен принцип на анимизмот е аналогијата, припишување на човечките карактеристики на предметите кои ги поседувале;

б) *тотемизам*-верување во свети животни и растенија. Се верува дека светото животно е митски предок на групата и постои табу за негово јадење. Тотеизмот се заснова на верување во тотем, односно тоа претставува растение или животно. Тоа е предмет на идентификација на некое племе, односно тоа значи дека еден тотем е за една заедница.Тотемот ги штити природниците на своето племе. Додека се верува дека анимизмот е настанат пред тотеизмот, бидејќи кај тотеизмот се приметува облик на човечка свест, односно поголем степен на имагинација и апстракција. Верување во спиритуално суштество е основа на темелите на развој на секоја религија која постои во светот. Ова се првите зачетоци за настанокот и појавувањето на сите религии кои денес ги среќаваме. Кај примитивните облици на религија важно е постоење на табуа. Ова е забрана на штетно и опасно однесување кон некој

светец или некоја заедница во целина, како на пример може да се земе инцесот;

в) *политеизам*- верување во повеќе богови. Боговите претставуваат некоја човечка особина (Атина - божица на мудроста), природна појава (Посејдон - бог на морето) или општествена појава (Арес - бог на војната). Пример: египетска, старогрчка, римска и.т.н. религии. Денес најголема политеистичка религија е хиндуизмот. Настанала околу 1800 години пред нашата ера во Индија и е трета по бројот на верници во светот. Во неа главни божества се: Брама- создателот на светот, Вишна-одржувачот на светот и Шива- уништувачот на светот. Тие на земјата се појавуваат во многу ликови наречени Аватари. На пример, Кришна е едно од олицетворенијата на Вишна.Политеизмот е услов за настанување на монотеизмот како религија бидејки преставува суштински напредок во однос на анимизмот и тотеизмот во смисла дека боговите се доживуваат како ,,регулатори на различните домени на човековиот живот,,. Боговите се доживуваат како трансцедентално, а тоа значи дека се доживуваат априори каде има примат над материјалното;

г*) монотеизам*- верување во еден Бог. Трите главни монотеистички религии во светот се: Јудаизмот (еврејската религија), Христијанство и Исламот. Тие се меѓусебно поврзани и се нарекуваат уште и Аврамски религии, бидејќи за прв пророк го сметаат Аврам.

Јудаизмот е религија на Евреите. Настанал во 13 век п.н.е. и за митски основач се смета Мојсеј, додека Христијанството е прва религија по број на верници во светот, аосновач и е Исус Христос. Главна поделба на христијанството е на: православие, католицизам и протестантсво. Исламот е втора монотеистичка религија по број на верници во Светот. Муслиманите веруваат во единствен Бог (Аллах) и веруваат дека последниот пророк кој е дојден после Исус (Иса а.с) е Мухамед а.с.

Главни етички религии се будизмот и конфучијнизмот. Во нив нема концепција за Бог, туку се верува во моралните поуки на големите учители. Основачи се Сидарта Готама, наречен Буда (разбудениот) и Конфучие (Кунг Фу Це). И двајцата живееле околу 500 г. п.н.е.

Под поимот „Аврамски религии“ се подразбираат еврејството, христијанството и исламот. Причината за тоа е што сите три релгии го сметаат Аврам за прататко на нивната вера. Христијанството, Исламот и Јудаизмот се

трите најголеми религии, кои имаат различности и сличности во себе. Сите три се монотеистички религии, и секоја од нив има свои свети книги, етички кодекси, храмови. Поради ова не може да се каже дека постои еднозначна дефиниција за религијата. Разноликоста на религиозните верувања и организации е голема да теоретичарите кои се бават со феноменот религија се наоѓаат во големи тешкотии за да создадат една дефиниција која ке биде универзална.Во продолжение се претставени трите најголеми религии христијанството, јудаизмот, и исламот.

## 2.1. ЈУДАИЗАМ

Јудаизмот е една од првите запишани монотеистички вери и една од најстарите религиозни традиции кои се применуваат денес Јудаизмот е прва монотеистичка религија во историјата и се верува во еден бог - Јахве (Богот Јахве, богот на Евреите всушност нема име затоа што Јахве буквално значи "јас сум тоа што сум".) Центарот на јудаизмот е Ерусалим, а најсвето место во Ерусалим е храмот. Од него денес има само урнатини кои се познати како Ѕидот на Плачот. Таму Евреите се собираат на молитва. Местото во кое Евреите ги извршуваат верските обреди се вика синагога. Синагогите секогаш се свртени кон Ерусалим. Рабин е верски учител и водач во јудаизмот, а саботата за Евреите е ден за одмор и молитва.

Симболи на јудаизмот се, Давидовата ѕвезда, која за Евреите е верски, но и национален симбол, Менората е седмокрак свеќник кој е направен од злато и тежи околу 30 кг. Јудаизмот како најстара монотеистичка религија го нагласува практицирањето на религијата повеќе отколку самото верување и според толкувањата на Јудаизмот она што ја дефинира човековата религиозност е неговиот начин на живот (Bouker, 2006:182).

Кога се говори за Јудаизмот треба да се спомене дека постои и поделба на Јудаизмот на:

- ортодоксен Јудаизам, кој претставува строго традиционален јудаизам што го прифаќа законот и авторитетот на рабинот;

- прогресивен јудаизам, кој е претставен преку две движења, и тоа, либерален Јудаизам, кој настанува во Европа за време на просветителството

во 18 век и кој го нагласува критичкиот поглед на Библијата, алудирајќи на етичките елементи и реформиран Јудаизам, кој ги прифаќа методите на историско-критичкото истражување и го намалува одржувањето на обредите;

- конзервативен Јудаизам, кој настанува во 19 век, посебно во Америка, и е некаде меѓу ортодоксниот и прогресивниот, кој тежнее кон поинакви обреди, но ги прифаќа рабинските преданија,

- Ционизам, кој е националистички, со духовни примеси.

Исто е и со семејството, кое во Јудаизмот игра важна улога. Во Талмудот дури е и потенцирано дека должност на родителите е да ги воспитуваат своите деца, а на децата е должност да ги почитуваат своите родители и да ги гледаат во староста. Во Библијата е посветено внимание и на бракот. Притоа е потенцирано дека најидеална е моногамијата, а целибатот е осуден. Строго е осуден и инцестот. Во Библијата е пропагирана и љубов кон оние кои не се Јудејци.

Централни личности во Јудаизмот се Адам, Ева, Сет, Исак, Јаков, Јосиф, и подоцна Мојсеј. Мојсеј го избавил еврејскиот народ од ропството на Египќаните и ги примил божјите закони и поради тоа традиционално се смета за писател на петте книги од Библијата. Света книга за Јудаизмот е Библијата, Стариот Завет. Тука е опишана историјата на Евреите од Битие до повторното доселување во Ветената Земја.

Талмудот е книга која содржи рабински толкувања. Се истакнува една карактеристика на Јудаизмот, а тоа е дека Јехова е единствен Бог. Мојсие единствено неговиот глас го слушнал, но никогаш не го видел. Според Стариот завет за Јехова се велело дека е праведен и строг. За тоа говорат и божјите заповести и тоа не кради, не убивај, почитувај ги своите најблиски идр. Тука во оваа религија е специфично и моралното начело по кое човекот е должен да за секое нанесено зло да врати со исто. Мојсие ова начело го формулирал како ,,Око за око, заб за заб,,. Во јудаизмот исто така е карактеристично и тоа дека не постои верување за задгробен живот, и не постојат такви обичаи.

## 2.2. ХРИСТИЈАНСТВО

Христијанството е религија, која има најголем број на приврзаници, монотеистичка религија, заснована врз животот, учењата и делата на Исус Христус според раскажувањата во Новиот завет. Како факт, 33% од популацијата на светот или 2.1 милијарда луѓе, се сметаат за дел од христијанството. Почнувајќи од својот основач, Исус Христос, и зголемувајќи се под службата на апостолите, христијанската црква прерасна во огромна сила во светот. Но сепак, христијанската црква има доживеано многу поделби. Големиот раскол, протестантската реформација и многу други движења водеа до голем број на цркви кои себеси се нарекуваа христијани. Две илјади години по нејзиното основање, христијанската религија се уште треба да се осврнува на нејзините основи кои биле поставени од Исус Христос и Неговите апостоли. Денес, многу луѓе го бараат она христијанство кое беше основано од нашиот Господ и апостолите.

Христијанството е прва универзална религија која проповедала еднаквост на сите луѓе пред Господ: Евреи, Римјани, Грци, богати, сиромашни, мажи, жени. Како религија, Христијанството се појавило со распаѓањето на робовладетелската држава, подоцна кога станала званична, држава религија, Христијанството ги врзало своите интереси со интересите на владеачката класа. Христијанството се дели на православие и католицизам. Еден од главните причинители на оваа поделба е слабеење на Византиското царство. Православието тежнеело за зачувување на традиционалните христијански вредности и учење, и пред се, се залагало за децентрализација на црквите и поради тоа многу цркви добивале автокефалност. Додека, за разлика од православието, католицизмот се залагал за централизација со седиште на црква во Ватикан.

Помеѓу двата облици на христијанство постои поголем број на сличности, но и разликикои се многу мали, односно и двете веруваат дека господ го создал светот и да постои Господов суд. Кога се спомнуваат разликите, може да се додаде дека има во различната форма на извршување на ритуалите и обредите, а клучната разлика е релацијата на Господов татко, синот и светиот дух. Кај католицизмот овие поими се во цикличен однос, што значи дека од едниот поим произлегуваат и другите, додека кај православието

овој однос е во една линија односно од Господов татко не може да следи светиот дух.

Исто така тука да споменеме дека се јавува и протестанството, кое е движење кој се развил во една нова религија, чиј основач е Мартин Лутер. Ова религиско движење е настанато во 16 век како протест од страна на дел од католичките христијани. Денес протестанството како религија е многу распространета во целиот свет. Во почетокот постоеле многу секти но подоцна по заслуга на Апостол Павле хеленистички еврејски припадник, Христијанството се организира во единствена религиозна заедница. Денес под Христијанство се подразбираат три главни деминации: Православна, Римокатоличка и Протестанска религија.

Извори на христијанството се пишаните објави (Светото писмо, Стариот и Новиот завет) и значаен извор претставува традицијата пренесена преку усмено христијанските преданија, од генерации на други генерации. Христијанството е организирано во видлива заедница на верници, односно црква. Всушност низ историјата се појавуваат повеќе христијански цркви и секти. Во православната и преткалцедонската црква владее синодот на чело со патријарх или митрополит и се определени како афтокефални. Во католичката црква, како организирана заедница, устројството е строго централизирано и хиерархиски подредено (папа и бискупи) и е наднационална. А во протестанската црква карактеристично е што нема свештеничка хиерархија, а некои од нив биле државни (Вукомановиħ, 2004 :25).

Христијанството (Krim, 1981: 263) е религија на оние кои веруваат во Исуса Христа и го следат. Неговиот живот и учење се среќаваат во Новиот Завет на Библијата. За христијаните Исус Хрисатос е син Божји и спасител на човештвото. Христијанството станува крупна светска религија, со околу 2,1 милијарди верници кои се распространиле во рановидни делови од светот. Се јавиле во 1. Век во Палестина, која тогаш се наоѓала под Римската империја. Првобитно се проширила среде Евреите, за да се развие бргу и меѓу другите етнички припадници. Првобитните апостоли и мисионери биле Евреи. Како државна религија прво била прифатена во 301 година во Голема Ерменија. Нејзините корени јасно произлегуваат од старозаветниот Јудаизам. На Балканот бил подоцна озваничена, а во Бугарија, во чиј склоп во 9. Век се

наоѓа голем дел од Македонија, Христијанството било прифатено во 865 година.

Седумтте свети тајни по кои православните и католичките христијани се препознатливи и го слават Бог се: Крштевање, Свето Миропомазание, Причест, Свештенство, Исповед, Брак и Елеоосветување, но да напоменеме дека еден дел од протестантските следбеници на Мартин Лутер ги признаваат првите две тајни, односно Крштевање, Свето Миропомазание, а не и останатите пет.Според христијанската религија, секој акт или чин на било кој човек без разлика дали е класифициран како добар или лош, нема да биде игнориран, незабележан, туку ќе има своја улога кога Бог ќе му го одредува местото на верникот. Христијанските моралисти во новото време ја акцентираат улогата на општествената страна на моралот, важноста од почитување на човековите права и социјалната праведност.

### 2.3. ИСЛАМ

Според исламските научници, Исламот се дефинира како систем на закони и распореди за олеснување на човечкиот живот и прифаќање на Бог како создател.Исламот се појавил во Мека околу 610 г.н.е. Во Арабија во тоа време преовладувал еден облик на семитска религија, со светилишта на разни богови и божици на многу места каде само во Каба(денешна Мекка) во тоа време имало 360 таканаречени богови. Во тоа време, исто така почнало да се шири верувањето во еден врховен Бог. Останатите богови понекогаш биле сметани за ангели и поклониците можеле да ги замолат во нивно име да посредуваат кај врховниот Бог.

Арапите живееле во номадски племиња и повеќе се потпирале на човечките доблести отколку на каква било божја моќ. Верувале дека се што се случува е веќе одредено од судбина или времето. Исламот како религија не се појавил меѓу номадите, туку помеѓу градските жители вклучени во големи трговски потфати.Мухамед се родил во Мека околу 570 г. Приближно во 610 година преку ангелот Габриел на пештерата Хира му е дојдено првата појава со првите зборови –ИКРЕ т.с. - Учи читај во име на господ. Сите овие пораки што биле пренесени подоцна се собрани во една книга која се нарекува

Мусхафодносно Куран.Муслиманите потврдуваат дека Бог е еден, дека е семоќен и дека ги контролира текот на настаните.

Тој на судниот ден ќе им суди на луѓето според нивните дела и ќе им додели место во рајот или пак во пеколот. Мухамед верувал дека откровенијата не ги измислувал самиот туку дека се говор од Бога (која се нарекува ЕЛ-ВАХЈ) што му ги пренесува ангелот Габриел. Муслиманите и ден денес веруваат во тоа. Мухамед имал извесен број на следбеници кои се викаат Асхаби, и кои биле со него и му се приближувале во славењето на Бога. Трговците од Мека силно се спротивставувале на критиката на нивната работа што ја содржи Куранот. Тие говореле за старите пагански богови, а додека Куранот истакнувал дека постои само еден Бог и дека не постои ниту едно друго божество освен Бог. Противниците на Мухамед ги прогонувале неговите следбеници, кои биле нивни роднини.Поради оваа причина Мухамед во 622 година со околу седумдесетина негови следбеници се иселил во Медина. Оваа селидба на Мухамед со неговите следбеници го означува почетокот на исламската вера која се нарекува хиџре. Народот во Медина каде се нарекуваат Енсари го прифатиле Мухамед како пророк и се согласиле да формира заедница, сојуз со иселениците од Мека каде тие се нарекуваа Мухаџири. Во Медина, Исламската религија го добила својот облик.

Главни обредни форми биле:Богослужба - молитва (намазот), давање милостина(зекатот), пост (рамазански пост), и аџилак (хаџџ). Пораките кои Бог му ги упатил на Мухамед во Медина биле и се однесувале и на законските прашања за кои арапските обичаи не биле доволни. Мухамед на почетокот немал никаква политичка моќ освен што им бил старешина на иселениците од Мека. Во 630 год, Мухамед бил доволно силен да ја заземе Мека. Мухамед починал во 632 година во Медина, а негов прв следбеник ќе биде Ебу Бекр којја охрабрил муслиманската заедница и ја покажал задачата што стоела пред неа. После смртта на Мухамед, тој оставил и држава и религија. На почетокот државата имала форма на сојуз на племиња, но со самото ширење станувала се поорганизирана.

Господарот на државата бил познат како калиф (халифа) – наследник на Мухамед. Поради разните недоразбирања со соседите, Мухамед и првите калифи виделе дека нема мир и соработка, па затоа организирале освојувачки експедиции кон Сирија и Ирак. Во неколку битки, муслиманите успеале да ги

совладаат противниците како што се овие царства (Византиско и Персиско царство), па дванаесет години по смртта на Мухамед го зазеле Египет, Сирија и Ирак оделе на запад кон Либија и на исток кон подрачјето на денешен Иран. Византиските и Персиските намесници бегале, а муслиманите склучувале договори со месното население и им давале статус на заштитени малцинства. Овој статус можел да го добие само ,,народ од книгата,,, тоа биле заедници кои верувале само во еден Бог и имале пишано свето писмо како што е христијанското. Експанзијата со битките продолжила уште цел еден век. На целата заземена територија жителите не се преобратувале во муслимани, туку прво станувале заштитени малцинства.

Со нив се постапувало убаво бидејки муслиманските господари сметале дека, ефикасноста на нивната ,,заштита,, е прашање на честа. Но, овие граѓани се сметале за граѓани од втор ред и поради таа причина, многу од нив се преобратиле во муслимани. На тој начин Исламот станува главна религија во земјите во кои најпрво владеело христијанството. Една од најпосветените работи била развојот и разработката на Исламското право – шеријатот кое ја сочинувало основата на општествената организација. Шеријатот делумно настанал од прописите на Куранот, но во најголема мера се однесува на животот и однесувањето на Мухамед.

Неговите совети, изреки и препораки биле собрани во збирката која се нарекува хадис, и во приказните за неговите дела и неговото работење. Ова правно учење станало јадро на исламското образование (Религии во светот, 2009: 356-391). Многу научни дисциплини се занимавале со толкување на Куранот, лексикологија, природни науки. Исто така многу книги од грчки биле преведувани на арапски јазик кое придонело за развој на науката, уметноста.

Куранот за муслиманите е врвното откровение на Божјиот збор во пишана форма. Тој е универзален во својата примена и вечен во своето значење. Муслиманите го почитуваат Куранот и добро го чуваат. Муслиманите веруваат дека Куранот е книга на божествената насока и насока за човештвото и според разгледувањето на текстот во неговиот оригинален арапски јазик тоа е буквално зборот на Бог, кој му е пренесен на Мухамед преку ангелот Габриел во период од дваесет и три години.Муслиманите исто така веруваат дека

Куранот има решенија за сите проблеми на човештвото, без оглед на тоа колку комплексни тие можат да бидат и во која возраст ќе настанат.

Муслиманите веруваат дека Куранот е различен од сите други книги на начини кои се невозможни за секоја друга книга да биде, така што слични текстови не може да бидат напишани од страна на луѓето. Ова ги вклучува и световните и чудесните тврдења. Куранот го предизвикува секој кој не се согласува со неговото божествено потекло да произнесе еден текст на чудесна природа. Научниците на исламот велат дека неговата поетска форма е уникатна и на начин кој не може да биде напишан од страна на луѓето. Муслиманите исто така тврдат и веруваат дека тој содржи точно пророштво и дека тоа го нема во ниедна друга книга. Куранот се состои од 114 поглавја(сури) во различни должини, секој познат како поглавје. Поглавјата се класифицирани како Мекански или Медински, во зависност од тоа дали стихови биле откриени пред или по миграција (хиџретот) на Мухамед во градот Медина. Наслови на поглавјата се добиени од името или квалитетот дискутиран во текстот, или од првите букви или зборови на сурата. Општо земено, во почетокот на Куранот се појавуваат подолги поглавја, додека пократки се појавуваат подоцна. Распоредот на поглавјата не е поврзан на тој начин со редоследот на откривање.

Содржината на Куранот се занимава со основните верувања на исламот кои го вклучуваат постоењето на Бог и враќањето во живот. Раскажувањата раните пророци, етичките и правните субјекти, историските настани за време на пророкот, милосрдието и молитвата, исто така, се појавуваат во Куранот. Стиховите во Куранот содржат општи насочувања во врска со правото и погрешното и природата на откривање. Историските настани се поврзани со претставување на општи морални лекции. Стиховите кои се однесуваат на природните феномени биле толкувани од страна на муслиманите како показател на автентичноста на пораката на Куранот. Централна тема на Куранот е монотеизмот . Бог е прикажан како жив, вечен, сезнаен и семоќен. Преводот на Куранот отсекогаш било проблематично и тешко прашање. Многумина тврделе дека текстот на Куранот не можел да се преработи во друг јазик или форма. Исто така, арапскиот збор може да има голем спектар на значења во зависност од контекстот, што го прави точниот превод дури и повеќе сложен за преведување.

Сепак, Куранот е преведен на повеќе јазици од кои африкански, азиски и европски јазици. Почитувањето на пишаниот текст од Куранот е важен елемент на религиозната вера од страна на многу муслимани. Исто така, веруваат дека намерно навредување на Куранот е форма на богохулење. Многу муслимани запаметуваат барем некои делови од Куранот на оригиналниот арапски јазик, обично барем стиховите потребни за вршење на молитвите.Куранот е единствена теолошка книга што полага право на сите аспекти од животот, не дозволувајки како и да е одвојување меѓу духовното и световното. Во него се опфатени разни теми кои укажуваат на разликите помеѓу доброто и лошото како и налози за покорување и страв од Бога.

Во Куранот има и правни делови, чија цел е да дадат помош во муслиманската заедница, делови што вклучуваат сарказам, аргументација, милост и сл.

Исламот во суштина е природна религија, бидејки секоја создадена работа постои во зависност од Бога, се потчинува на Божја моќ со цел за искажување почит кон Бога. Зборот *муслиман* значи оној што го живее животот според Божјата волја. Додека зборот *ислам* значи потчинување на Бога. Што се однесува до богослужбата, Куранот ги согледува телото и духот како елементи кои се споени во една целина. Исламскиот кодекс на однесување се заснова на начелото на практикување на верата кое се нарекува *шахада(*сведочење*).*Тоа претставува прв столб на исламот.

## 3.ЕТИКА И РЕЛИГИЈА

Етиката денес е практичен избор на добри и нужни животни вредности, погодни за разбирање меѓу луѓето и за усогласување на нивното однесување.Етиката е воспитно-образовна наука, и има за цел да им помогне на луѓето во формирањето на нивниот карактер. Таа содржи правила или закони кои служат, за правилно однесување во семејството, во училиштето, во онштеството, во природата и општо насекаде. Кога не би ностоеле вакви правила, тогаш сите луѓе би правеле само она што сакаат, а не она што треба да прават, и така набрзина би завладеал еден општ хаос во светот.Животот на луѓето во заеденица не би бил возможен, ако сите луѓе крадат, лажат или прават работи кои се добри само за нив самите.

Затоа постојат етички стандарди или кодекси на однесување, кои луѓето треба да ги почитуваат со цел да живеат во добра заедница со сите луѓе. Тоа е духот на практичниот ум на денешницата, на крајот на XX и на почетокот на XXI век. Етиката е наука за моралот. И двата поими, етика и морал, имаат слично значење. Тие го објаснуваат начинот на однесувањето на човекот.Етиката најпрво се појавила во рамките на филозофијата, а подоцна и вотеологијата. Денес, таа постои како филозофска, но и како теолошка наука. Етиката ги проучува и ги проценува моралните вредности. А како морални вредности пак, ги подразбираме оние работи кои ги цениме и кои се важни во животот на луѓето, како на пример: љубовта, здравјето, мирот, пријателството и слично.

Етиката не подучува како треба правилно да размислуваме, како правилно да се однесуваме, да правиме добри дела, како да се грижиме за другите и општо - секогаш да правиме само добри работи. Религијата е духовна врска помеѓу Бога и луѓето. Во светот постојат различпи религии (христијапска, исламска, јудејска и други), но основниот белег во секоја религија е верата во Бога. Воспитувањето и поучувањето во верата одат заедно и не можат да бидат раздвоени. Знаењето само по себе не е доволно, туку тоа треба да биде проследено и со примена во животот. Затоа, секоја религија во своето учење вклучува етички или моралпи принципи на однесување. Тие принципи за добро одпесување се дадени од Бога.

Тие се запишани и во светите религиозни книги. Светите книги содржат религиозно и морално учење и постојат во секоја религија. Така, за

христијаните света книга е Библијата, за муслиманите е Куранот, а за Евреите тоа е само Стариот завет од Библијата и Талмудот. Верниците веруваат дека религиозните текстови кои се запишани во светите кпиги се од Бога инспирирани и затоа нивното учење е толку мудро и корисно што неговата вредност никогаш не застарува. Етиката има многу извори. Во тој контекст, секако неодминлив извор на етиката се религиозните учења. Разни филозофски правци и филозофски учења од антиката до денес се извор на етиката.

Најпознати извори на етиката се разните религиозни учења (Христијанството, Исламот, Будизмот, Јудеизмот, Маздаизам, Маниџејство, Богомилство) во кои генерално се содржани основните принципи на човекот а тоа е дека човекот од бога е даден за да прави добри дела а лошите дела да ги отфрла. Религиската етика не учи дека извор на моралот е Бог. Бог е најголемото добро и од него произлегуваат сите други добра. Тој е создател на моралот и е морален учител на сите луѓе во светот. Религиите можеби се разликуваат вопоглед на учењето и за тоа како го разбираат Бога, но во секоја религија моралниот закон се темели на високоморални начела упатени кон луѓето за почитувањето на Бога, себеси, природата и на сите други луѓе како Божји созданија. Постои само еден морален закон даден од Бога, и тој не учи дека треба да ги почитуваме сите луѓе во светот. Овој закон е присутен во сите религии и на сличен начин е запишан скоро во сите свети книги. Затоа е наречен и златно правило.Во својата „нормативна" смисла на зборот, моралот го третира она што е исправно и погрешно, без оглед на она што го мислат луѓето. Моралот, исто така, може да се дефинира и како синоним за етика. Според ваквата дефиниција етиката не само што претставува филозофска студија за моралот, туку таа исто така се користи и како синоним за самиот морал.

Етиката и религијата се наоѓаат во многу слични елементи на моралност, кои го задолжуваат човекот на морално делување, без тоа дали верува во бога или не. Елементи на одговорност, љубов, должности, се потик на човековото делување без обзир дали човекот е теист или атеист. Во рамките на секоја религија постои два типа на морал: изворен религиски морал и конфесионален морал кој е содржав во светите писма. Првиот морал му налага на човекот да не навлегува во зло, додека другиот морал може да биде отстапување од

изворниот морал во две насоки: на ниско и на високо. Факт е дека моралот на автономната личност со своите критериуми ги вградува во човекот, и пред се, исполнувајки ја неговата одговорност. Само така совеста, она што го прави човек преминувајки во личност, станува мерило на степен на човечност, додека совеста го оптеретува човекот за одговорноста која треба да ја има пред себе. А тоа е извор на интензивна и трајна ангажираност, во која триумфира достоинството на човекот.

Потребно е човекот да се избори за својата општествена слобода, која е многу важна претпоставка на индивидуална акција и потврдување на личноста. Поради тоа во религиската етика, секој морален чин не е само одговорност пред Господ, туку преминува во одговорна обврска спрема некоја вредност, па со тоа стекнува и одговорност која ги прифаќа поединечните морални одлуки. Тука мора да се спомене и потеклото на моралот. Потеклото на моралот се разгледува од два аспекта: генетско – историски и онтологиско логични. Од генетско историско гледиште се потикнува тезата дека постоела арелигиска фаза во развојот на моралот. Религиите се движат од примитивен колективизам према универзално религиски индивидуализам. Религискиот живот станува жовот заеднички на една заедница, а религијата се јавува како колективен спас.

Една од моралните функции на современите религии е милосрдието. Религиската етика има прилика за сопствена афирмација, да се јави како морално дополнување на научните објаснувања, со кои се ублажуваат последиците од настанатите ситуации. Во секојдневниот живот, на морален план, се приоѓа на луѓето индивидуално, а тоа значи дека, ако некој е религиозен, неморa да има религиски морал, односно некој кој е атеист не мора да има атеистички морал.

Сето ова треба да се свати како аналитички модел, и тоа воспоставување на разлика помеѓу моралот на атеистот и моралот на религиозниот, може да биде изведено во индивидуален пристап, а не во априорна генерализација.

## 3.1. ИСЛАМОТ И ЕТИКАТА

Исламот е вера на движење, напредување, просперитет. Исламот не учи дека вистинското богатсво е во душата, но дека силата е во раката. Силната (имотна) рака без разборита душа често е безумна, а разборита душа без моќна рака е слаба и немоќна. Исламот се труди да направи спрега помеѓу овие две: силна и чиста рака, совесна и верничка душа. Исламот нè учи дека човекот е должен да бара знаење од секој вид. Првиот спуштен збор од Куранот е: „Учи!". Барањето на знаење, треба да се извршува во текот на целиот живот, затоа што само учениот може да биде од корист на себеси, на семејството, на местото каде што живее и воопшто на човештвото. Земајќи предвид дека Македонија е земја каде што живеат преставници на различни вери и нации, тогаш задолжително е меѓу сите жители да доминираат основите на почитувањето и соработката помеѓу народот. Накратко, Исламот нè учи дека каде и да се наоѓа човекот, тој со своето однесување мора да покаже дека има основни и високи вредности.

Моралот зафаќа важно место во учењето на Исламот.Една од важните цели на Исламот е да го опреми човекот со здрав и чист морал. Исламот нè учи да се ослободиме од сите лоши душевни особини, какви што се: омразата, ароганцијата, зависта, дволичноста итн. Од друга страна, тој бара од нас да се снабдиме со чувства на љубов и почит кон сите луѓе. Според исламското учење, треба да се работи сè што е добро и од лична и општествена корист. Во Исламот постојат забранети дела и тоа: убивање, неморал, крадење, конзумирање алкохол, непочитување и навреда на родителите и сл.

Исламот како и сите останати монотеистички религии во суштина претставува човеково обидување да му се приближи на Господ. Исламот исто како и Христијанството е монотеистичка религија и е втора религија по распространетост во светот. Зборот "Ислам" буквално значи потчинување на божјата волја. Следбениците на оваа религија се нарекуваат муслимани. Муслиманите веруваат дека Бог ја предал својата божествена реч преку разни пророци, а Мухамед бил последниот Божји пратеник.

Исламот се дефинира како систем на закони кои му помагат на човекот за олеснување на неговиот живот и прифаќање на Бог како создател. Исламот

е отворен за сите, без разлика на раса, возраст, пол или претходна вера. Доволно е да се верува во главните исламски верувања и по тоа да се делува. Ова формално се постигнува со рецитирање на сведоштвото *шехадетот*, кое треба да биде искрено и од срце. Без оваа изјава никој не може да стане муслиман. Доволно е човек да верува, да се декларира како муслиман и да се однесува на начин кој му прилега на еден муслиман за да биде профатен во исламската заедница.

Постојат пет елементи во исламот, односно столба на исламот и тоа се:

- *Шехадет („сведочење“)* овој столб значи потврдување на верата, признавање на трансцендентноста и единственоста на Мухамед. Со изјавата "Нема Бог освен Ал-лах и дека Мухамед е Божји пратеник" секој може да стане следбеник на исламот, односно муслиман (Вукомановиђ, 2004:30).

- *Намаз („молитва“)* претставува обврска на секој муслимански верник. Овој столб подразбира петдневни молитви, а времето на нивното испонување зависи од положбата на Сонцето на небото. Овој столб е задолжителен е за сите муслимани кои се полноленти и свесни (немаат психички недостатоци), задолжителен е и за оние кои имаат физички недостатоци, но тие имаат олеснувања одредени според правните (фиксните) правила.

- *Пост (Рамазански пост)* третиот Исламски столб е постењето. Тој е задолжителен во месецот на рамазан, истотака пожелно е и шест дена во месецот на шевал, три дена секој месец. Постот за време на рамазан е задолжителен за сите муслимани полнолетни и за сите оние кои можат здравствено да го издржат. Оние верници кои не можат да постат за време на рамазан, можат да надокнадат отпосле;

- *Зеќат* е четвртиот активен битен елемент на верувањето, зекатот се поврзува со богатсвотот на муслиманите. Сите муслимани кои имаат определено богатсво (над основното за живот) се задолжуваат да делат дел (дел од 2,5% на крајот на годината) од своето богатство за сиромасите, делењето е во споредба со богатството што го имаат. Ако државата е организирана Исламска Држава тогаш зекатот го собира и го дели државата;

- *Хаџ* е петтиот и последниот столб на Исламот. Овој столб е обврска на секој муслиман кој има финансиски средства барем еднаш во животот да го посетат Мека, во чие средиште се наоѓа Каба, што претставува најголема светост во исламот.

Иако секоја од трите најголеми религии (Јудеизам, Христијанство и Ислам) на човекот му нудат приближување до бога, сепак суштината на сите религии е заедничка.  А тоа да се помогне на човекот да го најде својот пат кон еден единствен пат а тоа да биде подобар. Кој пат човекот ќе го одбере (која вера ќе ја одбере) во суштина не е пресудно значење е секогаш иста, која секоја религија тежнее а тоа е да се биде добар човек. Да се биде добар кон себе, према другите луѓе, и воопшто да се биде позитивен и добар.Во Куранот е инволвирана не само теолошка туку и етичка проблематика односно вербата во Господ е нужна претпоставка на моралниот живот. Таа не треба да биде вербално прифатена туку мора да оди со добри дела. Шеријатот е исламско право според традиционалното исламско учење. Извори на исламското право се: Куранот, Сунетот, Иџмата и Кијасот.

Исламското право ги опфаќа сите сфери на живеења. Исламските закони подразбираат забрана за убиство, прељуба, пиење на алкохол, регулираат правила за постење, молитва, доброволност, за наследство, брак, надоместоци за оштетување и друго. Исламот како религија го дава патот, кој секако не е наједноставен и најлесен. Тој на верникот му го креира секојдневниот живот, кој не е наједноставен и лесен. Тој на верникот му креира разни заповеди како што се: молење, читање на светата книга, Куран, делење на милостињи на сиромашните и др. Пред се, само човекот кога ги извршува овие активности него го прават добар човек. Моралот и религијата заедно се симболи на човековото постоење. Но, суштината на Исламот не е во обавување на овие активности кои се пропишани во Куранот. Исламот ја проповеда толеранцијата, како спрема другите народи, така и спрема општествените класи. Според Исламот, секој човек е обврзан да следи ист морален закон.

За исламската етика најважни се ставовите во Куранот. Основа се искажувањата за односот меѓу Господ и луѓето. Бог ги создал светот, животот и човекот, Бог ја одделува вистината од невистината, а истовремено ја определува и содржината на доброто и злото. Луѓето треба да ги извршуваат Божјите заповеди и забрани Исламот е отворен за сите, без разлика на раса, возраст, пол или претходна вера.

Доволно е да се верува во главните исламски верувања и по тоа да се делува. Ова формално се постигнува со рецитирање на сведоштвото

шехадетот, кое треба да биде искрено и од срце. Без оваа изјава никој не може да стане муслиман. Доволно е човек да верува, да се декларира како муслиман и да се однесува на начин кој му прилега на еден муслиман за да биде профатен во исламската заедница ( Kuran 4:27).

Многу е значајна сликата на општеството кога Мухаммед почнал со своите проповеди. Тоа е општество со изразени класни разлики, и робовладетелски систем. Исламот по првпат им дава прилика на робовите да се ослободат. Со тоа се истакнуваат човековите чувства, љубовта, чувство за верба во себе и сите негови квалитети а не човековото материјално богатство. Исламот и во модерното општество пропишува одредени прописи кои се однесуваат на однесувањето на луѓето. Во Исламското општество, образованието е задолжително, па од тука произлегуваат и голем број на муслимани кои дале придонес во светската наука, како што се во математиката, астрономијата, книжевност и др. Со ова се потврдува каков е Исламот како религија и неговата етика. Муслиманите веруваат дека Исламот е религија која поучува да се верува со срце и со разум и верата да се потврдува со добри дела.

Целта на муслиманската етика е да ги поучи луѓето како да го живеат својот живот за да бидат срекни. Срекага на човекот, пак, зависи од братството помеѓу луѓето и мирот на земјата. Затоа е важно човекот да биде добар, да им помага на другите луѓе и да живее со сите во мир. Исламот учи дека човекот е должен да бара корисно знаење од секој вид. Првиот спуштен збор од Куранот е: „Читај!". Барањето на знаење треба да се извршува во текот на целиот живот, зашто само учениот може да биде од корист на себеси, на семејството, во општеството каде што живее и воопшто на човештвото. Накратко, Исламот учи дека човекот каде и да се наоѓа, тој сосвоето однесување мора да покаже дека има основни и високи вредности. Моралот има важно место во учењето на Исламот.

Една од основните цели на Исламот, е да изгради кај муслиманите здрав и чист морал. Според Исламот, убавото воспитување претставува украс на човековата душа. Кој е убаво воспитан, секаде е убаво примен, бидејки нема такво општество кое, убавото однесување ќе го осуди. Затоа, првата грижа за муслиманите треба да биде доброто воспитание.

Бидејќи, кој во детството убаво ќе се воспита, тој во животот посигурно е дека ќе биде срећен.

Исламското морално учење може да се подели на три групи вредности и тоа:

- *должности кон Бога,*
- *должности кон самите себе и*
- *должности кон другите.*

Главни должности кон Бога се следниве: цврсто да се верува, да се сака и да сепочитува Бог; редовно да се извршуваат сите верски должности; да се запази секој верник од она што Бог го забранил; верникот постојано да му се заблагодарува на Алах за сите добрини кои ги има и да се кае за грешките кои ги прави во животот, молејќи се на Алах да му бидат простени.

Најважни должности на муслиманот кон себеси се: да го чува своето здравје; даработи чесно и да не биде мрзелив; да изучува корисни науки и занаети и да настојува да биде примерен муслимански верник.Секој добар муслиман треба да се грижи и за другите луѓе. На прво место е грижата за своето семејство, потоа грижата за роднините, соседите, постарите и воопшто за сите луѓе, а особено за сиромасите и оние на кои им е потребна помош.

Исламот учи дека муслиманите треба да се ослободат од сите лоши особини, какви што се: омразата, ароганцијата, зависта, дволичноста и т.н. Од друга страна, потребно е да се негува чувство на љубов и почит кон сите луѓе.Моралното исламско учење им заповеда на муслиманите да го посакуваат за својот брат тоа што го посакуваат за себеси. Тоа е особина на добриот верник.Според исламското учење, треба да се работи се што е добро и што е од лична и општествена корист.

Во исламската традиција, се зборува за совеста како човеков вроден поклон од бога за распознавање на доброто и лошото. Совеста како човеков внатрешен морален коректив, го потикнува човекот да прави добри дела, а да го избегнува лошото. Доколку човекот го избере злото тогаш во него се раѓа осет за непријатност, каење и тешкотија. Муслиманите, дали се мнозинство или малцинство, во државата поминуваат преку транзициона фаза. На запад, модерното сваќање за религијата се гледа во одвојување на религиските

специфични активности, додека кај муслиманите не е случајност бидејки тие се служат со традиционалниот религиски јазик, и истиот се поврзува со радикалните промени и насилства кое го продлабочува стереотипот за муслиманскиот фанатизам за културните различности а исто така и моралните.

## 4. РЕЛИГИЈАТА И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ

Човекот во денешто време живее во различни облици на општествено здружување и организации, но исто така тој се наоѓа и во исти или слични облици на верување. Религијата и нејзиниот дух, настануваат независно од типот на општеството во кое живеат луѓето. Тука се можни промени кои се јавуваат во структурата на религиската идеа, верувањата како и вредностите, но оштествената структура останува непроменета. Сведоци сме, гледајки ја историјата на промените во општествата, се променувала и религијта. Настанувале нови религии и истите трпеле многу промени и реформи, а исто така се одделувале религии од една изворна религија, како што е протестанството.

Многу истражувачи кои се бават со феноменот религија а поготово социолозите, овие причини ги сведуваат на општествените промени а некои главни причини се наоѓаат во самите религии.Социологија на религија е, заинтересирана за општеството, нејзината структура, економскиот развој и сл кои влијаеле врз одредените промени кои се јавиле од аспект на религијата. Најбитниот елемент за успешен меѓународен поредок е пред се, да се постигне слободата на религиите.Слободата на секоја религија е во делот на секоја држава, бидејки, со тоа на религиите им се ветува можност за да делуваат без да зависат од политички, економски и други фактори, или, да бидат приморани да служат за политички цели. Во денешно време самите религии укажуваат на толеранција, толеранцијата не значи изостанување на личното верување или определување туку, напротив, вистински обзир спрема другите вери и религии и кај нивните припадници и верници.

Религиите во светот треба да се издигнат над толеранција која треба да е меѓусебна за сите. Религиите во светот, треба да предводат во унапредување на мир и толеранција во светот. Човештвото станува се повеќе

унедините, додека улогата на религијата станува клучно прашање во изградба на светската заедница и за иднината на човештвото. Улогата на религијата има средишно место во унапредување на верската слобода и светскиот мир, во развивањето на светската заедница. Луѓето треба да научат да се разбираат едни со други и да се приврзани преку верските граници, се додека, не го изградат светот во кој народот кој е верски различен да може заедно да работи и да се разбере. Меѓународниот опсег на современиот живот, им наложува на светските религии да ја прифатат верската толеранција на сите луѓе во целиот свет.

## 4.1.ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И РЕЛИГИЈАТА

Постојат три теориски поделби на теоретичарите кои се занимаваат со глобализацијата:

а) хиперглобалисти - тука се мисли дека глобализацијата е „железна историска неизбежност“ која не е плод на волјата и изборот, а предвидува и „крај на националните држави“ и на нивниот суверенитет.

б) скептици – економската глобализација е само мит, а во светот постои „регионализација“ и настанување на три големи финансиски трговски блокови: европски, пацифичко-азиски и американски.

в) трансформационисти – овие претставници велат дека патот до светската глобализација, воопшто не е предодреден.Глобализацијата можеме да ја дефинираме како „реконфигурација на општествената географија, обележена од растот на транспланетарните и надтериторијалните поврзувања меѓу луѓето“. Таа „се развива со најголема брзина, во највисок степен, со најголеми размери и со најзначителни влијанија, почнувајќи од средината на дваесеттиот век“, а „поттикна значителни промени во одредени определби на: територијалноста, капиталот, државата, нацијата и современата рационалност“ (Solte, 2008:35). Религијата е составен дел на многу аспекти во општеството, но и верските убедувања имаат големо влијание во областите како што се политиката, економијата, културата и сл. Религијата е општествен феномен која секогаш не играла главна улога во јавниот живот во сите фази на човековата историја и развој.

Тука станува збор за улогата на верската идеологија, и верските институции. Различните верски идеологии придонесувале да религијата игра контаверзна улога во историјата на едно општество. Религијата како социолошки феномен, никогаш не била причина за омраза, конфликти, војни. Тие пред се, се воделе поради економски придобивки во најголем дел, и поради искористување на природни ресурси. Религиозното разбирање на демократијата не е само социолошко-политичка, туку, пред се, како духовно-етичка вредност, во која основна задача е служењето од љубов и пожртвуваност, за доброто на сите. Оттаму, е и значајната улога на верата, на религиите, кои, и според својата природа и според својата дејност, го остваруваат измирувањето меѓу Бога и луѓето, и на луѓето меѓу усебе. Тие се духовни и трајни вредности и пред Бога и пред човештвото.Верата е потребна и како сврзувачка алка меѓу старото и новото време. Таа е добра основа за промовирање на новиот културен модел на реевангелизација и афирмација на вредносниот систем.Феноменот на глобализација и глобализациските процеси во современиот свет нужно влијаат на сите случувања кои се актуелни во современите општества, па така и на религиските промени. Тие процеси се однесуваат на политичкиот, економскиот, културниот, религискиот живот во секое современо општество.

Религијата во глобалниот свет, дава голема можност за интеррелигиски дијалог и соработка, но и за опасност за затварање во сопствени рамки на самодостапност. Проучувањето на религијата во контекст на глобализацијата, до сега, е релативно занемарена тема, тргнувајки од фактот дека религијата се темели на традицијата, на блискиот однос помеѓу регионалната култура и традицијата. Влијанието на теоријата на секуларизација навеле многу општествени научници дека религијата ја сметаат за небитен социолошки феномен во модерниот свет. Глобализацијата е навлезена многу длабоко во сите сфери на општественото живеење.

Последици на глобализацијата се новите искуства во општеството, процесот на интернационализацијата и транснационализацијата. Односот помеѓу религијата и глобализацијата наметнува многу прашања, на кои теолозите, социолозите и други се трудат веродостојно да дадат одговор. Иако двата поима се противречни едни со други, сепак се тесно поврзани и истите ќе дадат анализи за нивната поврзаност во оваа докторска дисертација.. Тие

процеси се однесуваат на политичкиот, економскиот, културниот, религискиот живот во секое современо општество.

Со оглед на тоа што зборот има и техничко и политичко значење, различни групи имаат различни погледи кон историјата на глобализацијата. Во најчеста употреба, како во економијата, така и во политичката економија, е историјата на растечка трговија помеѓу нациите втемелена врз основните институции, кои им дозволуваат на индивидуите и на компаниите во различни држави да разменуваат стоки со минимални пречки. Поимот „либерализација" стана збор кој ја означува комбинацијата на капиталистичката економска теорија и отстранувањето на трговските бариери. Ова доведе до зголемена специјализација на нациите за извезување на стоки и притисоци, да се отстранат протективните црински давачки и други трговски бариери.

Периодот на златниот стандард и либерализацијата во 19 век, често се нарекува „Прва ера на глобализацијата". Според многумина, како што растела индустријализацијата, така се повеќе се развивала „Првата ера на глобализацијата". Златниот стандард се појавил во неколку земји помеѓу 1850 и 1880 година, меѓутоа која земја кога се наоѓала во вистински златен стандард е прашање за дебата. „Првата ера на глобализацијата" се смета дека се распаднала во повеќе стадиуми започнувајќи со Првата светска војна, а колабирала целосно со кризата на златниот стандард од доцните 20- ти до раните 30-ти години.

Глобализацијата во ерата по Втората светска војна е управувана од многу рунди на преговори за светската трговија, примарно под правилата на Општиот договор за трговија и тарифи, која доведе до серија на договори за отстранување на рестрикциите на „слободната трговија". Најважна рунда на преговори е Уругвајската, која доведе до формирањето на Светската трговска организација (СТО) со цел да се посредува при евентуални интернационални спорови. Други билатерални трговски спогодби се, Договорот од Мастрихт и Северноамериканската спогодба за слободна трговија, кои се потпишани со цел да се намалат царините и бариерата во трговијата. Тргнувајќи од односот на религијата и глобализацијата, јакнењето на религијата се наметнува како нужна последица на глобалните процеси. Тука се поставува прашањето зошто е така.

Одговорот, е дека процесот на глобализација го доведува во прашање стариот систем на вредности и улогата на институциите како што се: семејството, религијата, државата, нацијата. Предизвикува криза на идентитетот, чувство на дезорентираност и загрозеност, губење на самосвојноста и корените, а тоа од друга страна се манифестира со јакнење на интересот за религијата(како носител на колективниот идентитет). Глобализацијата,е многу комплексен феномен. Таа е најјака интернационализација која тргнува од организациите, преку културата до јазикот. Со глобализација настануваат социјални, етички, политички, па и религиски промени. Прашањето за состојбата на религиозноста во глобализацијата е многу интересна. Религијата е значаен аспект на глобализацијата иако е релативно занемарена тема и дискутабилна, поради начинот на кои тие се поврзани. Имено станува збор, за спротивставени поими – кои укажуваат на деструкција на едниот во однос на другиот.

Едноставно може да се каже дека, глобализацијата не е опасност за религијата. Кога ја набљудуваме глобализацијата од позитивна страна, може позитивно да се имагинира како за ветена земја, но од друга страна, има знаци дека глобализацијата е отворање на врата на светскиот империјализам кој се претвора во интерес за профит (Beyer, 1994). Глобализацијата е предизвик за целото човештво, и за сите религии, и таа со себе ги носи и добрите и лошите елементи кои на човештвото им стануваат познати и достапни. Поради тоа, тие кои се помалку свесни за себе за својата култура и религиозност ќе бидат во голема опасност, а за другите луѓе, глобализацијата, ќе им претставува предизвик. Секако дека постои тензија кога станува збор за глобализација, но денес можностите се подобри и пореални за нејзино остварување. Поради тоа, глобализацијата претставува новитет кој е врежан во човековата историја. Глобализацијата не смее да биде духовна експлоатација и субординација на луѓето. Третиот милениум треба да биде обележен со идејата на дијалог, а не со судир на цивилизацијата. Темелната мисија на епохата во која живееме е дијалогот и коегзистенцијата.

Европа има иднина, доколку адекватно ги вклучи припадниците на исламската вера, бидејки тие го сочинуваат делот од европскиот идентитет. Почитување на секое право на човекот, е предуслов за мирен живот помеѓу, сите луѓе од сите религии во светот. Глобализацијата можеме да ја

определиме и како политички процес, со кој нациите ги делат вредностите и така постигнуваат подобар облик на соработка, или пак, мали нации стануваат губитници во борбата за власт. Глобализацијата е видена и како културален феномен. Тука се сведува на интеракција помеѓу различните култури, кои се обогатуваат помеѓу себе.

### 4.2. ИСЛАМОТ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Глобализацијата ја гледаме низ призмата и на религијата. Глобализацијата настојува, на религиите да ги спои во некоја заедничка религија, која би била прифатлива за сите народи, и која би била во служба на глобалните процеси. Исламот е еден од најзначајните, најголемите и најраширени светски религии, втора од монотеистичка форма. Ислам значи: потчинување, предавање, покорување кон Бога. Исламот се базира врз светата книга Куран, која настанала како порака-објава од Бога преку Пророкот Мухамед. Куранот е извор за исламската вера, морал и право, во него се претставени основните Божји стремежи, намери и волји, како и задачите на луѓето кон Бога и во животот.

Според исламските научници, Исламот се дефинира како систем на закони и распоред за олеснување на човечкиот живот и прифаќање на Бог како создател. Исламската верска заедница се карактеризира со толерантност во однос на другите религии и го негуваат ставот дека сите оние кои прават добри дела и веруваат во еден Бог, ќе ја добијат својата награда на Судниот ден.Муслиманите не признаваат никаква икона или боја како света во Исламот. Тргнуваат од начелото, возвишувањето на симболички или материјални нештае спротивно на монотеизмот. Религијата како социолошки феномен има посебно место во процесот на глобализацијата.

Таа е доволно маргинализирана и независна од општествените феномени, а истовремено е истакната повеќе како што се вредностите и нејзиното место е, многу важно во кое живееме. На една страна глобализацијата не приближила како никогаш досега, испреплетувајки ги нашите животи на национално и меѓународно ниво на сложен и заплеткан начин. Од друга страна, новиот трибализам, регресија и враќање кон старото и

упорна лојалност, уште повеќе не поделиле.И религијата, како феномен е дел од тој процес, не води лесно до мир, а исто така, со еднаква горчина не води и до војна. Политичарите имаат моќ, но религијата има уште поголема моќ. Таа има влијание врз луѓето. Се поставува прашањето, како тие промени во развојот на општеството се одразуваат врз карактерот на промените на религијата. Многу често, социолозите се запрашуваат дали религијата исчезнува или, дури сега се развива, тие веруваат дека религијата се враќа, оживува или доживува свој препород во современото време.

Ова може да укажува, а и не мора, дека религијата се наоѓа помеѓу глобализацијата, политиката, културата, како субјект кој е доволно присутен во општеството и маргинализиран, специфичен но сепак зависен. Ако глобализацијата ја разбереме како глобализација на капиталисти, на трговски организации на слободниот пазар и на модернизмот, и ако, таа произлегува од логиката на современата ера, а модерна пак се темели на логика на просветителство, тоа значи дека денес глобализацијата е еднаква на глобализација на просветителство, која не била наклонета кон религија.Многу автори во контекст на религиозноста и глобализацијата укажуваат на позитивни видови на глобализација, додека, други се многу внимателни, а секако и многу критични.

Секако, појаватана глобализација никого не остава рамнодушен. Таа отвора сложени теоретски, но и многу практични прашањакако што е на пример, формацијата на верниците. Еден од актуелните проблеми на Исламот денес, е неговиот однос према глобализацијата. Постои едно ново искуство со кое се соочува денешниот човек,а тоа е искуството со кое не се соочувале неговите предци. Тоа искуство, не е патување од еден континент во друг, туку патување од еден религиски простор во друг. Поради тоа, процесот на глобализација денес би требал да биде во контекст на раѓање на планетарна идеологија на разбирање и на дијалог. Темелната мисија на епохата во која живееме денес, претставува еден дијалог, а не судир на цивилизациите. Таа е всушност дијалог и коегзистенција. Припадниците на религијата се сретнуваат се повеќе и перманентно во сите сфери на општествениот живот.

Исламската мисла се сретнувала со многу тенденции и предизвици како што се прашање на нација и секуларизмот. Еден од актуелните проблеми на Исламот во светот е всушност, неговиот однос кон глобализацијата.

Идеолошкиот аспект на глобализацијата е многу битен, бидејки, тој одлучува и ги обединува сите аспекти на глобализацијата. Глобализацијата е и политички проблем бидејки, се занимава со процесот на уредување на светот и на светската заедница од еден размер. Едно многу значајно сознание на глобализацијата е дека, таа го дели светот на делови, кои се одделуваат од нивната традиционална целина која е настаната во текот на илјадници години.

Па така, овој нов свет, глобализацијата го спојува во нов вештачки, кој е дизајниран по проект и по изумот на глобализацијата. Муслиманскиот свет пред западниот, се повлекувал во себе во состојба која Хегел ја нарекол ,,ориентален мир,,. Односот на муслиманската религија кон глобализацијата, може да биде: во изолација – што не води добро, во асимилација – истотака не води кон добро, и интеграција - која Исламот ја афирмира. Тука проблем е секуларизмот, доколку глобализацијата се определи за него, ќе биде експлоатација. Таквата глобализација не се разликува многу од колонијализмот, со тоа што, глобализацијата го наметнува секуларизмот кој не наговестува верба во Бога. Поради тоа, е потребно да се работи на потикнување на духовност во процесот на глобализација.

Глобализацијата нема нигде да успее ако заборави на духовноста и на вербата во Бога, бидејки, религиозно само Господ може да не спаси. Ако, не ги прифатиме духовните вредности на религиите како составен дел на глобализацијата, тогаш, не би знаеле кој би не спасил. Процесот на глобализација нема никогаш да успее доколку, не го прати духовното учење од религиите.Секуларизмот, укажува на еден затворен поглед на свет, како и апсолутен систем на вредности. Во една смисла, секуларноста го одобрува правото да се биде ослободен од религиското владеење и учење, како и правото на ослободување од наметнувањето на религијата кај луѓето од страна на влада на држава која е неутрална во однос на прашања поврзани со верата. Во друга смисла, се однесува на гледиштето дека човековите дејности и одлуки, особено политичките, не би требало да потпаѓаат под влијанија на религијата (Kosmin and Barry , 2007: 230).

Сепак, луѓето треба да се свесни за своите сопствени погледи и верувања. Луѓето треба да знаат дека, светот се променува, генерациите се менуваат, и дека треба да се живее со тоа дека, принципите и етичкиот кодекс мора да се промени. Многу повеќе од 2000 години се поставува прашањето,

дали ќе се случи теоријата на судир на цивилизации. Во природата на човекот е, да не го сака тоа што не го познава. Со незнаење, и со стравот кај човекот, се појавува една погрешна слика за нештата. Основата на сите вери е од еден единствен принцип, и е идентична во сите периоди. Иако во религиските обреди, постои разлика помеѓу религиите, која е квантитативна и квалитативна, сепак основата на религиите е една и во неа нема, ниту, ќе биде контрадикторност. За една личност која ги спознала нужните импликации на животот во големото глобално село, не е можно да се занемарат изворните духовности на другите луѓе.

Куранот се обраќа на своите верници, укажувајки им дека оној кој ќе направи зло ќе биде казнет за тоа дело и нема да најде освен Бог, ни заштитник, ни некој кој би можел да му помогне, а тој кој прави добри дела, а исто така е верник, нема да му се случи никакво зло. Исламот укажува дека, во процесот на глобализација е најбитен еден дијалог. Тоа преставува многу важно обележје на Исламот. Тука се става најмногу акцент на дијалогот помеѓу Господ и човекот, бидејки, човекот кој не е во дијалог со Господ тој не може да се прилагоди со никого. Според Исламот, човекот е одговорен за ситуацијата со дијалогот на човештвото и Господ.

Исламскиот концепт за интеракцијата кон другите е многу битен сегмент во верата, и тоа не е настанато во модерното општество. Во Исламот тоа фундирало пред 1400 години, дијалогот кон религиите треба да биде филозофски бидејки религиите подобро се разбираат преку своите филозофски системи отколку преку теологиските системи. Во традиционалната филозофија, човекот бил слободно суштество за разлика во теолошките, системи, а без неговата слобода нема да има верба во Господ. Во многу епохи од својата историја, Исламот имал успешни проекти на духовна и културно – цивилизациска глобализација, бидејки во исламскиот поглед на свет секогаш се применувало филозофско учење. Исламот се јавува како алка на универзално, глобално поврзување.

Исламот, без ксенофобија влезе во глобалниот дијалог со другите религии, култури и цивилизации. Исламот е отворен, и се забележува дека во Куранот не може да се најде терминот муслимански господ. Тоа за Исламот е најгомен грев, бидејки со тоа се ограничува Господ на нешто што тој не е. Исламот значи да се предаде на Господ. Според Исламот, глобализацијата не

треба да значи ниту унификација ниту униформизација. Исламот учи дека, муслиманите во глобализацијата мораат да партиципираа со глобализација. Тие, глобализацијата не ја сметаат за непријател туку како сопствена можност. Исламот, глобализацијата ја гледа како предизвик на кој Исламот може да ги даде своите одговори и така, да допринесе во раѓање на плодови на корист на својата и на корист на целото човештво.

За да биде глобален треба да се даде можност на сите страни од светот да ја играат улогата на еднаквост. Исто така, глобализацијата не смее да биде материјализирана. Ако со глобализација, управуваат законите на пазарот во корист на моќни луѓе, во тој случај ќе се појават големи последици. Ако се случи да падне почитувањето кон верата што преставува многу лош случај, нема да биде позитивно, бидејки на верата се заснивaaт вредностите. Ако ја изгубиме верата, тогаш ги губиме и вредностите.

А општество без одредени вредности, е опасно општество. Дијалогот е начин на живот и воедно е и отворање на вистината.

Либералната демократија, го нагласува индивидуализмот и слободата на совеста и на идеите. Доколку, овие принципи правилно се применуваат во одредено општество и на глобален план, тогаш системот би акумудирал плуралитет на идеи и доверби. Ова доведува до еден заклучок дека, треба да се очекува да, на сите играчи во културната интеракција бидат загарантирани исти права и должности. Тогаш глобализацијата, би постигнала еден мултикултурен свет, свет кој би се сложил околу економски прашања, како и разбирање и мироъубива коегзистенција помеѓу различни религии и култури.

Исламот, по својата внатрешна содржина и по своите надворешни манифестирања, се наоѓа пред многу предизвици кои ги носи со себе глобализацијата. Најголем број на државни заедници во кои преовладува Исламот, нема демократско уредување, тука верските сегменти заземаат улога во политиката во земјата. Исламот во глобализацијата секогаш ги респектирал разликите.

Според Исламот, глобализацијата не треба да значи униформизација. Исламот учи дека муслиманите во глобализацијата мораат да партиципираат и да вложуваат, тие не ја гледаат глобализацијата како еден непријател, туку како една можност за афирмирање и подобрување на своето живеење во реалниот свет. Муслиманите, во светот се наоѓаат пред огромен предизвик, а

тоа е како да одговорат на предизвиците на модернизмот кој го носи глобализацијата, како да се биде современ во западниот свет, како да се постави во расцепот помеѓу традиционалните форми на религиозност и на модерните стилови на мислење и на однесување. Тоа се прашања од клучно значење, кое го поставуваат не само муслиманите туку и другите религии во светот, бидејки се актери со својот духовен интелектуален, морален ангажман во интегративниот процес на остварување на својот културен идентитет.

Пред муслиманите се поставува и прашање за соживот и коегзистенција со другите религии, култури, нации. Исламскиот свет во текот на модернизацијата на западот стагнира. Но, во најдобар случај тој постепено има позитивни достигнувања и напредувања. Традицијата и модерноста можат да одат заедно доколку, модернизирањето е автономно дело и ако старото не се уништува туку преобразува. Причините за стагнацијата на исламскиот свет во модернизацијата се меѓусебните внатрешни и надворешни фактори, ригидната конзервативност, спознавање на пасивизацијата, владеачка елита, колонијална и неоколонијална експанзија и хегемонија на империјалните сили во исламскиот свет.

Исламскиот модернизам има за цел да ги спознае двете еднострaности на исламското учење и пракса – традизионалноста и мистички интуитивизам.

Во 21 век муслиманите ќе продолжат да се борат со прашање на идентитет, својот авторитет и легитимитет. Училиштата на иднината ќе бидат различни, во зависност од локалниот контекст и од културната традиција. Познато е дека, Исламот како религија е самодоволен и лесно прилагодлив. За негово ширење не е задолжително следење на сите надворешни атрибути на религиозниот култ кои толку строго се почитуваат во другите религии. За муслиманите, сосема е не задолжително да изградат џамија, како црква за православните или катедрала за католиците, при тоа за црквата е неопходно специјално да се изгради, да се украсат куполите и внатре, а џамија може да биде било која куќа.

Така, по официјалните податоци, во Италија има 350 џамии и домови за молење, од кои околу една третина се викаат џамии, иако само неколку ја имаат карактерната купола и минаре. Колку такви домови има на територијата на Европа и што се проповеда во нив, што се учи во религиозните школи во соседството со целосна сигурност не може да се каже. Неуспехот од

алтернативната идеологија и многу влади ќе продолжат да бараат локалните национализми да бидат истерани и уништени во историјата и во културата. Истовремено, тие кои ја заговараат секуларната ориентација ќе бидат пред предизвик да ја усвојат и прилагодат онаа секуларна опција која, ќе може да прифати широка застапеност на Исламот во општеството. Секуларните и исламските патишта ќе бидат пред предизвик да ги развијат пред се секуларните и исламските патишта кои ќе ги подржуваат вистински, како и да се отвори плурализмот кој ќе одговори на различностите во општествата, односно, плурализам кој ќе ги штити правата на верниците и на оние кои не се верници.Теоретски гледано, религиите немаат причина да се плашат од процесот на глобализација, тие ги надминуваат културните, лингвистичките и др. препреки кои ги раздвојуваат народите, кои низ историјата тоа го прават Христијанството, Исламот, Будизмот итн. Глобализацијата ги става пред предизвик, религиитеда постанат бедем на одбраните заеднички спомени и сопствен идентитет, кај луѓето кои се чувствуваат загрозени со доаѓањето на нови култури и религии, сватени како туѓи со демократските правила или пак, настојуваат да спречат избувнување спорови меѓу културите или нови верски војни. Како и да ги зголемат напорите околу вистинскиот дијалог со намера постигнување на минимален консензус помеѓу различните култури и религии.

Зборувајќи за религијата во процесот на глобализацијата, пред неа се поставуваат три важни задачи: чувство на заедничка одговорност, барање на единство преку дијалог и формулирање на заедничкиот етички состав преку меѓусебно поврзување, договарање делување. Фактот дека, луѓето се повеќе го делат животниот простор со други, се повеќе ја наметнува и потребата од неизбежен дијалог помеѓу религиите, кој нема да ги поттикнува религиите на нивните сопствени идентитети и задачи да се дефинираат една против друга, туку напротив, тоа настојување да ги усмери една кон друга. Од религијата се очекува да постане симбол на процесот дијалог – единство. Денес, во современите западни општества, може да се констатира дека се набљудува опаѓање на улогата на религијата, а во одделни случаи дури нејзина маргинализација.

Религијата на запад, се повеќе се разбира како дел од историското и културното наследство, отколку како неразделен дел од секојдневниот општествен живот, фактор на социјалниот развој и прогрес.

На Запад царува сознание за тоа, дека, само научното знаење и правилното управување со економските процеси може да доведе до понатамошен развој на човештвото.Некои истражувачи во дадената тенденција гледаат „зародување или подем на нова принципиелно изввртена религија кај западната цивилизација – експресивен индивидуализам – која се изразува не во прославување на Бога или Државата, туку на сопственото „Јас“. Суштината на доброто живеење е во дијалогот и коегзистенцијата. Припадници на различни религии се сретнуваат се повеќе во сите сфери на општественото живеење. А целта, секако е почитување на човековите права од сите религии кое преставува поттик за мирен живот помеѓу луѓето.

## 5. ОПШТЕСТВЕНИТЕ СИСТЕМИ И РЕЛИГИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Религијата и образованието се темели на денешниот општествен систем во разните држави во светот. Општествени системи, кои сакале да ја потиснат религијата и религиозноста неможеле тоа да го постигнат. Постојат два процеса кои во општествениот систем водат од религиска основа до световност а тоа се, општествениот систем кон богатството, додека богатството кон напуштање на изворното религиско определување и механизацијата и роботизацијата, кои се замена за човековата работа и водат кон напуштање на калвинистичката идеа за предавање на верата.Религијата како основа во општеството и образованието во денешните цивилизации, има разнолик однос спрема веркото образование.

Со своите традиционални норми кои ги поседува религијата, дава упатство за живот, додека од друга страна, со поистоветувањето на верскиот и националниот фундаментализам и верските секти, можат да донесат многу конфликти и големи проблеми во општества кои се мултиетнички. Правото на образование како и право на верување и на вероисповест се права, кои треба да се почитуваат во секоја цивилизација во светот. Оние религии во светот кои се поставија како флексибилни, кои служеле за потребите на луѓето и за слободата на современиот човек, тие успеале да се шират и да се развиваат. Поради тоа, улогата на образованието е еманципаторска. Религијата како основен социолошки феномен и образованието, можеме да констатираме дека

во различни држави има различен однос спрема верското образование. Во некои земји, во светот веронауката е задолжителна во училиштата, во некои е факултативен предмет а во некои држави воопшто не се практикува.

Со своите традиционални норми религијата ни нуди морал со низа конкретни упатства за животот, дава низа етички максимум кој ја подржува социјализацијата.Од друга страна со поистоветување на верскиот и националниот фундаментализам и верските секти можат на нанесат многу проблеми кај луѓето во мултиетничките заедници. Правото на образование како и правото на верување и вероисповест, се човечки права кои секое модерно општество треба да го почитува бидејки тука се работи за елементарни човекови права.

Со напредокот на техниката и технологијата модерната религија ја има променето низата од својот извор. Тие религии кои се поставени флексибилни, кои оделе за потребите и слободата на современиот човек, успеале да се развијат и да се шират. Пред се улогата на образованието е всушност еманципирана. Структуралните промени во современото општеството претставува нова функционална рамка за промените кои одговараат во образованието и воспоставување на нов однос између образованието и религијата.

Во сите општества, во текот на целата човекова историја постоела потребата од религија. Религијата претставува збир на верувања, која се темели на духовна вера на нејзините следбеници. Секој има своја дефиниција за “религијата”. Религиите обично имаат посебни одредби, чија цел е остварување на комуникации со богови или одбележување на големи настани во животот на некои личности. Што се однесува до дефинирањето на религијата, некои мислат дека таа не може да се дефинира бидејќи истата не може да се гледа како емпериска стварност. Други пак укажуваат на верување, симболи, учење, водичи и се друго што е треба да се има во предвид за да се дефинира религијата. Некои мислат дека религијата е облик на човекова култура и дека истата спаѓа во областа на културата. Точно е дека религијата претставува култура, но би било погрешно да не се прави разлика помеѓу културниот и религиозниот идентитет. Социолозите, религијата ја истражуваат и одредуваат како групен феномен. Имено околу религиските идеи, секогаш се

формира група која се разликува од останатите видови на групи по истата религиска припадност на нивните членови.

Религијата се зацврстува по пат на семејни религиски заедници но и со обичаи. Без обичаите, истата би била мртва. Религиските обичаи бавно се менуваат и не играат значајна улога во друштвата склони на промени.Од друга страна со поистоветување на верскиот и националниот фундаментализам и верските секти, можат да нанесат многу проблеми кај луѓето во мултиетничките заедници. Во модерните општества, образованието остварува повеќе мисии. Постојат и други мисии што произлегуваат од потребите на поединците и на самото општество. Правото на образование како и правото на верување и вероисповест се човечки права, кои секое модерно општество треба да го почитува бидејки тука се работи за елементарни човекови права.

Со напредокот на техниката и технологијата, модерната религија ја има променето низата од својот извор. Тие религии кои се поставени флексибилни, кои оделе за потребите и слободата на современиот човек, успеале да се развијат и да се шират. Пред се, улогата на образованието е всушност еманципирана. Структуралните промени во современото општеството претставува нова функционална рамка за промените кои одговараат во образованието и воспоставување на нов однос помеѓу образованието и религијата.Религијата претставува историска категорија, што го продолжува векот на траење и во современото општество.

Религијата е еден од најкомплексните општествени појави, присутна во животот на човекот од неговото раѓање, што ја дава смислата на неговото живеење.Таа е обележје на сите човекови заедници. Сложеноста, повеќеслојноста на религијата како општествена појава се рефлектира и во потешкотиите во нејзиното дефинирање. Во литературата, постојат два социолошки пристапи во дефинирањето на поимот религија: структурален и функционален..Структуралниот пристап подразбира проучување на структурните елементи на религијата.

Тоа насочува да се проучуваат кои се заеднички елементи, а кои различни религиски елеметни и тоа во рамките на различни религиски системи. Шушњиќ за структуралната анализа на религијата истакнува дека нејзината основна задача не е да се прикаже единствено структурата на верскиот живот, туку да се пронајде начинот како се организирани одделните делови на

религијата кои аплицираат во целината на верата, односно да се прикаже целокупната организација на верското живеење. Социологијата на религија не може да ја разбере религијата без објаснување и разбирање на нејзините компоненти.

Религијата ја задоволува потребата на човекот за спознавање, таа му нуди поглед на светот, му овозможува да комуницира на разни нивоа, ја задоволува потреба за друштвеност, општественост, што секако сите овие потреби се императив што му припаѓа единствено на човекот. Моќта и силата на религијата се гледа и во тоа што ја интегрира општествената заедница, го уредува општествениот живот, го јакне колективниот дух кај луѓето, а со тоа овозможува постабилен општествен систем.

Регулативната функција на религијата се состои во тоа што верникот се идентификува со "светото", ги прифаќа правилата кои се наметнати од "светото" како сопствени правила. Несомнено, религијата е еден од првобитните регулатори на општествениот живот. Секоја религија се карактеризира со одредени морални норми, кои своите верници ги насочуваат да ги почитуваат определените вредности. Религијата како сложен феномен треба да се сфати како сила која го поттикнува човекот кон остварување на најдоброто од него, како свест за моралот. Во модерните општества, образованието истовремено остварува повеќе мисии. Пред се, помислуваме на мисијата на стекнување на знаење т.е. описменување и учење. Современото образование се судира со нови предизвици секојдневно. Ако најголемото богатство на една земја е нејзиното население, тогаш најзначајните ресурси на земјата се знаењата.

Затоа национални приоритети на секоја земја која ја планира својата иднина, се образованието и науката. Современото образование, денес се судира главно со три најголеми предизвици како: брз развој на науката и техниката кои иницираат одредени проблеми во образованието; образовните цели треба да се прилагодат и усогласат со реалните потреби и можности кои произлегуваат од потребите на општествениот и технички развој; образовните решенија треба да ги задоволат претходните две барања и да отстапуваат од традиционалните. Затоа, проблемите на образованието денес, можат да се определат во неколку насоки и тоа: - огромен квантум на знаења кој секоја втора година двојно се зголемува; - појава на нови научни и стручни сознанија

кои ги менуваат постојните; - појава на нови технологии; - ограничено време за формално образование; - „доближување на светот“ со интензивна комуникација меѓу научните и стручни лица од различни земји; - интернетот се претвора во доминантен извор на информации; - брза промена на занимањата и појава на нови.

Религијата претставува еден од најкомплексните општествени феномени. Во историјата на проучувањето на религијата, постоеле различни пристапи во кои, таа била третирана од аспект на религиско учење, од аспект на нејзината филозофска димензија, како и од аспект на социолошкото значење на овој сложен општествен феномен.Религијата ја претставува најстарата идеолошка определба во човештвото. Пред појавата на организираната религија, луѓето живееле во мали номадски групи во кои главно се хранеле со помош на лов. Тие тогаш верувале во разни натприродни сили.Религиите одиграле непосредна улога како значаен фактор и во зачувувањето на народната традиција, па дури, и во зачувувањето на етничката свест, посебно среде оние народи кои долговремено се наоѓале под ропство. Ова посебно дошло до израз на Балканот.

Што се однесува до механизмот на своето влијание, т.е. начинот преку кој дејствуваат, религиите (религиозните организации) го реализирале и го реализираат преку пораки упатени кон своите верници и поддржувачи, било да се во писмена форма (преку религиозните ракописи и свети книги, т.е. текстови) било преку усни проповеди од страна на своите свештеници (во религиозните објекти или надвор од нив). Влијанието на религиите врз сфери од човековото битисување може да биде непосредно (директно) и посредно (индиректно). Директното (непосредното) влијание веќе го спомнавме во случаите кај влијанието во: етиката, воспитанието, социјалната помош, зачувувањето на народната традиција, обезбедувањето социјална и економска стабилност на поголема популација и друго. Индиректното (посредно) влијание на религијата се забележува во оние области кои настанале (се развиле, се осамостоиле) од областите врз кои религијата имала директно (непосредно) влијание.

На пример, ако кажеме дека религијата со своите морални пораки извршила директно идејно влијание во основните постулати на современата етика, тогаш може да се каже дека религијата индиректно (посредно) имала

влијание и врз оние дисциплини (области) кои настанале (се создале, се осамостоиле, се развиле) од етиката. Нема добри приказни за односот на религијата и образованието во светски размери без главниот јунак, а тоа е осудувањето. Тоа осудување е наречено глобализација, која ја има во целиот свет. Главна задача во светот е како, да се употреби традицијата во тој процес на транцизија, Тука станува збор и за нашата држава, и да се изведи прагматичната промена во однос на традицијата. Структуралните промени во општеството, преставуваат нов функционален оквир за промените кои се случуваат во образованието на глобално ниво, и воспоставување на нов однос помеѓу образованието и религијата.

Религијата, општествените промени и образованието се во тесна врска, така што промените во економска база укажуваат на промени во сферата на надградување, а тоа значи, во религијата и во образованието. Религијата и образованието денес, се многу комплексни во однос на цивилизациското окружување. На прв поглед се чини дека, постоењето на различните религии е препрека на глобализацијата која го зазема целиот свет, да религијата води во глобални цивилизациски конфликти, а не, во глобалниот процес на помирување. Така, образованието се воспоставува како фактор на помирување, како надеж и потреба во општеството. Образованието е процес, кој може да помогне во толеранцијата и во помирување помеѓу различните светски религии. Во поголем број на образовни елементи во европските земји е присутно религиското образование.

Но, постојат разлики во начинот на кој, се учи религиската содржина односно, постојат модели на религиско образование. Најчесто се разликува конфесионално и неконфесионално религиско образование. Со конфесионалното религиско образование се настојува да се образоваат деца во одредена религија како, би стекнале знаење за одредената религија. Овој облик на образование преставува, одреден религиски став. Неконфесионално религиско образование значи, да се учат младите генерации за религијата како би можеле самите да го остварат својот сопствен став спрема религијата.

## 5.1. ВИДОВИ НА РЕЛИГИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Религиското образование може да се подели на образование во вера односно религија, образование за религиите, и образование од религија. Образование во религијата односно внатре преставува како учениците би верувале во таа религија и самите да створат обврска спрема неа. Личноста која обучува е верник додека, религиската заедница одредува предметот и методите на подучување. Тука се учи за една религија при што преставува главна критика дека не е место во јавното образование ова да се применува, бидејки настојуваат да се формираат нови генерации на верници.

Образование за религиите се настојува да се подучи за религиите за нив самите. Се учи за религиските верувања, вредности, и пракса со цел повеќе да влијае на поединецот или на заедницата. Светите книги како што се Библијата и Куранот не се читаат како свети текстови туку како историско – книжевна литература. Таквото образование се нарекува компаративно религиско или религиски студии. Образование од религија, се настојува на учениците да им се даде одговор за одредени верски морални прашања и за истите да добијат одговори од различни религии како би подоцна самите да изградат свој сопствен став за сите религии. Но често се употребуваат одредени комбинации на модели на религиското учење во зависност од разни фактори или ситуации во кои се наоѓа одреденото општество.

Вера во образование и образование во вера, укажува на се повеќе изумирање на конфесионален тип на религиско образование, а од друга страна, се повеќе се губат елементите на конфесионалното образование во кое се истакнува да религиското образование мора да допринесе на општото образование во изградба на мир толеранција и мултикултуралност како и почитување на правата на учениците. Религијата и образованието се темели на општествениот систем во разните држави во светот. Процената на религиите на основ на функционирање на религиските институции не е доверлива мерка за присуство или отсуство на религиите. Односот на општествениот систем и религиското образование ќе го разгледаме низ неколку прашања:

- Дали религијата има се помалку влијание на општествениот систем и на образованието?

- Дали вредносните системи се повеќе одат од религиски кон прагматични?

Постојат два процеса кои во општествениот систем водат од религиска основа на образование кон световност, а тоа се:

- Механизацијата и развојот на технологијата кои работат наместо човекот и водат кон напуштање на калвинистичката идеја за лојалности кон верата;

- Општествениот систем води кон богатство и кон напуштање на изворното религиско определување.

Многу социолози во светот, ја поставуваат тезата дека, религијата има се помалку влијание на образованието и на општествениот систем, а заслугата за тоа, е развојот на технологијата, развојот на светската глобализација и сите други промени кои одат со неа. Овој процес во социологијата се нарекува десакрализација.Со примена на веронаука во образовниот систем, ќе се даде одговор на многу од духовните потреби и на современи предизвици и прашања. Веронауката во образовниот процес, ќе овозможи сестран развој кај младината и правилно разбирање на религиските и човечките вредности.
Во мултиетничките општества, духовната вредност на верата, образованието и воспитувањето ќе придонесе развој на солидарност, разбирање и зближување. Овие духовни вредности се симбол и основа на зближување и покрај сите разлики кои постојат во општеството. Религијата и верата се здрава основа за единство во разликите во едно современо општество.

Со мистично религиозни мотиви човековото однесување се движи кон рационалното. Постојат причини за тоа дека религиозните тврдења за светот се движат кон рационалните. Тие се сознанието кое го дава модерната наука, образованието ја шири општата свест која се заснова на етичка причина, повееќе од догматската. Друга причина е дека, луѓето осеќаат дека припаѓаат на општество од која организација зависи неговиот опстанок и неговата слобода. Религијата е основ на едно општество и на образованието во него и за неа можеме да кажеме дека во денешните цивилизации во различните држави има различен однос спрема верското образование. Во некои држави, веронауката е задолжителна во училиштата а во некои воопшто не се практикува.

Со своите традиционални норми религијата нуди морал со конкретни упатства за живот, нуди низа од етички максимум. Од друга пак страна, со поистоветување на верски и национален фундаментализам и на верските секти може да се нанесат многу проблеми кај луѓето кои живеат во мултиетнички заедници како што е нашето општество. Правото на верување и на образование, се човечки права која секое општество треба да ги почитува. Верата и веронауката се важни елементи во градењето на новата духовна состојба во нашево општество и нив не треба да ги исклучуваме. Значајно е нивното учество и голем е нивниот придонес. Во денешните модерни општества, не е замисливо да се вратат на изворни религиски догматски и мистични поставки.

Со развојот на општествата и религиите го промениле својот терк. Оние кои се флексибилни и кои оделе по потребите на луѓето, успеале да се развијат и да се шират. Улогата на образованието е пред се еманципаторска во секое општество. Верата кај луѓето го детерминира нивното однесување, влијае на нивните вредности и формирање на вредносните системи.Општиот пристап во изучување на човековото општество, дефинирање на неговото настанување, законитостите, условило развој на поголем број на теории и правци. Со тоа е овозможено изучување на одредени општествени појави кои образуваат човечко општество. Без Бога нема да имаме вистинска мерка и за вредноста на нашите постапки. Човекот не може да прави ништо добро, ако не верува во највозвишеното добро – во Бога. Секој од нас, светот го гледа според системот на вредностите, и затоа како некој човек го гледа светот не зависи од светот, туку од неговиот дух и од вредностите што ги усвоил. Моралните вредности се духовното богатство на верата и на верското образование и воспитание. Преку нив може најдобро да се објасни и да се сфати дека е важно да бидеме морални.

Религијата, образованието, како и глобализацијата се во еден комплексен однос во опшественото опкружување. Се мисли дека постоењето на разните религии во светот е една пречка во развојот на глобализацијата, да различните религии водат кон глобални цивилизациски конфликтни ситуации. Поради тоа пак образованието е еден фактор на помирување кој се јавува како потреба која е многу потребна во светот на глобализацијата.

Образованието е еден процес на помирување и многу помага на глобализацијата да се свати како процес кој не е идентичен на американизацијата туку, тоа е еден процес кој настанува како достигнување на новите технологии во пренесување на информациите, како резултат на трансфер на знаење и технологија, како процес во кој сите народи во светот имаат огромно значење и добивка (Виденов, 2001: 33).

## 6.ПОЈМОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Исламската Верска Заедница во Република Македонија; претставува заедница на населението со исламска вероисповед. Од осамостојувањето на Република Македонија, Исламската Верска Заедница претставува самостојна организација со структура од Џематскиодбор, Муфтиства во земјата и во странство, Собрание на муфтиството, Ријасет на ИВЗ, Реус-улулема, Собрание на Исламската Верска Заедница, Уставен совет.Организирањето на верскиот живот во текот на перидот на Османлиската Држава било под јурисдикција на Шејхул-Исламот во Истанбул, додека по Балканските војни, односно, по Првата светска војна, верскиот живот на муслиманите бил под јурисдикција на Реис Улема, со седиште во Сараево, Босна и Херцеговина.Инаку, Исламската Верска Заедница во Македонија била составен дел на Исламската заедница на Кралството Југославија, а потоа, во Социјалистичка Федеративна Република Југославија. По распадот на поранешната државна заедница и по осамостојувањето на Македонија, оваа заедница продолжува да дејствува како независна верска заедница во Македонија, со седиште во Скопје. Исламската Верска Заедница се карактеризира со толерантност во однос на другите религии и го негуваат ставот дека сите оние кои прават добри дела и веруваат во еден Бог, ќе ја добијат својата награда на Судниот ден.

## 6.1. СТРУКТУРА НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА

Структурата на ИВЗ го докажува историскиот континуитет во правна смисла и е единствен наследник на сите историски активности и единствен сопственик, кој го наследува движниот и недвижниот имот од Исламските верски заедници кои делувале во овие простори.Во земјата има вкупно 13 муфтиства и тоа:

-Скопско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Скопје;

-Тетовско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Тетово;

-Гостиварско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Гостивар;

-Кумановско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Куманово;

-Кичевско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Кичево;

- Дебарско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Дебар;

- Струшко Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Струга;

-Штипско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Штип. Во градот има основано верско училиште, а седиштето на муфтиството било основано во 1913 година и се задржало до крајот на Првата светска војна.

Ова муфтиство ги опфаќа реоните на градовите:

- Штип
- Струмица
- Кочани
- Берово
- Виница
- Гевгелија
- Радовиш
- Пехчево

- Кратово
- Богданци

-Битолско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Битола;

Ова муфтиство ги опфаќа реоните на градовите:

- Битола
- Демир Хисар

-Велешко Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Велес;

Ова муфтиство ги опфаќа реоните на градовите:

- Велес
- Кавадарци
- Неготино
- Демир Капија

- Охридско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Охрид;

- Прилепско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство се наоѓа во градот Прилеп;

Ова муфтиство ги опфаќа реоните на градовите:

- Прилеп
- Крушево

и Ресенско Муфтиство - седиштето на ова муфтиство, се наоѓа во градот Ресен.

Целта на оваа институција, е да обезбеди без никакви пречки развојот на верскиот живот на муслиманите во Република Македонија, да се одгледуваат исламските вредности во секојдневниот живот и достоинствена грижа за нивната духовна и материјална култура.Исто така Исламската Верска Заедница укажува на меѓуконфесионална соработка во Република Македонија, а исто така и надвор од неа. Се ангажира за зачувување на мирот и потикнување на толеранција помеѓу граѓаните. Исламската Верска Заедница ја промовира толеранцијата и гради мост на разбирање и на зачувување на цивилизациските вредности.

Исламската Верска Заедница со сите свои организациони единици, значително придонесува во унапредувањето на исламските вредности, како од верски аспект, така и од културен аспект.Својата активност Исламската Верска Заедница ја потпира врз Куранот, Сунетот, и нејзиниот Устав, како и нормативните акти што произлегуваат од него. Таа е независна во организирањето на верскиот живот, во административно-финансиската дејност, како и во останатите активности што произлегуваат од овој Устав. Ги штити и негува скапоцената ризница на моралните, социјалните, економските, културните, образовните и другите вредности на нејзините припадници. Таа ги претставува муслиманите од ова поднебје во земјата и во странство и ги штити нивните интереси во сите областите од животот. Цел на ИВЗ во Република Македонија е подигање на верската свест, организирање на извршувањето и оживотворување на Исламот кај муслиманите.

Исламската Верска Заедница во Република Македонија го обезбедува развојот на верскиот живот на муслиманите, а пред се укажува на потикнување на исламските вредности во секојдневниот живот и постигнување на грижа за нивната духовна и материјална култура. Исламската Верска Заедница преку образовниот систем укажува на меѓусебна и меѓурелигиска толеранција. Според Исламската Верска Заедница, институциите ќе мора да внесуваат содржини низ кои ќе се препознава заедничката вредност од етничките и верските разлики. Соживот не е нешто што се гради од љубов, туку од интерес. Република Македонија е мултиетничка и мултирелигиска држава.Во неа Албанците и Македонците и Турците и Србите и Власите и Ромите и Бошњаците, сите имаат заеднички интерес, а пред се тоа е и целта на Исламската Верска Заедница да се постигне таа меѓусебна и меѓурелгиска

толеранција. За да се смалат религиозните разлики помеѓу луѓето, верската заедница укажува на фактот дека е потребно луѓето да напредуваат во разни области. Луѓето се разликуваат по верска основа, културна а пред се и во нивните значења. Поради тоа треба повеќе да се постигнува поголема усогласеност помеѓу луѓето.

Главниот проблем не е во тоа дека размислувањата помеѓу луѓето се различни, туку тие разлики што постојат помеѓу луѓето да не станат потик и повод за конфликти, па и војни. Од друга страна верата не е нешто што е против разумот и слободата. Исламскиот гностицизам со своето сваќање за човкот како интелектуален извор може да биде од корист во дијалог.

Пред се, дијалогот е тој што ќе одигра значајна улога на полето на културата и на образованието. Според Исламската Верска Заедница целта е да се стигне до граѓанското општество кое се темели на демократија, а тоа ќе преставува мир и успех за сите граѓани во Република Македонија.

## 7. РЕЛИГИСКА ТОЛЕРАНЦИЈА

Верската толеранција не претставува слобода на потикнување на нетрпеливоста и на раздорот.Таа не ги отвара верските борби или меѓусебните војни, бидејки недостатокот од толеранција е докажување на лична, духовна слабост пред се. Кога луѓето се слободни, тие стануваат послободни во себе и секако послободни спрема другите луѓе. Верската толеранција е слобода на другите. Ако човекот е створен од Господ со висока совест која ја носи во себе, тогаш ова верување ни влева доверба и оптимизам и ги носиме во себе. Слободата на еден човек неможе да ја загрозува слободата на другиот човек. Разликите на културно, национално, социјално ниво како и верско не се феномен кој се појавил сега туку тоа е феномен од историска појава. Поради тоа, треба да се научиме како да живееме со разликите, бидејки нетолерантните луѓе и заедници се помалку ќе ја имаат можноста дадена за постоење.

Толеранцијата е услов за развој на личноста, како што кислородот е услов за дишењето. Човекот е толерантен, тогаш кога нешто ќе посвои од човекот со кој не се сложува (Šušnjić, 2004: 1, 7). Етимолошкото значење на

зборот толеранција е да се поднесува, да се прифати и разбере. Според Шушњич, толеранцијата е потик за развој на една личност, односно дека човекот е толерантен се додека усвои и прифати нешто од дгугиот човек со кој во суштина нема добри односи. Авторот истакнува дека духовниот човек е свесен на различни пристапи на светот, тој е благ спрема неговиот соговорник, но тоа не го прави од слабост туку поради силата и вољата да ги спознае другите поинакви ставови од своите бидејки укажува на фактот дека само јаките луѓе можат да бидат толерантни. Толеранцијата има граница кога станува збор за однесувањето на човекот. Толерантен начин на мислење би имал за последица ако меѓу мислителите нема догматика, межу верниците фанатика а меѓу политичарите тирани (Šušnjić,2004: 7-16).

Толеранцијата е власт на човекот со висок степен на интелигенција. Интелигентните луѓе првин, се трудат да го спознаваат другиот, па потоа да судат за него. Човекот е непријател на тоа што не го знае. Запознавањето е предуслов на дијалогот, разбирањето и толеранцијата. Толеранцијата е општа вредност во сите сфери од животот: во политиката, образованието, политиката, меѓународните односи, етничките заедници, соседите. Таа се манифестира низ разни облици на живеење и дејствување: мироъубива коегзистенција, добрососедство, кохабитација, екуменизам, регионална соработка итн. Во услови на постоење на сложени меѓучовечки односи неопходно е постоењето на одредени правила кои ќе бидат во функција на остварување на комуникацијата помеѓу членовите на една општествената заедница. За да има меѓусебно разбирање помеѓу членовите воедно и остварување на комуникацијата неопходно е постоење на говорот кој се темели на општо прифатените правила.

Всушност, дијалогот и толеранцијата ни го обогатуваат и разубавуваат животот, пред се ни го покажуваат патот како да се запознаеме себе си и другите околу нас бидејки со почитување на себе си учиме да ги почитуваме и другите, а ова исто значи и за верскиот дијалог и толеранцијата (Šušnjić, 1997:197). Религиската толеранција подразбира трпеливист и прифаќање на сите оние кои имаат поинакви религиски определувања и убедувања од сопствените. Таа претставува толерантен однос кон припадниците на различните религиски групи(Матевски, 2005).

Водењето на дијалог е најдобриот метод за разбирање меѓу луѓето со различни погледи за било кое прашање. Преку дијалогот се согледуваат разликите, се откриваат интересите, се гради доверба меѓу страните, се сознаваат потребите на секој, се развиваат алтернативи за разрешување на спорот и доближување на ставовите, заеднички одлучуваат за решението. Денес, во современиот свет најпознати форми на дијалог се:

- *интеркултурен дијалог (дијалог меѓу различни култури);*

- *социјалниот (дијалог меѓу синдикатот и работодавачите);*

-*политичкиот (дијалог помеѓу позиција и опозиција);*

- *меѓурелигискиот (дијалог меѓу разни верски конфесии)* ( Мењ, 2010:470).

Ова подразбира почитување на различноста или воспоставување единство на различноста. Современата идеа за верската толеранција потекнува уште од периодот на хуманизмот. Првиот аспект за реализирање на поимот толеранција е нужното одделување на црквата од државата.

Исто така, тука се споменуваат во делот на верската толеранција и Универзалната декларација за човековите права врз која се темелат и гарантираат човековите права на поединците во општеството во кое живеат и слободата на изразување и слобода на вероисповест. Со усвојувањето на Универзалната декларација за почитување на човековите права а воедно и право на сопствена и лична вероисповест, од страна на државите во светот за прв пат луѓето добија средство со кое тие ќе можат да се борат против големите светски системи и со тоа да си ги бранат своите права, а исто така таа борба да биде и успешна од страна на луѓето.

Ова се еден од најзначајните елементи во реализирањето на сите права на луѓето, вклучувајки ја и верската толеранција која е битен фактор во секое општество. Луѓето го имаат правото да се заштитат од својата држава во која живеат, доколку таа бара од нив било кој вид на идеологија или религиско верување. Неопходно се наметнува прашањето: Што се подразбира кога ќе се определи некоја мисла како заснована? Одговорот би бил дека, мислата е втемелена на определени начела кои од своја страна се усвоени врз основа на верувања. Човекот како несовршено битие со недостатоци, му е потребен

друг човек да го надополни. Оттука, произлегува дека во душата и срцето на човекот има место и за друг човек. Човекот мора да биде отворен кон другите луѓе со тоа ќе го избегне сопствениот затвор. Шушњич, толеранцијата ја определува како услов за напредок односно, неопходно е постоење на некој друг за да може човекот да се надополни себе си.

Толеранцијата преставува основа за оптимистички живот каде што доминираат сигурноста и почитта, за развивање на идејата за мирот помеѓу религиите, културите, етникумите, традициите.Според авторот Đuro Šušnjić никогаш немој да правиш насилство над другите. Таоизмот наведува дека:трнот расте и гладот владее таму каде војската делува. Конфучие вели:она што не го сакаш ти, не го прави на другите. Јудаизмот вели: не убивај. Во Будизмот е владеење со себе си, а не со другите. Во Христијанството владее начелото: ако некој те удри по десен образ сврти му го и другиот. Изворно и Џихад значи совладувње на сопствените страсти, нагон и мрзеволие (Šušnjić, 1998:378).

Секое човеково битие има потреба од другите луѓе, бидејки неговото егзистирање не би било возможно. Затоа толеранцијата, се смета за неопходна за општествениот живот на заедницата. Судбината на првиот е постојано да учи, а со тоа и да се развива, а вториот има судбина  да стои во место или пак да назадува. Човекот кој знае дека не ја знае целата вистина е свесен дека постои еден свет, а многу погледи за истиот. Нетолерантниот сите погледи на светот ги присвојува во својот поглед или догма. Затоа толерантниот човек и нетолерантниот можат да зборуваат, но има отсуство на слушање, покрај тоа што се гледаат не можат да се видат. Помеѓу нив во просторот постои невидлив ѕид, иако се близу еден до друг, не можат да се разберат иако имат ист јазичен говор.Водењето на толерантен разговор за секое прашање значи овозможување да се изградат лични и посебни интереси кои секако водат кон општо добро на сите членови во заедницата.

Водењето толерантен разговор значи да се создаде заедница која знае со себе да управува и не и е потребен никој друг од страна (Šušnjić, 1997:127). Дијалогот може да се дефинира како непосредна средба на најмалку двајца слободни (поединци, заедница, култура) кои во рамноправни услови разговараат за некој проблем. Дијалогот  е отворен, искрен, воедно не постои взаемна согласност помеѓу оние кои разговараат, но би тежнееле кон наоѓање

на заедничко решение или пак би допринел сите кои се вклучени во него да бидат задоволни.

Во основа, толеранцијата е израз на односите на нееднаквост во едно општество или една општествена група и има за цел да воведе одредени отстапки кон подредените со цел да се одржат дадените односи. Имено, толеранцијата во секојдневниот живот претставува коегзистенција на оние што не се сакаат и вклучува ред ставови и однесувања кои, ако ги подредиме во еден континуум, на едниот крај ќе го добиеме прогонот, а на другиот потполното почитување. Толеранцијата претставува средишна положба меѓу неподносливоста и полното прифаќање. Како таква, таа најчесто е нестабилна положба, која може да се сврти кон едната или другата насока (Ташева, 2010: 30). Толеранцијата и нејзиниот дух можат да се развијат во секое време и во секое општество, врз основа на некои правила а тие правила се следните:

- пронаоѓање на разните идеи,

- вреднување на препораките за изнаоѓање на решенија и решавање на истите за кои нема консензус.

- почитување на принципот за права и слобода на сите луѓе.

- развиено чувство за слушање на другиот човек, разбирање на чувствата, идеите и начинот на живеење.

- можноста на луѓето слободно да ги изразат своите ставови и мислења.

Одреден проблем кој сам по себе е спорен, конфликтен, може да се реши на два основни начини, со дијалог или со сила. Доколку се созреани односите меѓу луѓето во една зедница, можат да изнајдат одреден начин на кои тие меѓусебно ќе ги решат своите спорови и конфликти. Доколку се отфрли насилството како начин на решавање на проблемите и споровите тогаш, добронамерниот разговор или дијалогот е единствен начин за разрешување на несогласувањата. Затоа, со право може да се каже дека дијалогот не претставува само една техника на владеење со мисли за да дојде до нови мисли, туку многу повеќе од тоа односно, дијалогот претставува взаемно остварување на друг начин на живеење, предводење на општествени расправии и духовни конфликти.Толеранцијата Шушњиќ ја дефинира како

подготовка да се сослуша другиот и различниот од нас, како би можеле да ја откриеме содржината на неговото размислување, која би ни помогнала да најдеме решение за спорното прашање.

Зборот толеранција изворно значи: да издржиш, да поднесеш, да попуштиш. Етимолошкото значење се напушта со намера терминот толеранција да добие поинакво значење, затоа се предлага: да признаеш, да запознаеш, да уважуваш и да живееш со различности, да носиш друг во себе, да го почитуваш другиот и различниот од нас. Толеранцијата ќе ја ставиме во рамки во кои нема граница, доколку се однесува само на процесот на мислење, но мора да се нагласи дека поставувањето на границите е неопходен во сферата на однесувањето. Тоа наведува на заклучокот дека, не треба да се биде толерантен до крај, односно да се биде толерантен и кон оној кој ги загрозува другите. Исто така не треба да се биде толерантен кон оној кој е соучесник во правење на некое зло. Ако со слободен разговор не можат одредени поединци да се уверат дека нивните претпоставки се погрешни, тогаш заедницата има право да интервенира, односно да ги спречи а со тоа и да се избегнат потешки последици.

Па поради тоа, потребно е да се искаже неограничена трпеливост кон изразување на мислењето и ограничена трпеливост кон некои начини на однесување (Šušnjić, 2005:23). Имено, толеранцијата во секојдневниот живот претставува коегзистенција на оние што не се сакаат и вклучува ред ставови и однесувања кои ако ги подредиме во еден континиум на едниот крај ќе го добиеме прогонот, а на другиот потполното почитување. Најблиску до прогонот е состојбата на црвена линија на подносливоста каде и најмала провокација е доволна за да започне прогонот. На другиот крај на континиумот има различни видови на практики со кои се прави поднослив животот во близина на оние што не ги сакаме. Толеранцијата на некој начин претставува средишна положба меѓу неподносливоста и полното прифаќање. Вака поставувајќи ја толеранцијата во центарот на континиумот,таа најчесто е во нестабилна положба, која може да се сврти кон едната или другата насока, односно кон едниот или другиот екстрем.

## 7.1. ФОРМИ НА РЕЛИГИСКА ТОЛЕРАНЦИЈА

Кога станува збор за толеранцијата во доменот на религијата може да се нагласи дека има повеќе форми: психолошка толеранција, теолошка или догматска, еклесијастичка толеранција.

*Психолошката толеранција* се засновува врз поголем број психички елементи како што се: милосрдност, попустливост, благост, умереност, пристапност; легална или правна толеранција, која во прв ред претставува право на искучување од конформизмот кон државната религија.

*Теолошка или догматска толеранција* претставува право да се имаат девијантни погледи во рамките на одредена религиска перспектива.

*Еклесијастичка толеранција* преставува толеранција на доминантната црква кон останатите цркви.

Наведените видови на толеранцијата во практиката заемно се поврзани и испреплетени така што, нивното појасно разграничување е отежнато. Такво разграничување е уште потешко кога се има намера да се следат состојбите низ еден подолг временски период. Основни показатели на трпеливоста се двостручни: теоретски и практични. Трпеливоста не подразбира без приговор прифаќање на фактот дека погрешно се толкуват некои работи. Нетрпеливоста е во однос на заблудите, со тоа не се отфлаат личностите кои секојдневно со нив се егзистира во заедницата. Нетрпеливоста се рефлектира и во однос на изнесените лаги, невистини, зошто нејзиното отсуство подразбира прифаќање на лагите, но обѕирноста кон лажговците треба да биде присутна, без изискување на спогодба со нив.

Самиот процес на несогласување со нечие мислење, верување, однесување, а истовремено да не постои осуда и казна за таквото мислење, однесување и верување не е едноставен и лесен процес. Оттука во научниот круг егзистира ставот дека чувството на толеранција само по себе е противречно.Кога се зборува за крајности и последици мора да се нотира дека постои многу распространета и лоша духовна навика која има сила да се одржува во начинот на мислењето. Таа ќе ја определиме на следниот начин: кога една мисла се определува како некоректна дури и во насока на погрешна, настапува нејзино заменуваме со спротивното мислење од неа, без потребното внимание дали таа може да биде истотака некоректна или погрешна.

Можеби е теза-антитеза, облик на мислењето кој секогаш произведува постојан судир со другиот, било тоа да е Бог, човек, природа, општество, култура. Мора да се нагласи дека всушност светот е многу посложен од овие прости препреки и додека тој не се сфати како сложен систем секогаш ќе биде достапен и отворен за прости несогласувања и конфликти. Кога на пример една заедница се дели на две страни кои имаат и засновуваат спротивни или клучни мислење и убедување, тогаш расцепот на таа делба оди кај секој поединец. На тој начин ваквата бинарна поделба , без разлика што постојат многу бројни можности се сведува на наједноставниот избор на две поделби црно и бело. Ваквата поделба на две страни претставува нешто многу опаснои покрај тоа што делува логично.

Она што го нарекуваме менталитет на нашиот народ е само збир на одговори на предизвикувачката природна, општествена и културна средина. Ако се утврди еден постојан начин на кој, еден народ одговара на предизвиците на надворешниот или внатрешен свет, тогаш тој е предвидлив одговор на предизвикот што би го нарекле со неговиот потполн идентитет. Гледаме дека тој ги содржи крајностите, па така секој што за нас има што да каже, нема да биде далеку од вистината. По тоа сигурно ќе можеме да се препознаеме меѓу другите народи. Ова не значи дека сличните црти на менталитетот или целокупниот карактер не можат да се пронајдат и во другите народи, но тие во нас се премногу истакнати.

Толеранцијата не подразбира само право на оној кој поинаку мисли бранејќи го своето убедување, туку и правото на неговиот соговорник, да не се земе се здраво за готово, за тоа што тој мисли. Дури и повеќе од тоа: еден научник се сомнева во автентичноста на сопствените мисли, па постојано се корегира, надградува и проверува. Од друга страна, оној кој тоа не си го прави на себе си, од него не може да се очекува да го стори тоа и кон некој друг. Се додека некоја идеја се проверува, истражува, таа не се обожава: не сме во нејзина власт и моќ. Толерантен разговор спречува поединецот (општество, култура) да се поистоветува со својата идеја или догма, бидејќи во, тој момент започнува процесот на претварање на идеите во самата идеологија: идејата ја губи својата когнитивна вредност и ја превзема нормативната улога, наместо да се објасни начинот како луѓето мислат и дејствуваат, таа пропишува како мораат да мислат и да дејствуваат.

Ако тоа не е ништо друго освен една моја поинаква способност, мое мислење, верување и делување, тогаш не би можел да го доживеам како противник или непријател: тоа е одговор на прашањето што доаѓа од себе си. Дури и кога неговиот одговор е погрешен и грешен, јас можам да го отфрлам неговиот одговор, но не и него. Ако Христијанството учи дека љубовта е заповед, која подоцна ја вклучува и љубовта кон нетрпеливите, тогаш искрен разговор може да се смета за добар начин да се дојде до друг и така преку него да можеме да се разбереме на најдобар можен начин. Да се биде трпелив и толерантен и кон нетрпеливите е дарежливост.

Секако е подобро да се биде претерано трпелив отколку претерано нетрпелив. Отворајќи си ги мислите на другите луѓе, подразбира и отварање на мислите и кон нетрпеливите, но не и кон нивните дела. Несомнено е дека секое општество, преку своите закони и судови, некои однесувања ги забрануваат и ги казнуваат, но факт е дека тоа општество не смее да забранува и да казнува кога се работи за мислење и верување на своите членови. Може единствено да ги оспорува мислата и верувањето (Божовиќ, 1984:85). Многу често се поставува прашањето дали трпеливоста има граница? Ако се прифати ставот дека треба да се биде трпелив кон сите, тогаш се подразбира да се биде трпелив и кон оние кои не се трпеливи. Во тој случај, трпеливоста е апсолутна, со опасност самата да се уништи: трпеливоста кон нетрпеливите е самоуништувачка.

Ако се прифати ставот дека не треба да се биде трпелив кон нетрпеливите, тогаш ограничувањето на трпеливоста во одредени околности е дозволено. Во овој случај, се напушта принципот на доследност: секој исклучок е кршење на усвоеното начело! Затоа трпеливоста е оспорена. Филозоф со волја за моќ, говорел дека трпеливоста и немоќноста имаат исто значење. Човекот е трпелив до таа граница, додека не му опадне силата. Ако некој е трпелив кон се, тогаш факт е дека тој е рамнодушен. Рамнодушноста е подготвеност да го признаеш другиот, но да не се покажува никаков друг интерес за него. Различните и спротивставени ставови можат на некој начин да се усогласат, но исклучителните ставови никако не се поднесуват: овде немаат заеднички јазик.

Ако се во некој спор или судир на два различни ставови, тогаш спорот не може да се реши рационално. Единствено решение е двете страни да се

помират и да живеат една покрај друга, во мир. Ако поединците во општеството не се сакаат, доволно е да се почитуваат. Ако не можат да живеат во заедничко братство, можат да бидат познаници или соседи. Верувам дека и оние кои имаат спротивности можат да склучат мир и да живеат еден до друг, ако не и со секоја друга. Од луѓето не можеме да очекуваме да ги сакаат другите луѓе, но може да бараме од нив да бидат трпеливи. Единствен покрив под кој различни поединци и групи можат да живеат заедно и во релативен мир, е толеранцијата. Навистина еден дијалог и толерантен начин на мислење и живеење, би оставило последица помеѓу мислителите да нема догматика, меѓу верниците фанатици, а меѓу политичарите тирани. Не е можно секој човек да мисли како секој друг за некои работи во животот, бидејќи сите немаат исто животно искуство. Затоа, постојат разлики во мислењето кои се неизбежни, а потоа следи и потреба за нивно истакнување. Толеранцијата се манифестира во секојдневните односи меѓу луѓето, но и во односот кон различните идеи, обичаи, како и кон различните физички и психички особини и карактеристики на луѓето.

Нетолерантност кон различното е една од трајните карактеристики на авторитетната личност, но нетолеранцијата може да биде и последица на одредените општествени околности. Нетолерантните личности се генерално нетрпеливи кон разликите, но сите разлики не предизвикуваат иста реакција. Во средината во која поединецот живее и актуелната социјално-политичка клима зависи од тоа на кого или на кој се изразува нетрпеливост, што значи дека во различните средини и во различните временски периоди нетолеранцијата не секогаш се манифестира кон истите појави, групи и поединци.Религијата и толеранцијата се поврзани а тоа докажува не само многубројните примери од историјата туку примери и од сегашноста. Иако убиствата, тероризмот, прогонствата на припадници од други конфесии не припаѓаат на моралното учење на светските религии, сепак праксата не учи да овој став не го земеме лесно, туку да се испита теоретското учење на религијата и историјатот на нивното практикување.Ова е во суштина и самата цел на науката социологија да дојде до размрдување на светот.

Кога станува збор за етничка и верска нетолеранција, треба да имаме на ум дека без оглед на традицијата и културата, предрасудите и нетолеранција не се манифестираат кон истите групи и со ист интензитет, затоа што тоа

зависи од актуелните односи меѓу припадниците на социјалните групи иа општата политичка клима, и се што е истражувано во наодите на етничката дистанца меѓу народите од поранешна СФРЈ. Податоците од истражувањата на граѓаните над 18 години покажуваат дека се во споредба со податоците добиени од пред четири века, значително се намалил бројот на оние кои воопшто не манифестираат дистанца (од 59% на 28%), што значи дека етничкото дистанцирање е изразено(Pantić, 1991).

Врз основа на податоците од тестирањата на младите на возраст од 15 до 27 години (Bačević, 1990), заклучено е дека, младите од крајот на осумдесеттите години, покажуваат поголема етничка дистанца отколку младите од почетокот на шеесеттите години, како и да е взаемното дистанцирање (оддалечување) е најголемо помеѓу припадниците на оние народи кои се во конфликт, што укажува на нивното ефективно дејствување. Религиозната нетрпеливост била секогаш присутна во разните религии во светот, но најмногу во јудаизмот, христијанството и исламот.Според докажаните многубројни историски податоци, религијата и толеранцијата секогаш биле поврзани еден со друг. Толеранцијата е фер, објективен став кон оние чии ставови, верувања, практики, расно или етничко потекло, итн, серазликуваат од другиот; слобода од омраза. Толеранцијата преминува од фаза ,,трпение и поднесување„, кон фазата на средба, љубов помеѓу народите и кон сите религиски заедници.

Таквата толеранција пред се, може да постигне полн демократски капацитет во секоја општествена, економска, религиска и секоја друга заедница. Ова општество не е утопија пред се, тоа е потребно да се направи. Религиските заедници не треба да се оградуваат на вакво општество туку своите верници, да ги усмерат кон остварување на еден амбиент кој ќе им донесе добар живот во својата заедница. А тоа е секако и главната цел на постигнување на сите религиски заедници.Религиската толеранција во Република Македонија е мошне значајна. Во Република Македонија после осамостојувањето во 1991 година религиската толеранција има карактеристики на практична толеранција, дозирана толеранција, декларативна толеранција и толеранција која што зависи од моментниот општествено – политички контекст во државата (Матевски, 2007).

# III. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во првиот дел од истражувањето се интерпретирани податоците од анкетниот прашалник кој е поделен на четири дела: религиско самоопределување, инхерентна верска пракса, религиска едукација и влијанието на ИВЗ врз религиска толеранција.

**Табела 1.Старосна и образовна структура на испитаниците од муслиманска вероисповест**

| | Возрасни групи | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Степен на образование | до 30 | 31-45 | 46-60 | 61+ | |
| **Основно** | 19 | 29 | 43 | 25 | **116 (44,62%)** |
| **Средно** | 47 | 24 | 17 | 10 | **98 (37,69%)** |
| **Високо** | 26 | 12 | 2 | / | **40 (15,38%)** |
| **Не се изјасниле** | 1 | 1 | 1 | 3 | **6 (2,3%)** |
| **ВКУПНО** | **93 (35,77%)** | **66 (25,38%)** | **63 (24,23%)** | **38 (14,62%)** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Од приложената табела можеме да констатираме дека најмногу анкетирани мусимани се на возраст од 46-60 годишна возраст, со завршено основно и средно образование.

**Табела2.Брачна состојба на анкетитаните од муслиманска вероисповест**

| | Возрасни групи | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Брачна статус | до 30 | 31-45 | 46-60 | 61+ | |
| **Женет/а** | 44 | 57 | 55 | 31 | **187 (71,92%)** |
| **Неоженет/а** | 45 | 4 | 1 | / | **50 (19,23%)** |
| **Друго** | 4 | 3 | 7 | 9 | **23 (8,85%)** |
| **ВКУПНО** | **93 (35,77%)** | **64 (24,62%)** | **63 (24,23%)** | **40 (15,38%)** | **260** |

*Извор:Истражување: 2016-2017 година*

Најголем дел од анкетираните муслимани се во брачна заедница и се на возраст од 31 до 45 години.

## 1. РЕЛИГИСКО САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ

**Табела 3.**

**Каков е вашиот однос кон религијата?**

| | |
|---|---|
| **Верник сум и прифаќам се што верата ме учи** | **198(76%)** |
| **Верник сум, но не прифаќам се што верата ме учи** | **62(23%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани во поголем дел се религиозни и прифаќаат се што учи нивната вера. Тие во поголем дел се верници и ја познаваат својата религија. Од тука може да се види дека муслиманското население во Република Македонија е религиозно, и ја познава својата религија.

**Табела 4.**

**Дали верувате во Бога?**

| | |
|---|---|
| **Потполно верувам** | **227(87%)** |
| **Не верувам** | **33(12%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Голем процент на анкетираните муслимани веруваат во Бога.

**Табела 5.**

**Дали Бог е носител на се што постои?**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **224(86%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **36(13%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Голем процент од анкетираните муслимани одговориле, дека потполно се согласуваат дека Бог е носител на се што постои, заради тоа што ја познаваат својата религија, и во поголем дел од населението ја практикуваат.

**Табела 6.**

**Дали Бог го создал човекот?**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **175 (67%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **85 (33%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Муслиманите веруваат во најголем процент дека Бог го создал човекот, додека во помал процент не се согласуваат. Со ова се потврдува дека, се верници и ја почитуваат својата религија. Веруваат дека бог го создал човекот и светот и дека се е настанато од Бог.

**Табела 7.**

**Дали човечката судбина е во Божји раце?**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **179 (69%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **81 (31%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Муслиманите потполно се согласуваат дека човечката судбина е во божји раце. Помал процент не се согласуваат.Исто така, и тука се потврдува дека ја познаваат својата религија.

**Табела 8.**

**Дали постои живот после смртта?**

| | |
|---|---|
| **Се согласувам** | **150 (57%)** |
| **Не верувам** | **110 (42%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Најголем дел од анкетираните муслиманите го дадоа своето мислење позитивно, дека постои живот после смртта.Тие веруваат за животот после смртта, во поголем процент, додека во помал процент не веруваат. Ова изнесување повеќе се однесува на муслиманите кои се практиканти, за разлика од муслиманите кои веруваат и ја почитуваат својата религија, но не ја практикуваат.

**Табела 9.**

**Дали семејното воспитување влијае врз религиозноста?**

| | |
|---|---|
| **Родителите** | **192 (74%)** |
| **Верската литература** | **68 (26%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Родителите и семејството, односно семејното воспитување е битен фактор, кои најмногу влијаат во определбата за религиозноста и верувањето во Бога кај анкетираните муслимани. Семејството е најбитен двигател, и има најголемо влијание врз определбата на религиозноста.

**Табела 10.**

**Религискиот живот придонесува човекот да биде подобар човек?**

| | |
|---|---|
| **Потполно се сложувам** | **166(63%)** |
| **Не верувам** | **94(36%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Религискиот живот според анкетираните муслимани е предуслов за да се стане подобар и поуспешен човек. Тука исто така, голем удел има семејството и средината во која живеат.

**Табела 11.Дали поради материјална корист треба да се прекрши заповеста на верата?**

| | |
|---|---|
| **Воопшто не се согласувам** | **214(82%)** |
| **Делумно се сложувам** | **46(17%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани воопшто не се сложуваат дека, поради материјалноста треба да се прекрши заповеста на верата.Тие се религиозни и ја почитуваат својата вера и нејзиното учење за правење на добри дела. Тука влијае семејното воспитување.

**Табела 12.**

**Дали младите луѓе треба да ги почитуваат Божјите закони на моралните норми?**

| | |
|---|---|
| **Потполно се согласувам** | **208(80%)** |
| **Делумно се согласувам** | **52(20%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани веруваат и се сложуваат дека треба младите луѓе да ги почитуваат Божјите закони на моралните норми, бидејки, со тоа ќе станат подобри луѓе и граѓани во државата. Потполно се сложуваат со Божјите закони за моралот.

**Табела 13.**

**Дали се сложувате со Божјите закони за моралот?**

| | |
|---|---|
| **Често** | **177(68%)** |
| **Повремено** | **83(31%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Муслиманите во најголем процент се сложуваат со божјите закони за моралот.

**Табела 14.**

**Дали луѓето во брак кои чинат неверство чинат грев?**

| | |
|---|---|
| **Воглавно се согласувам** | **202(76%)** |
| **Потполно се согласувам** | **58(22%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните воглавно и потполно имаат мислење кога станува збор за неверствата во бракот. Неверствата чинат грев, кој потоа се пренесува на целото семејство.

**Табела 15.**

**Дали им помагате на другите луѓе?**

| | |
|---|---|
| Често | 179(68%) |
| Ретко | 81(31%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Најголемиот дел од вкупно анкетираните се изјасниле дека, добро дело е да се помага на другите луѓе, кога им е потребна помош. Многу мал процент се изјасниле дека ретко помагаат кога на некого му треба помош.

**Табела 16.**

**За која особина кај вашиот партнер би воделе сметка**

| | |
|---|---|
| Национална припадност | 110(42%) |
| Карактерот | 45(17%) |
| Религија | 100(38%) |
| Школска подготовка | 5(1%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

За анкетираните муслимани од битно значење им е националната припадност и верската припадност кај нивниот партнер, а исто така и степенот на образование има голема значајност кога станува збор за бирањето на партнер и неговите особини.Од дадените одговори, може да се заклучи дека анкетираните муслимани ја познаваат својата вера, тие се религиозни во поголем дел и за религиозноста, верувањето во Бога најголем удел и влијание

имаат од семејсвото во кое живеат и семејното воспитување. Тој е најбитен фактор кога станува збор за религиозноста.

Во вториот дел од анкетниот прашалник, анкетирани од муслиманска вероисповест го дадоа своето мислење за традиционална и инхерентна верска пракса, Анкетираните граѓани одговориле на следниот начин.

## 2. ТРАДИЦИОНАЛНА И ИНХЕРЕНТНА ВЕРСКА ПРАКСА

**Табела 17.**

**Дали имате правено сунет?**

| | |
|---|---|
| **Да** | **129 (91%)** |
| **Не** | **13 (9%)** |
| **Вкупно** | **142 (100%)** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Правењето сунет кај машките деца е еден од најголемите обреди кај муслиманите. Тие потполно се согласуваат дека машките деца треба да прават сунет.

**Табела 18.**

**Дали се сложувате дека на децата треба да им се прави Сунет?**

| | |
|---|---:|
| **Да** | **212(81%)** |
| **Не се одлучни** | **15(5%)** |
| **Не** | **23(8%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Муслиманите во најголем процент се изјаснуваат дека на машките деца треба да им се прави сунет.Сунетот е најголем обред што се прави кај машките деца.

**Табела 19.**

**Дали верувате дека Мухамед е пратеник од Бога?**

| | |
|---|---|
| **Верувам** | **228(87%)** |
| **Не верувам** | **32(12%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Најголем дел, анкетираните муслимани веруваат дека Мухаммед е пратеник од Бога. Голем дел од анкетираните го читаат Куранот и неговите заповеди и правила. Се потврдува дека, муслиманите се во најголем дел религиски практиканти и добро ја познаваат својата религија.

**Табела 20.**

**Дали имате намера да направите Хаџ?**

| | |
|---|---|
| **Сакам сигурно** | **205(78%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **55(21%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Поголем дел од муслиманското население потполно се согласува во намерата на направави Хаџ како еден од најзначајните столбови во Исламот.

**Табела 21.**

**Колку често посетувате џамија?**

| | |
|---|---|
| **Неколку пати во неделата** | **63(24%)** |
| **Еднаш во неделата** | **70(26%)** |
| **Еднаш/двапати неделно** | **37(14%)** |
| **Неколку пати во годината** | **84(32%)** |
| **Скоро никогаш** | **6(2%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Многу често од анкетираните муслимани посетуваат џамија, дури неколку пати во денот, во зависност од работните обврски. Ако се вработени, тоа го прават во ден петок, доколку не се вработени, односно не се во работен однос, одат во џамија пет пати во неделата. Многу мал процент не посетуваат џамија, но тоа не треба да значи дека не ја познаваат својата религија, тука може да влијаат разни фактори како социјални, економски, семејството и др.

**Табела 22.**

**Која е причината за одење во џамија?**

| | |
|---|---|
| **Поради молитва** | **157(60%)** |
| **Поради свеченоста** | **90(34%)** |
| **Родителите го бараат тоа** | **13(5%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Најголем процент анкетираните муслимани, џамијата ја посетуваат поради молитва. Тоа е правото на секој поединец, а во многу малку ситуации семејството и други социјални фактори се иницијатори на посетата во џамија. Мал процент, родителите влијаат врз религиозноста, најчесто кај помладата популација.

**Табела 23.**

**Дали ги почитувате прописите на Гусул?**

| | |
|---|---|
| **Редовно** | **204(78%)** |
| **Повремено** | **42(16%)** |
| **Ретко** | **14(5%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Прописите на Гусул ги почитуваат во голем процент, а тоа е пред се заради познавањето на својата религија и читањето на светата книга Куранот.

**Табела 24.**

**Дали ги празнувате верските празници?**

| | |
|---|---|
| **Потполно** | **260(100%)** |
| **Ретко** | **/** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани потполно се согласуваат дека, верските празници треба да ги почитуваат и празнуваат, а тоа е дел од семејните обреди кога целото семејство се собира и се ужива во благодетите на празниците. Исто така, за време на празниците од страна на побогатите семејства, се помага на сиромашните семејства кои немаат средства за егзистенција.

**Табела 25.**

**Дали постите во месецот Рамазан?**

| | |
|---|---|
| **Редовно** | **157(60%)** |
| **Повремено** | **47(18%)** |
| **Ретко** | **36(13%)** |
| **Никогаш** | **20(7%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Многу анкетирани од муслиманска вероисповест постат во месец рамазан. Со тоа се потврдува дека, се религиозни, ја почитуваат својата вера, и голем дел од нив се практиканти односно ја практикуваат верата. Само 7% се изјасниле дека никогаш не постат во месец рамазан, што неморa да значи дека не се верници, и дека не ја почитуваат својата религија.

**Табела 26.**

**Дали читате верска литература?**

| | |
|---|---|
| **Често** | **131(50%)** |
| **Редовно** | **110(42%)** |
| **Ретко** | **19(7%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани во голем дел многу често ја читаат верската литература која им дава многу објаснувања во делот на својата религијата како и познавање и на другите религии. Само 7% ретко читаат верска литература.

**Табела 27.**

**Дали клањате Намаз?**

| | |
|---|---|
| **Редовно** | **134(51%)** |
| **Повремено** | **30(11%)** |
| **Ретко** | **20(7%)** |
| **Често** | **76(29%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Најголемиот дел од испитаниците редовно клањаат намаз кога ке влезе времето на клањање, со што можеме да видиме дека, поголем дел од анкетираните се практиканти и ги вршат сите религиски обреди. Само 7% ретко клањаат намаз, што не мора да преставува одбивност кон религијата.

**Табела 28.**

**Кога најчесто клањате Намаз?**

| | |
|---|---|
| Кога ќе влезе времето | 171(65%) |
| Наутро и навечер | 37(14%) |
| Кога имам можност | 52(20%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

65% од муслиманите клањаат Намаз кога ке дојде време за тоа, 14% наутро и навечер клањаат Намаз, додека, 20% кога имаат можност.

**Табела 29.**

**Дали во кругот на семејството разговарате за религија?**

| | |
|---|---|
| Редовно | 176(67%) |
| Повремено | 63(24%) |
| Ретко | 21(8%) |
| Вкупно | 260 |

Анкетираните муслимани во поголем дел, редовно разговараат за религијата во своите семејства. Само 8% се изјасниле дека ретко разговараат за религијата во своите семејства. И ова е податок дека, семејството е клучен сегмент за религиозност кај муслиманското население.

**Табела 30.**

**Дали помагате во доброволна работа во џамија?**

| | |
|---|---|
| Редовно | 52(20%) |
| Повремено | 105(40%) |
| Никогаш | 26(10%) |
| Често | 77(29%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Муслиманите се изјасниле дека, повремено и често помагаат во џамијата кога има потреба. Многу мал процент, односно 10% се изјасниле дека никогаш не помагаат во џамијата.

## 3. РЕЛИГИСКА ЕДУКАЦИЈА

**Табела 31.**

**Колку има Имански шарти?**

| | |
|---|---|
| **Шест** | **197(75%)** |
| **Не сум сигурен/а** | **46(17%)** |
| **Пет** | **17(6%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

На прашањето, колку има Имански шарти, голем дел одговорија со позитивен одговор, со што се гледа дека се практиканти голем дел од анкетираните, и ја познаваат својата религија. Исто така, се изјаснија дека верувањето во Божјите пратеници е иманскиот шарт.

**Табела 32.**

**Кое од наведените тврдења е Имански шарт?**

| | |
|---|---|
| **Верување во Божјите пратеници** | **151(58%)** |
| **Да се пости** | **17(6%)** |
| **Да се клања Намаз** | **40(15%)** |
| **Не сум сигурен/а** | **52(20%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

58% од муслиманите веруваат во божјите пратеници. Многу мал процент на муслиманите не се сигурни во Иманскиот шарт.

**Табела 33.**

**Кој од наведените поими ја означува една од петте дневни молитви?**

| | |
|---|---|
| **Јација** | **205(78%)** |
| **Намаз** | **39(15%)** |
| **Не сум сигурен/а** | **16(6%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Јацијата е една од петте дневни молитви за која во најголем дел од анкетираните муслимани го дадоа своето мислење. Исто така, нивниот став е дека пред Господ ќе одговараат верниците кога ке дојде судниот ден.

**Табела 34.**

**Кога ќе дојде Судниот ден пред кого одговараат верниците?**

| | |
|---|---|
| **Пред господ** | **216(83%)** |
| **Пред својот Имам** | **27(10%)** |
| **Не сум сигурен/а** | **17(6,5%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Муслиманите кога ке дојде судниот ден одговараат пред Господ, и тоа 83%, пред својот имам одговараат 10%, додека 6,5% не се сигурни.

**Табела 35.**

**Колку има исламски шарти?**

| | |
|---|---|
| **Пет** | **180(69%)** |
| **Четири** | **40(15%)** |
| **Три** | **20(7,69%)** |
| **Триесет и три** | **10(3,84)** |
| **Не сум сигурен** | **10(3,84)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Од анкетираните муслимани 69% одговорија дека има пет исламски шарти, додека 3,84% одговорије дека има триесет и три.

**Табела 36.**

**Кој е петтиот Исламски шарт?**

| | |
|---|---|
| **Хаџот** | **188(72%)** |
| **Зекатот** | **41(15%)** |
| **Не сум сигурен/а** | **31(11%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Хаџот е петтиот Исламски шарт според анкетираните муслимани, со што може да се заклучи дека, голем дел од анкетираните муслимани се верници, односно ја практикуваат верата и нејзините норми.

**Табела 37.**

**Дали сте го прочитале Куранот?**

| | |
|---|---|
| **Цел прочитан** | **120(46%)** |
| **Делови прочитани** | **60(23%)** |
| **Не е прочитан но сака** | **50(19%)** |
| **Не прочита** | **30(11%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Во делот на религиската едукација анкетираните муслимани повремено го читаат Куранот, но голем дел од нив го имаат прочитано. Тевратот е Божјата книга, со што можеме да утврдиме дека анкетираните муслимани се религиски едуцирани.

**Табела 38.**

**Кој од наведените поими ја означува Божјата книга?**

| | |
|---|---|
| **Теврат** | **223(85%)** |
| **Не сум сигурен/а** | **37(14%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

85% од муслиманите одговориле дека тевратот ја означува Божјата книга, а 14% одговориле дека не се сигурни во одговорот.

**Табела 39.**

**Дали сте за воведување на предмет Етика на религија во образовниот систем?**

| | |
|---|---|
| **Да** | **178(68%)** |
| **Делумно** | **53(20%)** |
| **Не** | **29(11%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Во голем дел муслиманите сакаат да се воведе предмет религија во образовните институции за да бидат младите луѓе запознаени со својата вера. На тој начин, ќе ја почитуваат својата и другите вери. Позитивно се сложуваат дека, децата треба да учат во Мектеб Илмихал и Куран.

**Табела 40.**

***Дали децата треба да учат во Мектеб, Илмихал и Куран?***

| | |
|---|---|
| **Да** | **173(66%)** |
| **Делумно** | **65(25%)** |
| **Не** | **22(8%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

66% од испитаните муслимани се согласуваат деканивните деца треба да учат во Мектеб, а само 8 % не се согласуваат.

## 4. ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА И РЕЛИГИСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА

Во четвртиот дел од докторската дисертација се обработени податоците од анкетниот прашалник кој се однесуваат на Исламската Верска Заедница и на толеранцијата од нејзина страна. Анкетираните муслимани го дадоа своето мислење кое се однесува на Исламската Верска Заедница и на религиската толеранција.

**Табела 41.**

**Дали ИВЗ апелира на еднакво уживање и права на сите религии во државата?**

| | |
|---|---|
| **Да** | **169(65%)** |
| **Воглавно** | **91(35%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Исламската Верска Заедница апелира на еднакво уживање и права на сите религии во Република Македонија. Анкетираните муслимани потполно се сложуваат со констатацијата за влијанието на Исламската Верска Заедница, што е показател дека веруваат во Исламската Верска Заедница и нејзиното работење.

**Табела 42.**

**Дали ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата?**

| | |
|---|---|
| **Да** | **157(68%)** |
| **Воглавно** | **63(24%)** |
| **Не** | **40(15%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани во најголем дел не се согласуваат дека Исламската Верска Заедница е заштитник на идентитетот на државата.68%

муслиманите се изјаснуваат дека ИВЗ е заштитник на државата. Додека 15% не се согласуваат со оваа констатација.

***Табела 43.***

**Дали се согласувате дека припадник на друга религија може да биде?**

| | |
|---|---|
| **Мој/моја/дечко/девојка** | **50(19%)** |
| **Мој близок пријател** | **50 (19%)** |
| **Жител на мојата земја** | **150(57%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани во најголем процент се изјаснуваат за жител од мојата земја.

**Табела 44.**

**Дали ИВЗ позитивно влијае врз учењето за сите религии?**

| | |
|---|---|
| **Да** | **188(72%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **72(27%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Исламската Верска Заедница позитивно влијае врз учењето за сите религии а со тоа потпомага да се почитува својата и религијата на другите граѓани. Исламската Верска Заедница не влијае негативно врз учењето за другите религии со што е показател дека муслиманите веруваат во Исламската Верска Заедница, и таа има голем удел врз нивната толеранција кон другите религии.

**Табела бр. 45.**

**Дали ИВЗ има влијание врз учењето на другите религии дека се погрешни?**

| | |
|---|---|
| Не | 183(70%) |
| Делумно се сложувам | 8(3%) |
| Не сум одлучен/а | 69(26%) |
| Воглавно се сложувам | - |
| Потполно се сложувам | - |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Во голем процент 70% не се согласуваат дека Исламската Верска Заедница негативно влијае врз учењето за сите религии.

**Табела 46.**

**Кој фактор најмногу влијае на верската толеранција?**

| | |
|---|---|
| Нивото на комуникација | 30(11,53%) |
| Образованието | 60(23%) |
| Семејното воспитување | 150(57%) |
| Припадноста на одредена религија | 20(7,69%) |
| Политичката определба | / |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Семејството како примарна заедница, има најголемо влијание врз верската толеранција кај анкетираните муслимани. Исто така, нивото на комуникација и образованието се фактори кои имаат удел во креирање на толеранцијата помеѓу граѓаните на Република Македонија.

Од дадените податоци кои се однесуваат во делот на верската толеранција,анкетираните муслимани воопшто не се согласуваат дека треба

да се гради џамија врз јавните површини. Дискусиите и комуникациите кои се однесуваат во делот на религиските прашања, се одлична основа за подобро меѓусебно запознавање помеѓу другите народи и другите религии. Исламската Верска Заедница придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија. Најголем број анкетираните од муслиманска вероисповест, не сакаат промена на верата на член од своето семејство, и потполно се согласуваат дека човечноста на една личност е многу поважна од неговата религиска припадност.Семејното воспитување, образованието, и нивото на комуникација помеѓу луѓето,се фактори коиј влијаат најмногу врз верската толеранција.

**Табела 47.**

**Дали се согласувате да се градат џамии на јавни површини?**

| | |
|---|---|
| **Не** | **215(52%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **45(17%)** |
| **Да** | **191(73%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани не се согласуваат дека треба да се градат џамии на јавни површини. Џамијата треба да се гради на места кои се достапни за сите граѓани од муслиманска вероисповест во кое граѓаните ке го пронајдат својот мир и спокој, но, да не е тоа јавна површина каде би пречело во секојдневното живеење. Но, верниците практиканти во најголем процент се согласуваат дека треба да се изградат џамии на јавни места.

**Табела 48.**

**Дали ИВЗ нема ништо против мешаните бракови?**

| | |
|---|---|
| Воглавно се согласувам | 80(30%) |
| Делумно се согласувам | 100(38%0 |
| Не сум одлучен/а | 80(30%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани веруваат позитивно дека Исламската Верска Заедница нема влијание и негативен удел во мешани бракови, со што тоа е лична констатација на поединецот во општеството.

**Табела 49.**

**Дали се согласувате дека ИВЗ забранува учење на другите религии?**

| | |
|---|---|
| Не се согласувам | 220(84,5%) |
| Делумно се согласувам | 30(11%) |
| Воглавно се сложувам | 10(3,84%) |
| Потполно се сложувам | / |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Тука 84,5% од анкетираните муслимани не се согласуваат дека Исламската Верска Заедница забранува учење на другите религии.

**Табела 50.**

**Дали дијалогот за религиските прашања е одлична основа за меѓусебно запознавање?**

| | |
|---|---|
| Да | 206(79%) |
| Не сум одлучен/а | 54(20%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Дијалогот за религиските прашања е одлична основа за меѓусебно запознавање кај населението од сите религии и народности. Според анкетираните муслимани, дијалогот е основа за градење на толеранција кај сите граѓани во Република Македонија, и со оваа констатација, најголем процент од испитаниците се согласуваат.

**Табела 51.**

**Дали се согласувате дека според ИВЗ децата од мешани бракови се со несигурна иднина?**

| | |
|---|---|
| **Не се согласувам** | **103(39%)** |
| **Делумно не се согласувам** | **71(27%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **53(20%)** |
| **Потполно се сложувам** | **33(12%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Исто така тие не се согласуваат дека Исламската Верска Заедницаима удел кај децата од мешани бракови, дека ке имаат несигурна иднина. Тоа е лична определба на еден поединец и тие сметаат дека Исламската Верска Заедница го подржува доброто на сите граѓани во државата.

**Табела 52.**

**Дали ИВЗ го потпомага дружењето со приладнци од иста вера и влијае врз зачувување на верскиот идентитет?**

| | |
|---|---|
| **Воглавно се согласувам** | **206(79%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **54(20%)** |
| **Вкупно** | **260** |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Исламската Верска Заедница влијае врз зачувување на верскиот идентитет, а исто така, според анкетиранит муслимани Исламската Верска Заедница потпомага во дружење со припадници од иста вера и од другите вери.

**Табела 53.**

**Дали ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија?**

| | |
|---|---|
| Целосно се сложувам | 221(85%) |
| Делумно се сложувам | 39(15%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Според анкетираните граѓани од муслиманска вероисповест Исламската Верска Заедницапридонесува за градење на клима на разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија.Од тука можеме да утврдиме дека, граѓаните од муслиманска вероисповест потполно и веруваат на Исламската Верска Заедница, на нејзиното работење и укажување на религиска толеранција кај сите граѓани во Република Македонија.

**Табела 54.**

**Дали почитувањето на другите вери е израз на почитување на својата вера?**

| | |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 162(62%) |
| Воглавно се согласувам | 73(28%) |
| Не сум одлучен/а | 25(9%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Фактот дека почитувањето на својата религија е одраз на почитување и запознавање на сите други религии е основата за религиската толеранција кај граѓаните.

**Табела 55.**

**Дали ИВЗ забранува носење на религиски симболи на јавни места?**

| | |
|---|---|
| Не се согласувам | 215(82%) |
| Не сум одлучен/а | 45(17%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани не се сложуваат дека Исламската Верска Заедница забранува носење на религиски симболи на јавни места.

**Табела 56.**

**Дали се согласувате дека ИВЗ во соработка со МПЦ дава чувство на сигурност и толеранција помеѓу граѓаните?**

| | |
|---|---|
| Воглавно се согласувам | 211(81%) |
| Не сум одлучен/а | 49(18%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Според анкетираните муслимани Исламската Верска Заедница во соработка со Македонска Православна Црква, дава чувство на сигурност и толеранција помеѓу сите граѓани на Република Македонија. Со тоа, се воспоставува мир, толеранција и соживот помеѓу сите граѓани без разлика на верската припадност.

**Табела 57.**

**Дали се согласувате член на вашето семејство да ја промени верата?**

| | |
|---|---|
| Не се согласувам | 167(64%) |
| Делумно не се согласувам | 63(24%) |
| Не сум одлучен/а | 30(11%) |
| Вкупно | 260 |

*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Анкетираните муслимани не се согласуваат за промена на вера на член од семејството бидејки, тоа е против господовата волја, и во природата на човекот. Самиот човек треба да се сака и почитува таков каков што е, и да ја почитува својата вера и верата на другите граѓани.

**Табела 58.**

**Дали се согласувате дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност?**

| | |
|---|---|
| **Целосно се согласувам** | **105(40%)** |
| **Делумно не се согласувам** | **78(30%)** |
| **Не сум одлучен/а** | **77(29%)** |
Испитаниците кои го прочитале Куранот 79% веруваат во ИВЗ дека го потпомага дружењето со припадниците од иста религија, и има големо влијание врз зачувување на верскиот идентитет. Испитаниците кои го прочитале Куранот 20% не веруваат дека ИВЗ потпомага во дружење со припадници од иста религија, и има големо влијание врз зачувување на верскиот идентитет. Додека 1% од испитаниците кои го прочитале Куранот не се изјаснија по ова тврдење. Испитаниците кои прочитале делови од Куранот 50% веруваат дека веруваат во ИВЗ дека го потпомага дружењето со припадниците од иста религија, и има големо влијание врз зачувување на верскиот идентитет. 40% од испитаниците кои прочитале делови од Куранот немаат одреден став по ова тврдење додека 10% не веруваат во ИВЗ дека го потпомага дружењето со припадниците од иста религија, и има големо влијание врз зачувување на верскиот идентитет. Испитаниците кои не го прочитале Куранот но би сакале 50% веруваат во ИВЗ дека го потпомага дружењето со припадниците од иста религија, и има големо влијание врз

зачувување на верскиот идентитет. Испитаниците кои би сакале да го прочитаат Куранот 30% не се изјаснија по ова тврдење додека 20% не веруваат во ИВЗ дека го потпомага дружењето со припадниците од иста религија, и има големо влијание врз зачувување на верскиот идентитет. Испитаниците кои не го прочитале Куранот 40% веруваат во ИВЗ дека го потпомага дружењето со припадниците од иста религија, и има големо влијание врз зачувување на верскиот идентитет. Додека испитаниците кои не го прочитале Куранот 20% не веруваат во ИВЗ дека го потпомага дружењето со припадниците од иста религија, и има големо влијание врз зачувување на верскиот идентитет. 40% од испитаниците кои не го прочитале Куранот не се изјаснија и немаат одреден став по ова тврдење. Тука може да се забележи дека во сите категории на испитаници во најголем процент веруваат во ИВЗ дека го потпомага дружењето со припадниците од иста религија, и има големо влијание врз зачувување на верскиот идентитет.

Слика 8. **ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање**




*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Испитаниците кои го прочитале Куранот 75% веруваат во ИВЗ и истата придонесува за градење на позитивна клима полна со разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија. Додека 25% од испитаниците кои го прочитале Куранот немаат одреден став по ова тврдење.Испитаниците кои прочитале само делови од Куранот 40% веруваат во ИВЗ и истата придонесува за градење на позитивна клима полна со разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија, додека 20% кои прочитале делови од Куранот не веруваат во ИВЗ и истата придонесува за градење на позитивна клима полна со разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија. 40% од испитаниците кои прочитале само делови од Куранот немаат одредено мислење и став по ова тврдење. Испитаниците кои не го прочитале Куранот а би сакале, 50% веруваат во ИВЗ и истата придонесува за градење на позитивна клима полна со разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија, додека 50% од испитаниците кои сакаат да го прочитаат Куранот немаат одреден став околу тврдењето дека ИВЗпридонесува за градење на позитивна клима полна со разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија. Исто така и тука може да се забележи дека во голем процет од испитаниците не го дадоа своето мислење и став, а исто така во најголем процент веруваат во ИВЗ и истата придонесува за градење на позитивна клима полна со разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија

Слика 9. **ИВЗ забранува носење на религиски имболи на јавни места**




*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Испитаници со 82% кои го прочитале Куранот не веруваат дека ИВЗ забранува носење на религиски симболи на јавни места, додека испитаници кои го прочитале Куранот 10% немаат одреден став по ова тврдење. Испитаниците кои прочитале делови од Куранот 70% не веруваат дека ИВЗ забранува носење на религиски симболи на јавни места, додека 30% од испитаниците кои прочитале делови од Куранот немаат одреден став по ова тврдење. Испитаници кои не прочитале а би сакале да го прочитаат Куранот 60% не веруваат дека ИВЗ забранува носење на религиски симболи на јавни места, додека 40% не се изјаснија по ова тврдење.Испитаници кои не го прочитале Куранот 50% не веруваат дека ИВЗ забранува носење на религиски симболи на јавни места, додека 10% кои не го прочитале Куранот веруваат дека ИВЗ забранува носење на религиски симболи на јавни места. 40% од испитаниците кои не го прочитале Куранот немаат дефиниран став по ова прашање. Тука може да се забележи дека од сите категории на испитаници потврдно го дадоа своето мислење и веруваат во ИВЗ дека не брани носење на религиски симболи на јавни места.

Слика 10. **ИВЗ во соработка со МПЦ—ОА придонесува за религиска толеранција**




*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Испитаници кои се изјасниле дека го прочитале Куранот со 81% веруваат дека ИВЗ заедно со Македонска Православна Црква дава чувство на сигурност и на религиска толеранција помеѓу сите граѓани во државата. Испитаници кои го прочитале Куранот 10% не веруваат дека ИВЗ заедно со Македонска Православна Црква дава чувство на сигурност и на религиска толеранција помеѓу сите граѓани во државата, додека 9% немаат одреден став по ова тврдење.Испитаници кои прочитале делови од Куранот 60% веруваат дека ИВЗ заедно со Македонска Православна Црква дава чувство на сигурност и на религиска толеранција помеѓу сите граѓани во државата, додека 10% не веруваат дека ИВЗ заедно со Македонска Православна Црква дава чувство на сигурност и на религиска толеранција помеѓу сите граѓани во државата. 30% од испитаниците кои прочитале само делови од Куранот немаат одреден став по ова тврдење.

Испитаници кои прочитале само делови од Куранот а би сакале да го прочитаат цел 70% веруваат дека ИВЗ заедно со Македонска Православна Црква дава чувство на сигурност и на религиска толеранција помеѓу сите граѓани во државата, додека 30% од испитаниците кои би сакале да го

прочитаат цел Куран не го дадоа своето мислење односно немаат одреден став по ова тврдење.Испитаниците кои не го прочитале Куранот 45% веруваат дека ИВЗ заедно со Македонска Православна Црква дава чувство на сигурност и на религиска толеранција помеѓу сите граѓани во државата, 30% од испитаниците кои не го прочитале Куранот не веруваат дека ИВЗ заедно со Македонска Православна Црква дава чувство на сигурност и на религиска толеранција помеѓу сите граѓани во државата. 25% од испитаниците кои не го прочитале Куранот немаат одреден став по ова прашање.Тука може да се види дека од сите категории на испитаници во најголем процент веруваат во ИВЗ и Македонска Православна Црква дека заедно градат сигурност и религиска толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија.

Слика 11. **Градење на џамии на јавни површини**




*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Испитаници кои го прочитале Куранот 82% би сакале и се согласуваат да се градат џамии на јавни површини, додека 18% од испитаниците кои го прочитале Куранот немаат одреден став по ова тврдење. Испитаниците кои прочитале делови од Куранот 50% се согласуваат да се градат џамии на јавни површини, додека 20% кои прочитале делови од Куранот не се согласуваат да

се градат џамии на јавни површини. 30% од испитаниците кои прочитале само делови од Куранот немаат одреден став по прашање дали треба да се градат џамии нан јавни места. Испитаниците кои не го прочитале Куранот а би сакале 49% би сакале и се согласуваат да се градат џамии на јавни површини, додека 10% не се согласуваат да се градат џамии на јавни површини. 40,5% од испитаниците немаат одредено мислење по ова тврдење. Испитаниците кои не го прочитале Куранот 60% би сакале и се согласуваат да се градат џамии на јавни површини, додека 40% од нив немаат одредено мислење и став дека треба да се изградат џамии на јавни места.Тука може да се види дека од сите категории на испитаници во најголем процент се согласуваат дека треба да се градат џамии на јавни места, а исто така и добар дел од испитаниците немаат одреден ста и се двоумат дека е пожелно да се градат верски објекти на јавни површини.

Слика 12. **Дијалогот е основа за меѓусебно запознавање**




*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Испитаниците кои го прочитале Куранот 50% сметаат дека дијалогот за религиски прашања е одлична основа за меѓусебно запознавање, додека 20% од испитаниците кои го прочитале Куранот не се согласуваат дека само

дијалогот е основа за меѓусебно запознавање помеѓу луѓето. 30% од испитаниците кои го прочитале Куранот немаат одреден став за ова тврдење. Испитаниците кои прочитале само делови од Куранот 45% сметаат дека дијалогот за религиски прашања е одлична основа за меѓусебно запознавање, додека 10% не се согласуваат со ова тврдење. 45% немаат одреден став за ова тврдење. Испитаници кои сакаат да го прочитаат Куранот 60% сметаат дека дијалогот за религиски прашања е одлична основа за меѓусебно запознавање,додека од оваа категорија 40% не го дадоа своето мислење односно немаат одреден став дека дијалогот за религиски прашања е одлична основа за меѓусебно запознавање на луѓето. Испитаниците кои не го прочитале Куранот 55% сметаат дека дијалогот за религиски прашања е одлична основа за меѓусебно запознавање, додека 10% не се согласуваат дека дијалогот за религиски прашања е одлична основа за меѓусебно запознавање. 35% од оваат категорија на испитаници нема одреден став и мислење за ова тврдење.

Тука може да се утврди дека, најголем процент од испитаниците веруваат во дијалог за религиски прашања и дека тој е една основа да се постигне толеранција и запознавање помеѓу луѓето.

Слика 13. **Почитувањето на другите вери е израз на почитувањето на сопствената вера**



*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

На тврдењето: Дали почитување на другите вери е израз на почитување на својата вера 82% од испитаниците кои го прочитале Куранот веруваат позитивно за ова тврдење. 10% од испитаниците кои го прочитале Куранот не веруваат дека почитување на другите вери е израз на почитување на својата вера, додека 8% од испитаниците од оваа категорија немаат одреден став и мислење за ова тврдење. Испитаниците кои прочитале само делови од Куранот 65% веруваат дека почитување на другите вери е израз на почитување на својата вера, додека 20% не веруваат дека почитување на другите вери е израз на почитување на својата вера. 15% од испитаниците немаат одреден став и мислење по ова прашање. Испитаниците кои сакаат да го прочитаат Куранот 60% веруваат и се согласуваат дека почитување на другите вери е израз на почитување на својата вера, додека 20% не веруваат во ова тврдење. 20% од испитаниците кои сакаат да го прочитаат Куранот немаат одреден став и тврдење за ова прашање.Испитаниците кои не го прочитале Куранот 55% веруваат дека почитување на другите вери е израз на почитување на својата вера, додека мал процент од 20% од испитаниците не веруваат дека почитување на другите вери е израз на почитување на својата вера.

Скоро ист процент од 25% од испитаниците кои не го прочитале Куранот немаат одреден став и мислење дека почитување на другите вери е израз на почитување на својата вера.

Слика 14. **Промена на верата на член на семејството**




*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Испитаниците кои го прочитале Куранот 84% не се согласуваат дека треба некој од своето семејство да ја промени верата. Додека 16% од испитаниците кои го прочитале Куранот немаат одреден став дека треба некој од своето семејство да ја промени верата. Испитаниците кои прочитале делови од Куранот 60% не се согласуваат дека треба некој од своето семејство да ја промени верата, додека 40% од испитаниците немаат одреден став и мислење дека треба некој од своето семејство да ја промени верата.  кои сакаат да го прочитаат Куранот 70% не се согласуваат дека треба некој од своето семејство да ја промени верата, додека 30% не се изјаснија за ова тврдење.Испитаниците кои не го прочитале Куранот 70% не се согласуваат дека треба некој од своето семејство да ја промени верата, додека 30% не се изјаснија и немаат одреден став по ова тврдење.Тука може да се забележи дека сите категории на испитаници не се согласуваат дека треба да се смени верата, а исто така и дел од испитаниците не го дадоа своето мислење и немаат одреден став за ова тврдење.

Слика 15. **Човечноста е поважна од религиската припадност**




*Извор: Истражување: 2016-2017 година*

Во најголем процент од испитаниците кои го прочитале Куранот 70% веруваат и се согласуваат дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност, додека испитаниците кои го прочитале Куранот 30% не го дадоа своето мислење односно немаат одреден став дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност. Испитаниците кои прочитале дел од Куранот 50% веруваат и се согласуваат дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност, додека 10% не веруваат дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност. 40% од испитаниците кои прочитале дел од Куранот немаат одреден став и мислење за ова тврдење. Испитаниците кои сакаат да го прочитаат Куранот 70% веруваат и се согласуваат дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност, додека 30% немаат одреден став и мислење по ова прашање. Испитаниците кои не го прочитале Куранот 70% веруваат и се согласуваат дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност, додека 10% не се согласуваат дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност. 20% од овие испитаници немаат одреден став и мислење по ова тврдење.Тука може да се забележи дека во најголем процент

од испитаниците веруваат дека најголема вредност кај еден човек е неговата човечност а не неговата религиска припадност.

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Личниот однос спрема религијатакај муслиманите и апелирањето од страна на ИВЗ за уживање и права на сите религии во државата високо колерира, односно,постои влијание помеѓу личниот однос кон религијата од страна на муслиманите и почитувањето на својата религија и почитување на сите други религии од страна на муслиманите. Личниот однос кон религиозноста од страна на анкетираните муслимани е во поврзаност со констатацијата дека ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата. Колку е повисока религиозноста кај муслиманското население толку е повисоко и мислењето дека ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата. Религиозноста кај анкетираните муслимани и влијанието на ИВЗ врз учењето на сите други религии е поврзано бидејки муслиманите ја почитуваат својата религија, а воедно и другите религии, а за тоа допринесува не само Исламската Верска Заедница, туку и семејството како битен фактор, образованието, социјалните фактори и сл.

Треба да се констатира дека сите кои имаат позитивен однос кон религијата и кои се верници,имаат позитивен однос икон ИВЗ, и дека позитивно влијаат на сите други религии. Личниот однос и познавањето на религијата, има ниска поврзаност со ставот дека треба да се градат џамии на јавни места. Поголемиот број на муслимани верници, укажуваат на потреба и инсистирање на градење на поголем број на џами на јавни места.Личниот однос кон религијата кај анкетираните муслимани и констатацијата дека Исламската Верска Заедница,не се противи за мешаните бракови, е со негативен интензитет,односно, муслиманите верници веруваат дека ИВЗ се противи за мешани бракови.

Личниот однос на муслиманите кон својата религија и мислењето на ИВЗ дека мешаните бракови значат несигурна иднина за децата, е со низок интензитет и влијание. Голем дел од анкетираните муслимани не се

согласуваат дека ИВЗ укажува на несигурна иднина на деца кои се од мешан брак.Личниот однос кон религиозноста и мислењето на ИВЗ дека помага во дружење со припадници од иста вера влијае врз зачувување на верскиот идентитет. Колку повеќе муслиманите се верници и ја практикуваат верата (практиканти) толку повеќе го делат своето мислење со ИВЗ дека заедницата има влијание врз зачувување на религискиот идентитет.Констатацијата од страна на муслиманите дека, човечката судбина е во Божји раце и фактот дека ИВЗ е заштитник на идентитет на државата е во поврзаност и помеѓу нив има влијание. Мислењето на испитаниците дека човековата судбина е во рацете на Бога, позитивно корелира со мислењето дека ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата.

Муслиманите се согласуваат со Исламската Верска Заедница дека, колку повеќе има мешани бракови толку повеќе иднината на децата е несигурна, и не се согласуваат голем дел од нив дека, треба да постојат мешани бракови, но тоа е сепак определба на секој поединец кој сам одлучува за својот живот. ИВЗ помага во дружење со припадници од иста вера и влијае врз зачувување на верскиот идентитет. Анкетиранитемуслимани сметаат дека,ИВЗ помага во дружењето со припадници од иста вера и го зачувуваат верскиот идентитет. Колку повеќе се верници и веруваат дека човековата судбина е во божји раце, толку повеќе влијаат на мислењето дека ИВЗ го зачувува верскиот идентитет. Анкетираните муслимани веруваат во живот после смртта, и истите веруваат дека ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата. Муслиманите кои се религиозни и практикуваат религија. повеќе веруваат дека мешаните бракови би носеле несигурна иднина кај децата.

Муслиманите верници и кои практикуваат редовно посетување во џамија, имаат позитивно мислење дека ИВЗ гради позитивна клима и толеранција помеѓу граѓаните во Република Македонија, за разлика од другите муслимани кои ја почитуваат религијата но, не се верници и редовно не посетуват џамија, се со различно мислење. Позитивно мислат и муслимани кои не посетуваат редовно џамија дека, Исламската Верска Заедница е заедница која придонесува кон градење на клима на соработка и соживот кај сите граѓани. За градење на толеранција и позитивна клима анкетираните муслимани мислат дека има и други фактори кои се надворешни, и кои

придонесуваат за позитивна толеранција помеѓу граѓаните а тоа се: економски фактори, социјални, политички, семејни и други.

Промената на верата на член од семејство, негативно се одразува врз муслиманите верници. Исто такаможе да констатираме дека, колку повеќе муслиманите се верници и практиканти, толку повеќе не се согласуваат со стапување во брак од страна на партнер кој е со друга вера, како и негативно им е мислењето кога станува збор за промена на вера од страна на член од своето семејство.Во првиот дел од истражувањето видовме дека се поделени мислењата кај анкетираните муслимани, кога станува збор за промена на вера на член од семејството.Но во нашиот случај анкетираните муслимани во голем дел не се согласуваат дека треба да се промени верата.

Придонесот на ИВЗ  за градење на клима на разбирање и толеранција помегу граѓаните во Република Македонија, како и читање на Куранот е со позитивно мислење од страна на анкетираните муслимани. Постои ниско влијаниепоради тоа што сите муслимани не ја практикуваат верата, односно не се практиканти, и не  го читаат Куранот редовно, но тоа не треба да значи дека не веруваат во ИВЗ дека шири позитивна толеранција помеѓу граѓаните во Република Македонија. Анкетираните муслимани во голем дел ја практикуваат верата (практиканти) и имаат позитивно мислење дека ИВЗ шири толеранција помеѓу сите граѓани. Почитување на другите вери е израз и почитување на своја вера е во позитивно влијание  со редовно читање на Куранот.

Колку повеќе се чита Куранот, толку е позитивно мислењето дека, почитувањето на својата вера е израз и почитување на други вери. Поради тоа ќенапоменеме дека, со редовно читање на Куранот и немора да значи дека сите муслимани  ќе ги почитуваат и другите вери. Исто така и религиозните муслимани кои не се верници односно (практиканти) иако не практикуваат редовно читање на Куранот, ја почитуваат својата вера но, ги почитуваат и другите вери. И тука влијаат надворешни фактори врз поттикот да се почитува својата и другите вери и религии, а тоа се семејни, економски, политички, социјални и други фактори.

Врз основа на добиените резултати можеме да констатираме дека, анкетираните муслимани се религиозни, ја познаваат својата религија, ја почитуваат религијата и ги почитуваат и другите религии. Иако се религиозни, тоа не мора да значи дека ја практикуваат религијата, со тоа што секојдневно

ги обавуваат религиските обреди. Мора да го земеме предвид фактот дека популацијата која беше дел од истражувањето, во најголем дел е работоактивно население.Тоа значи дека, секогаш не се во можност да ги обавуваат религиозните обреди. Додека повозрасните кои се религиозни и кои не се во работен однос, се повеќе практиканти кои секојдневно ги обавуваат религиозните обреди. Поради овој факт, споменуваме религиозни муслимани и практиканти кои ја практикуваат верата. Исламската Верска Заедница во поголем дел има влијание врз религиската толеранција кај анкетираните муслимани, но, освен заедницата, врз нивната религиозност и толеранција влијаат семејството, образованието, културата, средината во која живеат, верската литература и др.

ИВЗ апелира на уживање на сите религии, но не се согласува за градење на џамија на јавни места.ИВЗ влијае на учењето на сите религии во Република Македонија но со градењето на џамии на јавни места не се согласува, и поради тоа, нивната врска е многу мала. Врската и поврзаноста помеѓу учењето на ИВЗ дека сите други религии се погрешни, и градењето на џамии на јавни места е многу ниска, и помеѓу нив има многу мала поврзаност. ИВЗ и позитивниот однос за мешани бракови на муслиманското население е во многу ниска поврзаност. Со фактот дека треба да се градат џамии на јавни места. ИВЗ апелира на уживање на сите религии и е во позитивна насока и дека колку повеќе се дискутира  за религиски прашања. толку повеќе се запознаваат меѓусебе народите од разни религии.

Постои позитивна релација помеѓу фактот дека, ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата, и дека, религиската дискусија, е фактор кој е многу важен за подобро запознавање меѓу народите. ИВЗ влијае на сите религии во Република Македонија и е поврзана со апелирање на религиски дискусии, за подобро да се запознаат народите меѓусебе. Констатацијата дека ИВЗ учи дека сите религии се грешни, е во негативна корелација со фактот дека треба да се дискутира за религиски прашања, за да се стекне доверба и запознавање помеѓу народите. Исто така, ИВЗ нема ништо против мешаните бракови. Почитувањето на другите вери е основ за почитување на својата вера, е во висока поврзаност со апелирањето од страна на ИВЗ. за уживање на сите религии, таа е заштитник на идентитетот на државата и влијае позитивно на учењето на сите религии.

ИВЗ апелира на уживање на сите религии и кај семејства чии членови ја промениле верата. Исто така,ИВЗ влијае на учењето на сите религии без обзир дека некој член од семејство ја променил својата вера. Тука се потврдува и фактот дека ИВЗ нема ништо против мешаните бракови кај муслиманското население и е во ниска поврзаност  и мало влијание кај членови кои ја промениле верата.ИВЗ и понатаму апелира на религиска толеранција без обзир на тоа дали некој ја сменил верата или не.

ИВЗ апелира и на човечноста која укажува дека, е побитна од религиската припадност. ИВЗ е во корелација и влијание со фактот дека човечноста е поважна од религиската припадност. Уште еднаш се докажува дека Исламската Верска Заедница апелира на човековите вредности, на толеранција, мир благосостојба и соживот на сите граѓани во Република Македонија без разлика од која религија и национална припадност припаѓа.И тука можеме да ја потврдиме хипотезата дека Исламската Верска Заедница гради соживот, мир, благосостојба кај муслиманското население и има улога и влијание врз религиската толеранција.

Констатацијата дека семејството е најважен фактор кој влијае врз религиската толеранција, ја подржува и ИВЗ, која се согласува дека семејството е примарна група и правилното семејно воспитување е одраз за правилен развој и определба на секој човек.

Колку повеќе постои комуникација, меѓу народите со различна религија, толку повеќе ќе постои меѓусебна толеранција, разбирање и подобро запознавање помеѓу нив. Тоа е и целта на Исламската Верска Заедница, се повеќе да се воспостави меѓусебно разбирање и комуникација кај народите.

ИВЗ го зачувува верскиот идентитет, а со тоа има влијание во делот на запознавање и толеранција помеѓу народите. ИВЗ гради клима на сигурност и толеранција и позитивно колерира со констатацијата на меѓусебен дијалог и запознавање на народите од различна религија.

ИВЗ дава чувство на толеранција и е во позитивна корелација и влијание со фактот дека почитувањето на другите вери е основ за почитување на својата вера. Исто така ИВЗ го зачувува својот идентитет, и е во позитивно влијание дека треба да се почитува својата и другите вери. Почитувањето на својата вера е основ на почитување на другите вери, но оваа констатација е во негативна корелација и влијание со фактот дека ИВЗ брани носење на

религиски симболи на јавни места. Носењето на симболи на јавни места е право на секој граѓанин, и ИВЗ нема никакво влијание дека, ако се носат религиски симболи на јавни места, дека нема да се почитува својата односно другите религии, и дека тоа ќе го наруши мирот и толеранцијата помеѓу граѓаните.

ИВЗ не влијае на определбата на муслиманите во промената на својата вера. Исто така ИВЗ не го забранува учењето на другите религии и е во многу мала корелација и поврзаност со промената на верата на член од семејство со муслиманска вероисповест.Иако постои промена на вера на член од некое семејство со муслиманска вероисповест, ИВЗ дава чувство на сигурност и толеранција кај сите граѓани. ИВЗ го зачувува верскиот идентитет, и е во корелација и влијание со фактот дека некој член од семејство може да ја промени својата вера. Тоа е лична определба на секој човек.Констатацијата дека човечноста е поважна од религиската припадност, е во многу мала поврзаност со фактот дека, ИВЗ забранува учење на другите религии. Со ова констатација, голем дел од муслиманското население не се согласува бидејки ИВЗ апелира на учење и воспоставување на комуникација и дијалог со припадници на другите религии.

ИВЗ дава чувство на толеранција, и високо ја подржува констатацијата дека човечноста е пред се најбитен фактор, и најсилна вредност кај секој човек.Тврдењето дека ИВЗ брани носење на религиски симболи на јавни места е во ниска корелација со фактот дека човечноста е поважна од религиската припадност, бидејки носењето на религиски симболи на јавни места не ја нарушува човечноста на еден човек, освен во одредени ситуации ако тоа е со одредена намера со негативен предзнак. Семејството како најважна примарна група е еден од најважните фактори кои влијаат врз религиската толеранција. Тоа е во многу мала поврзаност со фактот дека ИВЗ забранува учење на другите религии. ИВЗ дава чувство на сигурност, но во семејството како најважен фактор за религиска толеранција, се раѓа чувството за припадност на религијата, и се утврдува религијата како една од основните човекови вредности кон кои треба да се чуваат. Утврдивме дека проверувањето на степенот и опсегот на религиозноста на основа на познавање на својата вера, не е пресуден фактор. Пред се немора некој да ја познава теолошката доктрина на верата, за да верува во Бога, како и можноста да поединецот да ја

познава добро теолошката доктрина, а да не е религиозен. Но, тргнуваме од констатацијата дека, индикаторите на самооценување и познавање на верата се релевантни за оценка на религиската ситуација на подрачје на Република Македонија.

Од досега приложената анализа од анкетата и добиените резултати можеме да ги дадеме следните заклучоци:

- од анализата на добиените емпириски податоци можеме да заклучиме дека на основ на индикаторот за познавање на сопствената религија и самоидентификацијата на религиозноста кај муслиманите, голем дел од муслиманското население религијата им е поткренувачка сила во животот, и е на висок степен, што покажува дека, голем дел од муслиманите се религиозни и ја практикуваат верата, а тоа го утврдивме со анализата од првиот и вториот дел од анкетниот прашалник каде видовме дека муслиманите се во голем дел религиозни и ја познаваат својата религија;

- исто така заклучуваме дека ИВЗ, ја потикнува и шири позитивната религиска толеранција, гради клима на сигурност и толеранција, но семејството е најбитен фактор каде, човекот учи што е религија, чувство на припадност на една религија и почитување и толеранција кон својата и другите религии;

- мирот и благосостојбата во општеството зависи од тоа, колку сме толерантни едни со други, колку ги почитуваме верските вредности и погледи кај личностите кои се со друга религија;

- од добиените резултати можеме да заклучиме дека се потврдува главната хипотеза дека Исламската Верска Заедница влијае на религиската толеранција кај муслиманите во Република Македонија. ИВЗ делува со разни принципи врз муслиманското население, се со цел да се зачува мирот, спокојот и соживотот кај сите граѓани во Република Македонија;

Постојат многу фактори кои влијаат врз подигање на религиската толеранција кај муслиманското население тоа се: социјалните фактори, образованието, семејството и медиумите. Исламската Верска Заедница е промотор и пример на религиска толеранција кај муслиманското население. Исламската Верска Заедница има влијание за религиска толеранција кај муслиманите, кои ја практикуваат верата но, и кај оние кои се религиозни но не се практиканти. Постои мала разлика помеѓу муслиманите кои ја практикуваат верата и тие кои се религиозни но, не се практиканти, во одредени сваќања.

Но, сепак постои голема религиска толеранција, а големо влијание има и Исламската Верска Заедница.

Во Република Македонија постојат тринаесет муфтиства, и една од главните задачи е да се воспостави толеранција помеѓу луѓето кои живеат на територијата. Познавањето на религијата односно применувањето на инхерентната и традиционалната пракса, нема влијание врз религиската толеранција. Муслиманите кои не ја практикуваат религијата исто така се религиски толерантни кон другите религии.

ИВЗ повеќе влијае кај оние муслимани кои редовно ја практикуваат религијата за разлика од оние кои не ги обавуваат религиските обреди. Освен Искамската верска заедница која има огромна улога врз воспоставување на толеранција кај муслиманите, огромна улога има семејството, воспитувањето, образованието, читањето на верската литература, работните обврски и др. Можеме да заклучиме дека муслиманите, многу често посетуваат верски објекти (џамии). Џамијата е местото каде се собираат муслиманите поради заедничкото молење. Покрај молитвите, тие читаат и делови од Куранот, а исто така се обавуваат и разни други собирања. Исламската Верска Заедница, нема влијание врз посетувањето на џамии кај муслиманите. Тоа е право на секој поединец, верник, кој ја почитува својата религија. Секој кој ја почитува својата религија, ги почитува и религиите на другите народи.

## ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Трудот е поделен на два дела: теоретски и емпириски дел.

Во теоретскиот дел, акцентот е ставен на поимот религија како еден од битните социолошки феномени денес во светот, настојувајки да се одреди попрецизно овој поим, во еден структуриран збир кој би бил употреблив за понатамошна ангажираност во науката.Во теоретскиот дел од докторската дисертација, е нагласено дека, религиозноста на одредено подрачје можеме да ја одредиме со користење на поголем број на индикатори.

Религиозноста кај населението, најмногу се проценува врз основа на религиската свест и на религиското однесување или пак, практикување од страна на луѓето. Религиозноста не се проценува само врз основа на неколку индикатори на религиска пракса, без да се употребат елементи на религиската свест како и обратно. Па од тука се потврдува дека, човекот може да биде религиозен, но да не ја почитува религиската пракса, а тоа значи да не ги прави религиските обреди, да не посетува џамија и сл. Од друга страна, човекот може интензивно да ја почитува религиската пракса, обичаите, одењето во џамија, ритуалите и сл, но во душата да не се осеќа ни малку религиозен.

За да се согледа нивото и опсегот на религиозност, од социолошки аспект, неопходна е комбинацијата на индикаторите на религиската свест, која се однесува на верата и на религиската пракса.

Пред се, религиската пракса е составен дел на религиозноста. Значењето на религиската пракса не е само социолошки показател на религиозност, туку, и самата религија го истакнува значењето и важноста на ортопраксијата односно вербата во Бога. Тука се споменати и функцијата на религијата и типовите на религиозност. Во светот постојат повеќе религии, но во оваа докторска дисертација, се напоменати трите најголеми светски религии а тоа се: Христијанството, Јудаизмот и Исламот. Етиката и моралното

однесување се дел од поимите, како и етиката и Исламот во кој се прикажани подетално сите столбови на Исламот.

Улогата на религијата во просецот на глобализацијата е битен социолошки феномен. Глобализацијата е навлезена многу длабоко во сите сфери на општественото живеење. Последици на глобализацијата се новите искуства во општеството, процесот на интернационализацијата и транснационализацијата.

Односот помеѓу религијата и глобализацијата наметнува многу прашања, на кои теолозите, социолозите и други, се трудат веродостојно да дадат одговор. Иако двата поима се противречни едни со други, сепак се тесно поврзани, и истите даваат анализи за нивната поврзаност. Тие процеси се однесуваат на политичкиот, економскиот, културниот и религискиот живот во секое современо општество. Исламот, глобализацијата ја гледа како предизвик на кој, Исламот може да ги даде своите одговори и така да допринесе во раѓање на плодови на корист на својата и на корист на целото човештво.Најголем акцент тука е ставен на религиската толеранција, формите на толеранција и Исламската Верска Заедницаи нејзиното влијание врз муслиманското население во Република Македонија.

Според Исламската Верска Заедница во Република Македонија, а земајки го фактот дека во неа живее население со различна религиска припадност, мора да постои дијалог.

Водењето на дијалог е најдобриот метод за разбирање меѓу луѓето со различни погледи, за било кое прашање. Преку дијалогот се согледуваат разликите, се откриваат интересите, се гради доверба меѓу страните, се сознаваат потребите на секој, се развиваат алтернативи за разрешување на спорот и доближување на ставовите, заеднички одлучуваат за решението, а со тоа, се постигнува мир, соработка помеѓу луѓето во државата.

Во теоретскиот дел е образложена и религијата и образованието како битни механизми за потикнување и почитување на својата култура, религија во заедницата во која живеат луѓето. Правото на образование како и право на верување и на вероисповест се права, кои треба да се почитуваат во секоја цивилизација во светот. Правото на верување во својата религија и на образование, се човечки права кои секое општество треба да ги почитува. Верата и веронауката се важни елементи во градењето на новата духовна

состојба во Република Македонија кај населението, и нив не треба да ги исклучуваме. Значајно е нивното учество, и голем е нивниот придонес во постигнување на толеранција помеѓу граѓаните во државата.

Во емпирискиот дел од трудот е образложено дефинирање на самото истражување, проблемот на истражувањето, задачите, и хипотезите. Главната хипотеза едека Исламската Верска Заедница влијае на религиската толеранција кај муслиманите во Република Македонија.

Квантитативниот пристап го опфати истражувањето, со спроведување на анкетен прашалник со цел, да се утврди нивото на религиозноста кај муслиманското население, познавањето на својата религија, како и влијанието на ИВЗ врз религиската толеранција кај муслиманското население во Република Македонија. Во истражувањето се опфатени 260 муслимани во Република Македонија и притоа се утврди влијанието на религиската толеранција од страна на ИВЗ.

Суштината на ова истражување е всушност, да се увиди колкава е улогата и влијанието на ИВЗ во креирање на религиска толеранција, кај населението со муслиманска вероисповест во Република Македонија. За односот кон религијата и верувањето во Бога од вкупно анкетирани муслимани се изјасниле дека се религиозни, и дека прифаќаат се што нивната вера ги учи.

Тие истакнуваат дека се религиозни и дека веруваат во Бога. За констатацијата дека Бог е носител за се што постои,целосно се сложуваат за констатцијата дека Бог е тој што е носителот на се во животот на секој поединец. Анкетираните муслимани делумно се разликуваат во одредената констатација дека човечката судбина е во Божји раце. Верувањето во Бога е потикнато најмногу од родителите и семејството, а додека верската литература, исто така има големо влијание кај муслиманското население.

Анкетираните муслимани се сложуваат дека младите луѓе треба да ги почитуваат Божјите закони на моралните норми. Исто така, ги почитуваат божјите закони за моралот.Кај муслиманите, најмногу влијае националната припадност кај партнерот додека, кај жените, најголемо влијание имарелигиското потекло. Од горенаведеното можам да констатирам дека,анкетираните муслимани веруваат во Бога, тие се религиозни и помеѓу нив постојат мали разлики што се однесуваат на дадените одговори. Анкетираните муслимани потполно се сложуваат дека Мухамед е пратеник на

Господ. Исто така се сложуваат дека треба да се прави Хаџ. Многу почесто ја посетуваат џамијата, односно тие кои не се вработени, пет пати во денот, додека муслиманите кои се вработени ја посетуваат џамијата еднаш во неделата, односно во петок.

Џамијата ја посетуваат поради молитва, и тоа го прават мажите во поголем дел за разлика од жените кои молитвата ја обавуваат дома.

Исто така редовно ги почитуваат прописите на Гусул, и ги празнуваат празниците кои верата ги пропишува и взаемно се согласуваат во почитувањето и празнувањето на празниците. Анкетираните муслимани во голем дел редовно постат во месец рамазан. Анкетираните муслимани се изјасниле дека клањаат намаз кога ке влезе време на Намазот. Тука можеме да видиме дека,анкетираните муслимани ја почитуваат религијата, и ги почитуваат празниците. Муслиманите редовно зборуваат за религиозноста во нивните семејства и се согласуваат дека, се запознаени со својата религија.

Од горе наведеното може да се заклучи дека анкетираните муслимани ја познаваат својата религија, ги негуваат своите празници, помеѓу нив нема голема разлика во делот на религиозноста, и дека семејството е битен фактор кој многу влијае врз религиозноста.

Според анкетираните муслимани ИВЗ во соработка со Македонска Православна Црква,дава чувство на сигурност и толеранција помеѓу сите граѓани на Република Македонија. Со тоа се воспоставува мир, толеранција и соживот помеѓу сите граѓани без разлика на верската припадност.

Од добиените податоци од анкетниот прашалник а на кои го дадоа своето мислење, население од муслиманска вероисповест, и се однесуваат на ИВЗ, може да се истакне дека анкетираните муслимани во најголем број се согласуваат дека ИВЗ апелира на еднакво уживање и права на сите религии во државата. Исто така во голем број се согласуваат дека ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата.

Според муслиманското население ИВЗ позитивно влијае врз учењето на сите религии во Република Македонија, и истите во најголем број не се согласуваат дека ИВЗ влијае негативно врз учењето на другите религии во државата. Исто така, анкетираните муслимани потполно се согласуваат дека ИВЗ не забранува учење на другите религии.

ИВЗ го потпомага дружењето со припадниците од иста вера, и влијае врз зачувување на верскиот идентитет.Според анкетираните муслимани од муслиманска вероисповест, ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија. Исто така, не се согласуваат дека ИВЗ забранува носење на религиски симболи на јавни места, и се согласуваат дека ИВЗ е во соработка со Македонска Православна Црквавo Република Македонија, и дава чувство на сигурност и на толеранција на сите граѓани кои живеат во Република Македонија. Со ова можеме да констатираме дека ИВЗ дава сигурност, и позитивно влијае на граѓаните од муслиманска вероисповест.

Анкетираните муслимани се согласуваат дека треба децата во училиште да го учат предметот етика  на религија, како за подобро да ја запознаат својата религија, а со тоа да ги запознаат и другите религии.Од аспект на религиската едукација, анкетираните муслимани се со позитивно мислење и став дека децата треба да се запознаваат со својата религија, да се воведе предмет етика на религии во училиштатасо што повеќе ќе имаат знаење, не само за својата религија туку, и други религии во светот.Анкетираните муслимани се согласуваат со ставот дека ИВЗ апелира на еднакво уживање и права на сите религии во државата, и дека ИВЗ позитивно влијае врз учењето на сите религии во Република Македонија.

Со тоа се потврдува хипотезата дека, Исламската Верска Заедница има влијание и улога во делот на религиска толеранција кај муслиманското население во Република Македонија.

Исто така, муслиманитевоопшто не се согласуваат дека ИВЗ забранува учење на другите религии. Тука може да се потврди и главната хипотеза дека ИВЗ позитивно влијае врз граѓаните од муслиманска вероисповест, и ја потикнува позитивната религиска толеранција помеѓу нив.

Муслиманското население потполно се согласува дека ИВЗ, го потпомага дружењето со припадници од иста вера,  и влијае врз зачувување на верскиот идентитет. ИВЗ придонесува за градење клима и разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија, и почитувањето на другите вери е израз на почитување на својата вера, а тоа гради една здрава иднина која е добра за сите граѓани во државата.

Муслиманите потполно се согласуваат дека ИВЗ во соработка со Макдонска Православна Црква – Охридска Архиепископија во Република Македонија, дава чувство на сигурност и толеранција помеѓу сите граѓани од различни вероисповести. Според анкетираните муслимани,човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност. Исто така да напоменам дека во одредените констатации кај анкетираните муслимани влијаеле и други надворешни фактори врз нивното дадено мислење а тоа се: економски, социјални фактори, политички, семејни, образовни и др.

Верување на живот после смрта и констатацијата дека ИВЗ е заштитник на идентитет на државае е во корелација. Тоа значи дека муслиманите веруваат во живот после смрта, и влијаат на мислењето дека ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата.

Од добиените резултати можеме да заклучиме дека Исламската Верска Заедница има влијание врз муслиманите и врз нивната религиска толеранција.Мешани бракови според ИВЗ значат несигурна иднина за децата. Ова значи дека постои разлика кај верницитекои мислат дека после смртта има живот, и истите позитивно влијаат во мислењето на ИВЗ дека, мешани бракови негативно влијаат врз иднината на децата. Редовното посетување во џамија и придонесот на ИВЗ за градење на клима на разбирање и толеранција помеѓу граѓаните во Република Македонија има негативна корелација со среден интензитет на движење. Исто така и тука може да се констатира дека,муслиманите верници редовно посетуваат џамија, и истите имаат позитивно мислење дека ИВЗ гради позитивна клима и толеранција помеѓу граѓаните во Република Македонија. За градење на толеранција и позитивна клима,влијаат и други фактори и тоа: економски, социјални, семејни, културни, образовни, демографски и др.

Целта на докторската дисертација, е да се потикнат соодветни програми за религиска толеранција и соживот на сите граѓани во Република Македонија, посебно кај младата популација од муслиманска вероисповест.

ИВЗ е промотор и пример на религиска толеранција кај муслиманската популација. Предуслов за понизок степен на религиска толеранција се економските фактори, социјалните, политичките, семејните фактори и др.Средината во која живее муслиманското население исто така, влијае многу

на степенот на толеранција кај муслиманското население.Нивото на образование е важен фактор кој влијае врз толеранцијата кај населението.

Од дадената анализа може да констатираме дека, муслиманите во голем дел се религиозни верници, ја познаваат својата религија и Исламската Верска Заедница има удел и влијание врз толеранцијата.Констатацијата дека почитувањето на другите вери е основ за почитување на својата вера, е во висока и позитивна корелација со констатацијата дека ИВЗ апелира на уживање на сите религии, таа е заштитник на идентитетот на државата и истата влијае позитивно на учењето на сите религии.

ИВЗ повеќе укажува дека треба да се почитува својата вера, а тоа е главна основа да се почитуваат и другите вери, а не дека се сите други религии погрешни.

Религиската толеранција е на многу високо ниво од страна на Исламската Верска Заедница во Република Македонија.

Нејзината цел е да шири соработка, мир, задоволство од страна на сите граѓани со различна вероисповест.Според анкетираните муслимани човечноста е најголемата вредност кај еден човек. Воспитувањето кое го добива од своето семејство, од училиштето, од образованието, религијата го создаваат во човек со позитивни вредности, и целосно го даваат своето мислење дека човечноста на една личност е поважна од неговата религиска припадност. Семејството како примарна заедница, има најголемо влијание врз верската толеранција кај анкетираните муслимани. Исто така, нивото на комуникација и образованието се фактори кои имаат удел во креирање на толеранцијата помеѓу граѓаните на Република Македонија.

Од дадените податоци кои се однесуваат во делот на верската толеранција,анкетираните муслимани воопшто не се согласуваат дека треба да се гради џамија врз јавните површини. Дискусиите и комуникациите кои се однесуваат во делот на религиските прашања се одлична основа за подобро меѓусебно запознавање помеѓу другите народи и другите религии. ИВЗ придонесува за градење на клима на разбирање и толеранција помеѓу сите граѓани во Република Македонија. Во најголем број, анкетираните од муслиманска вероисповест не сакаат промена на верата на член од своето семејство, и потполно се согласуваат дека човечноста на една личност е многу поважна од неговата религиска припадност. Семејното воспитување,

образованието, и нивото на комуникација помеѓу луѓето,се фактори кои влијаат најмногу врз верската толеранција.

Личниот однос спрема религијатакај муслиманите, и апелирањето од страна на ИВЗ за уживање и права на сите религии во државата, високо колерира, односно, поврзаност и влијание постои помеѓу личниот однос кон религијата од страна на муслиманите и почитувањето на својата религија и почитување на сите други религии од страна на муслиманите. Личниот однос кон религиозноста од страна на анкетираните муслимани, е во позитивна корелација и поврзаност со констатацијата дека ИВЗ е заштитник на идентитетот на државата. Колку е повисока религиозноста кај муслиманското население, толку е високо и мислењето дека ИВЗ, е заштитник на идентитетот на државата.

Религиозноста кај анкетираните муслимани, и влијанието на ИВЗ врз учењето на сите други религии, е поврзано бидејки, муслиманите ја почитуваат својата религија, а воедно и другите религии, а за тоа допринесува не само Исламската Верска Заедница, туку и семејството како битен фактор, образованието, социјалните фактори и сл.

